Преспа во Пламен и Чад

Коста Мундушев

Преспа во Пламен и Чад

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2017 by Kosta Mundushev & Risto Stefov

e-book edition

****

March 28, 2017

****

СОДРЖИНА

МЕСТО ПРЕДГОВОР 6
Мала Преспа: поделбата, I св. војна и иселувањето 12
ПРЕСПА ПО ПОДЕЛБАТА.....13
ПРВАТА БАЛКАНСКА ВОЈНА И ПОДЕЛБА НА МАКЕДОНИЈА 13
ПРВА СВЕТСКА ВОЈНА.....15
ГРЧКО-ТУРСКА ВОЈНА 1919-1922 ГОДИНА, РАЗМЕНА НА МАЛЦИНСТВА НА ДВЕТЕ ЗАВОЈУВАНИ СТРАНИ.....18
ЗАСИЛЕНА АСИМИЛАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ 19
БРЗ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО МАЛА ПРЕСПА И ГОЛЕМ ОТПОР НА НАСЕЛЕНИЕТО ПРОТИВ АСИМИЛАЦИЈАТА .23
ВО ГРЦИЈА СЕ ПРОГЛАСУВА ДИКТАТУРА 25
ИТАЛИЈАНСКАТА ОКУПАЦИЈА НА АЛБАНИЈА ТЕШКО ЈА ПОГОДУВА ПРЕСПА.....30
МАЛА ПРЕСПА ВО ДЕНОВИТЕ НА II СВЕТСКА ВОЈНА 31
ИТАЛИЈА И ОБЈАВУВА ВОЈНА НА ГРЦИЈА 31
ГРЦИЈА ПОД ОКУПАЦИЈА НА ГЕРМАНИЈА.....39
МАКЕДОНЦИТЕ СЕГА УШТЕ ПОВЕКЕ ЈА ПОДИГНУВААТ СЛОБОДАРСКАТА СВЕСТ 39
МАЛА ПРЕСПА ПОД ИТАЛИЈАНСКА ОКУПАЦИЈА 42
ФОРМИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКИ ПАРТИЗАНСКИ ГРУПИ И ОДРЕДИ.....45
БУГАРИТЕ И НИВНИТЕ ЗЛОСТОРСТВА ВО ПРЕСПА 50
МАКЕДОНСКО-КОСОВСКАТА БРИГАДА ПО ВТОРПАТ ПРЕСТОЈУВА ВО МАЛА ПРЕСПА.....52
МАЛА ПРЕСПА ЈА НАПАЃААТ БАЛИСТИТЕ ОД АЛБАНИЈА.....52
ФОРМИРАЊЕ НА ПОГОЛЕМИ МАКЕДОНСКИ ОДРЕДИ ...53
ВО С. ГЕРМАН СЕ СПРЕМА КУРС ЗА МАКЕДОНСКИ УЧИТЕЛИ.....53
ГРЧКОТО РАКОВОДСТВО НА ОТПОРОТ ГО ЛИКВИДИРА МАКЕДОНСКОТО ПАРТИЗАНСКО ДВИЖЕЊЕ.....54
ДОГОВОРОТ НА ВАРКИЗА, ПОРАЗ НА ДВИЖЕЊЕТО ВО ГРЦИЈА 54
ГРАЃАНСКАТА БОЈНА ВО МАЛА ПРЕСПА ДОАЃА МОНАРХОФАШИСТИЧКА ВОЈСКА, СПРОВЕДУВА ГОЛЕМ ТЕРОР СО АПСЕЊЕ И УБИВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО 54

СО ПОЈАВАТА НА ВООРУЖЕНИ МАКЕДОНСКИ ГРУПИ ТЕРОРОТ СЕ ЗАСИЛУВА 59
КОМИСИЈА НА ОН ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА ВО ГРЦИЈА 61
МАЛА ПРЕСПА СЛОБОДНА ТЕРИТОРИЈА НА ПАРТИЗАНИТЕ 65
МОБИЛИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ЗА РЕДОВИТЕ НА ДАГ И ДРУГИ ПОМОШНИ РАБОТИ 65
ФОРМИРАЊЕ НА ПАРТИЗАНСКА ПРИВРЕМЕНА ВЛАДА 67
МОНАРХОФАШИСТИЧКИ АВИОНИ ГО БОМБАРДИРААТ УЧИЛИШТЕТО СО МАКЕДОНСКА НАСТАВА ВО С. ГЕРМАН 68
ВЛАДИНАТА ВОЈСКА ЈА НАПАЃА ДАГ НА ГРАМОС 71
ИНФОРМБИРОВСКА РЕЗОЛУЦИЈА ПРОТИВ ЈУГОСЛАВИЈА. ИЗГРАДБА НА ОДБРАНБЕНА ЛИНИЈА НА БЕЛА ВОДА 72
МОБИЛИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ ЗА РЕДОВИТЕ НА ДАГ 74
ЕДИНИЦИТЕ НА ДАГ НАПАЃААТ НА ЛЕРИН 75
ВОЕНИОТ СУД НА ДАГ ВО С. ГЕРМАН ИМ ИЗРЕКУВА СМРТНИ КАЗНИ НА ЛУЃЕ КОИ САКАА ДА ПРЕБЕГААТ ВО ЈУГОСЛАВИЈА 77
ФОРМИРАЊЕ НА КОМУНИСТИЧКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (КОЕМ) И СПРОВЕДУВАЊЕ ШИРОКА КЛЕВЕТНИЧКА АКЦИЈА ПРОТИВ ЈУГОСЛАВИЈА ОД СТРАНА НА КПГ 78
МОНАРХОФАШИСТИЧКИ ЕДИНИЦИ ЈА НАПАЃААТ ДАГ НА ВИЧО ПЛАНИНА. ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ДАГ И НАСЕЛЕНИЕТО СПРЕМА АЛБАНИЈА 80
ВО АЛБАНИЈА 89
ИСЕЛУВАЊЕ 95
ПАТУВАЊЕ СО БРОД ВО НР ПОЛСКА 95
НА ПОЛСКАТА ЗЕМЈА 97
ПРЕСПА ВО ПЛАМЕН 105
Преспа во легендите и под ропство 108
ЛЕГЕНДИ 109
КАКО ПРЕСПА ГО ДОБИЛА СВОЕТО ИМЕ 109
ПРЕСПА СЕ ВИКАЛА РЕКА 113
СПОМЕНИ ОД ЦАРОТ САМУИЛ ВО ПРЕСПА 119
МАЛА ПРЕСПА ПОД ТУРСКО РОПСТВО 125

- Записи – 125
Записи од Мала Преспа 143
ДАФИНА 144
ДИНКА.....175
ЗА АФТОРОТ.....195
СЕГАШНОСТ И ИДНИНА ВО СТОПАНСКИОТ РАСТЕЖ НА ПРЕСПА.....196
ПРЕСПАТЕКС 196
АГРОПЛОД.....197
ИПОЗ “ПРЕСПА” 199
ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА 201
КРАТЕНКИ.....203

МЕСТО ПРЕДГОВОР

Делото “Преспа во пламен и чад” е труд на повеќегодишни напори и желби да се напише нешто со што на еден начин ќе претставува монографски приказ на оној дел од Преспа, јужниот, што инаку е познат и како Долна Преспа, и од кој сега поголемиот дел се наоѓа во составот на Грција. Авторот на ова дело, Коста Мундушев е роден во овој дел на Преспа, во село Роби. Неговата неискажана љубов кон родниот крај е она што му даваше енергија да се зафати со пишување на една куса историја за Долна Преспа која инаку по својата природна, географска и етничка основа претставува составен дел на котлината Преспа.

Покрај љубовта кон родниот крај, Коста Мундушев во себе и со себе ја носеше желбата да каже нешто за макотрпната историја на тој дел на Преспа, за борбите и страдањата на македонското население од овој крај против оние кои многу векови наназад го држеле потиснат македонскиот народ, против другите потисници што доаѓале и се менувале, за неисполнетата желба на ова население како составен дел на македонскиот народ да се живее во вистинска слобода; за многуте сопинања и страдања што му беа наметнувани на тој човек, за надежите и горките разочарувања...

Коста Мундушев пишува само за еден дел на Преспа, јужниот. Но, Преспа не може да се гледа распарчена, туку како една целост. Токму затоа, овде сакаме на читателот, што сака да се запознае со еден дел од историјата на едно парче македонска земја, да му дадеме и мали – основни податоци за цела Преспа, за нејзините легенди и нејзината стварност.

Котлината Преспа е поделена на Горна и Долна Преспа. Денес Горна Преспа и еден мал дел од Долна Преспа, со поголемиот дел на Преспанското Езеро, и припаѓаат на општината Ресен, составен дел на СР Македонија, односно пошироко на СФРЈ. Долна Преспа со помал дел од Преспанското Езеро, и Малото Езеро, влегуваат во составот на Грција и Албанија. Оваа трагична положба резултира од распарчувањето и делбата на

Македонија што беше извршена по Балканските војни и Првата светска војна.

Од исток, север и запад Преспа е заградена со планинските масиви на Баба со врвот Пелистер, Бигла со Црни и Головрв и огранките на планината Галичица. Јужниот дел на Преспа го зафаќа Преспанското Езеро, наречено уште и Големо Езеро, и Малото Езеро.

Делот околу Ресен, заедно со рамнината околу селата Царев Двор, Дрмени и Бела Црква е најплодниот дел од оваа котлина.

Преспа е крај каде и од селата и од градот Ресен почнало многу рано да се оди на печалба. Во XIX и почетокот на XX век Преспани како печалбари можеле да се најдат на работа во прекуокеанските земји на Америка и Австралија, како и во некои долови од Србија, Бугарија, Романија, Турција (Цариград), Франција и други места.

Во близината на Ресен, кај месноста Макази, се вкрстуваат западномакедонскиот со јужномакедонскиот и епирскиот пат, кои до Балканските војни биле многу употребувани карвански патишта. Сега, по нивните траси, покрај самото Езеро, се протегаат убави асфалтни патишта, попатно, поврзувајќи ги околните села и туристичките населби – Асамати, Претор и Крани од источната и Сирхан, Отешево, Царина и Стење – од западната страна.

Низ Преспанската Котлина се наоѓаат остатоци на античкиот пат Виа Игнациа, изграден за време на римското владеење.

Во седмиот век, при конечното населување на јужнословенските племиња во Македонија, во Преспа се населиле припадници од племенскиот сојуз на Брсјаците. Со словенизирањето на делови од староседелците, населението во Преспа во основа претставувало компактна македонска словенска маса.

Дури за време на турското – османлиското ропство, во Преспата, во градот Ресен и плодородните села јужно од него,

се доселило турско население. Во XVIII век турските феудалци, од албанско потекло, почнале да населуваат и албанско население.

Ресен, како градска населба прераснал кон почетокот на XIX век.

Во Самуилово време се споменува, покрај Преспанското Езеро, градот Преспа, престолнина на средновековната македонска држава. Во X и XI век, во времето на владеењето на Самуила, Гаврил Радомир и Јован Владислав, првата престолнина на првата македонска држава била во градот Преспа. Овој град бил седиште и на највисокиот црковен великодостоинственик во Самуиловото царство – архиепископот на Автокефалната македонска црква, чие седиште подоцна станува Охрид.

Во Долна Преспа е пронајден еден од најстарите пишувани споменици на словенски јазик, надгробната плоча на Самуиловите родители, поставена во 993 година. Преспа обилува и со други средновековни културно-историски споменици. Така, кај селото Курбиново, се наоѓа црквата, чија градба потекнува од 1191 година, Сливничкиот манастир итн.

Преспа спаѓа во оној дел од Македонија каде рано се појавил отпорот против османлиското ропство и феудалната експлоатација. Меѓу основачите на ТМОРО се наоѓал и ресенчанецот д-р Христо Татарчев, нејзин прв претседател. Ресенско спаѓало во редот на најподготвените реони за Илинденското востание каде дејствувал познатиот околиски војвода Славејко Арсов. Во многу делови на Преспа имало помали или поголеми борби и судрувања меѓу востаниците и трускиот аскер. При задушувањето на востанието башибозукот и аскерот сурово се пресметале со народот вршејќи колежи и масовни насилства во збеговите. Многу села биле изгорени, а населението оставено без покрив над главата. Меѓу двете светски војни главно занимање на населението во сега веќе распарчената Преспа било земјоделството и сточарството, а еден дел Преспани продолжиле да ја бараат среќата во печалба. Во Горна Преспа почнале да се јавуваат и никулците на работничкото движење, посебно од 1920 г., кога на изборите во

доста села народот во своето огромно мнозинство гласал во црвената кутија, т.е. за кандидатите на КПЈ. Повеќемина Преспани, како доброволци, на повик на КПЈ, зеле учество во Шпанската граѓанска војна во борбите против Франковиот фашизам.

Партиски и скоевски организации во Преспа се среќаваат уште во 1936, а посебно по 1938 година. Меѓу најзаслужните за ширењето на прогресивните идеи спаѓа поетот и студент Мите Богоевски.

За време на фашистичката окупација Преспа доживеа ново распарчување. Северниот дел со градот Ресен бил ставен под бугарска, а делот јужно од Ресен под италијанска фашистичка окупација и приклучен кон таканаречената Голема Албанија, во која на италијанскиот окупатор му помагале и албанските фашистички служби.

Уште во 1941 година комунистите во Преспа ги започнале подготовките, а потоа и борбата против фашистичките окупатори. Пролетта 1942 година во Преспа беа формирани првите партизански групи. На 6 јули 1942 бил формиран Битолско-преспанскиот партизански одред "Даме Груев". Паралелно со борбата се формирале и органи на народната власт.

На 2 август 1943 година во преспанското село Отешево се одржа познатото Преспанско советување, на кое присуствувале членови на ЦК КПМ и на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, чии одлуки имале огромно значење за натамошниот разгор на востанието во Македонија.

Голем број Преспани беа директни припадници на повеќе единици на НОВ на Македонија. Ресен и Преспа своето ослободување го дочекаа на 11 септември 1944 година.

Од горниот дел на Преспа во единиците на НОВ и партизанските одреди имаше 1902 Преспани-борци. Од нив, носители на "Партизанска споменица 1941" се 29. Поетот Мите Богоевски, организатор на востанието во Преспа, е нејзин

народен херој. Во борбата за слободата на татковината животите ги дадоа 128 Преспани. Во македонската историја, како истакнати партизански команданти и раководители што потекнуваат од Преспа, вечно ќе останат запишани – Науме Веслиевски – Овчарот, Мите Трповски – Војводата, Цветко Узуновски – Абас и мнозина други.

Во изминативе 44 години слободен живот, градот Ресен и Општината доживеаја невиден прогрес во својата историја и тоа во сите сфери на општествениот, стопанскиот и културниот живот. Бурниот напредок особено последниве дваесетина години многу го изменија ликот на Преспа. Така, постарите печалбари – Преспани што доаѓаат во родниот крај просто не можат да го препознаат – а за напредокот се искажуваат со солзи-радосници и топли пофални зборови.

Наспроти ваквиот животен пат и растеж на Горна Преспа, нејзиниот јужен дел остана откинат од својата матица, под туѓа власт, во составот на Грција и Албанија. И овој дел на Преспа, заедно со останатото македонско население од Егејскиот дел на Македонија, зеде мошне активно учество во Антифашистичката војна. Македонскиот историчар и публицист д-р Ристо Кирјазовски, наведува податоци дека “повеќе од 25.000 Македонци се бореа во редовите на активниот и резервниот ЕЛАС, а повеќе од 14.000 борци во ДАГ, околу 6.000 во нејзините помошни служби, што претставува повеќе од една третина од вкупните борбени сили на ДАГ. Исто така, од околу 58.000 жртви на Граѓанската војна, 25.000 беа Македонци. Доколку се има предвид соодносот на вкупното македонско и грчко население тогаш може лесно да се сфати какво беше искуството и придонесот на Македонците во заедничката борба, а во тој дел и на Македонците – Преспани од Долна Преспа. Меѓутоа, македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија не успеа во своите стремежи за национално и социјално ослободување.

Книгата на Коста Мундушев, на своевиден начин, ги опишува борбите, стремежите и страдањата на Македонците – Преспани од Долна Преспа, сега во Грција.

Сакајќи ова видување на авторот, кое, на своевиден начин претставува прилог кон историјата за цела Преспа, да стане достапно за читање и запознавање од сите Преспани – од цела Преспа, во земјата и надвор, Општински от одбор на СЗБ од НОВ Ресен се потруди и вложи посебни напори за печатење на овој труд.

Секако дека ниту авторот, ниту издавачот со него не претендираат дека е се искажано за историјата на Долна Преспа. Впрочем, тој затоа и го носи насловот "Преспа во пламен и чад". Тоа значи дека е тоа едно кажување, едно видување, низ сопствените доживувања на авторот и неговата генерација, но не и се. За историјата на Преспа и на Македонија се кажува и има можност да се каже уште многу повеќе. Ова нека биде така и сфатено.

Издавачот и Редакцискиот одбор и низ овие пишувани зборови ја користат можноста да им ја искажат јавната благодарност на сите оние што помогнаа да се отпечати овој труд. Тоа се: Републичката заедница за научноистражувачка дејност Скопје, Републичката заедница за култура, Македонија-Табак – Скопје, и стопанските организации на општината Ресен.

Ѓорѓи Танковски и Трајко Огненовски

Мала Преспа: поделбата, I св. војна и иселувањето

ПРВАТА БАЛКАНСКА ВОЈНА И ПОДЕЛБА НА МАКЕДОНИЈА

Првата балканска војна се приближуваше кон својот крај. Српската војска се наоѓаше во Битола, грчката пред Лерин, и на 27 октомври 1912 година српски топовски гранати експлодираа над Ѓавато, еден од главните премини за отстапување на турскиот аскер од Битола кон Албанија. Тој од Битола се повлекуваше.

По патот за Наколец и Роби, како и по песочниот пат спрема двете езера за Перово Кула и Албанија, се наполни со турски аскери. Како патот на преминот Ѓавато српските војници веќе го заседоа, Турците беа присилени да се повлекуваат преку премините Брајчино и Герман, и во месноста Мочарта над Герман, српски војници се судрија со турските аскери. Во овој судир загинаа двајца српски војници, чии гробови беа сочувани, едниот се викал Стефан Доброволецот.

Турскиот аскер ја напушти Битола и Ресен, и за време на повлекувањето на населението од Преспа му нанесе големи зулуми. Со себе собираше волови, овци и се друго што ќе му паднеше прирака. Вршел пљачки и насилства.

На 28 октомври во Лерин влезе една чета на грчката војска, а на другиот ден во Лерин пристигна и српска војска.

На 19 октомври, српската војска ја имаше заземено цела Преспа и се запре на ридот Калуѓерица и на Превал на самиот влез за Преспа, над селата Оровник, Рудари и Попли. По неколку дена на оваа линија пристигна и грчка војска. А со тоа всушност беше запечатена судбината на македонското население од овој крај, кое и до денеска остана под туѓо ропство.

Трите балкански земји го ослободија Балканот од Турција и Македонија ја поделија на три дела, а подоцна и на четири. Во првите месеци на Првата балканска војна, М. Преспа остана под

српска управа и привремената граница со Грците беше на Превал, на самиот влез во Мала Преспа.

Турците, за неколкувековното владеење на Балканот и во Преспа зад нив имаа оставено големи сенки и траги на злодела со голем број жртви, насила грабнати девојки и одземени имоти од македонското население. Она малу муслиманско, претежно шиптарско население, кое сега по отстапувањето на турскиот аскер остана во некои од селата на Преспа беше исплашено, и сметаше дека Македонците земената од нив крв ќе бараат да си ја земат назад. До такви пресметки не дојде поради високата свест на месното македонско население.

Есента 1913 година границата со Југославија се пренесе на Маркова Нога. Српската војска се повлече од осумнаесетте села кои сега се наоѓаа под грчка управа и и ги отстапи на Грција, и во овој дел на Преспа дојде грчка војска. Преспа, мал дел на Македонија, се подели да два дела. Еден дел и припадна на Југославија, а другиот со 32 села и припаднаа на Грција, од кој подоцна, во 1923 година, 14 села кои се наоѓаат на Југозападна Преспа се приклучија кон Албанија. Тоа се селата: Глобочани со 320 жители, Горна Горица со 136 жители, Долна Горица со 210 жители, Туминец, Церје, Стење, Шулин со 70 жители, Пустец со 463 жители, Леска со 103 жители, Зрноско со 100 жители, Конско, Ракицко, Заградец и Шуец. Овие села влегуваа во составот на околијата Лерин.

По поделбата на Преспа, од која еден дел и припадна на Грција, се прекинаа врските со селата Сливница, Арвати, Крани, Штрбово, Брајчино, Љубојно, Наколец и Долно Дупени, кои заедно со останатите села од М. Преспа административно уште од поодамна, од времето на турското владеење, потпаѓаа под селото Герман, и не само тоа, туку овие села беа родбински поврзани и носеа иста носија.

Осумнаесетте села кои се приклучени кон Грција, тоа беше и продолжение на маките кои се редеа едни за други се до големата катастрофа во август 1949 година, кога ова население беше присилено масовно да го напушти својот крај.

Секојдневниот притисок и терор кој Грците го вршеа над Македонците во М. Преспа продолжи.

Новите завојувачи, Грците, се запреа на Маркова Нога, и преминот во другиот дел од Преспа го забранија. Пристапот на населението на 2 км од граничната линија беше забранет. Грчките владејачки кругови знаеја дека во новоосвоената територија од Македонија, населението кое живее во неа е македонско. Знаеја дека од другата страна од границата луѓето се исти како и овие во новоосвоената територија, дека и овие и тие преку граница се Македонци, и меѓусебно се родбински поврзани. Тие не беа сигурни дека оваа територија засекогаш ќе биде нивна. И поради сигурност почнаа со планирано асимилирање на населението. Од кога ги пресекоа врските со населението од другата страна на границата, спроведоа широка акција за протерување на месното население во Бугарија и Србија, ама во тоа немаа успех. Сосема мал и воопшто незначителен беше бројот на иселените. Во продолжение, во црквите го забранија пеењето на словенски и воведоа грчки јазик. На дотогашните Македонци свештеници им рекоа дека можат да бидат само грчки свештеници, во спротивно не ќе можат да бидат свештеници, ќе треба да се иселат. По селата поставија свои учители, кои отпочнаа со настава на грчки јазик. Иконите во црквите и манастирите кои беа словенски ги отстранија и ги заменија со грчки, и исто така и фреските сликани на ѕидовите со словенско писмо ги малтерисаа, а гробовите ги изгребаа.

ПРВА СВЕТСКА ВОЈНА

Во Првата светска војна, 1914-1919 год., Преспа стана боиште каде противничките војски си ги одмеруваа силите. Во Преспа се отвори голем фронт. Бугарско-германската војска стигна кај сегашната југословенско-грчка граница на Маркова Нога и зазеде положај од тумбата Горица, ридовите Св. Илија и Сливје над Роби и Герман, до планината Балтан. Тука тие ископаа ровови и направија јака одбранбена линија. Сојузничките војски во состав од Французи, Срби, Руси, а подоцна и Грци, дојде во Преспа и зазеде положај на тумбата Печкоец и ридот Леската над Медово, Роби и Герман. Овие три села останаа во

неутрална зона, каде и едните и другите вршеа напади, се водеа борби. Со доаѓањето на бугарската и германската војска, грчките пограничари се повлекоа од М. Преспа. Со нив се повлекоа и учителите и целата грчка администрација. Во црквите пак се пееше на славјански јазик. Бугарските војници, штом пристигнаа во Преспа, почнаа присилно да собираат овци, кози, како и голем дел од говедата. На манастирот "Св. Јован Преспански" на тумбата Горица до Роби, на ѕидот на влезната врата, по кажување од постари селани од Роби, беше сосидана надгробната плоча на царот Самуил. Оваа плоча со векови беше чувана во олтарот на црквата "Пречиста" во Роби. Селаните од Роби во 1870 година, со обновата на овој манастир, ја сосидаа плочата, која за преспанското население била вистинска легенда. Таму на денот на Св. Јован, на панаѓурот, се собирал народ од селата, луѓето плочата имале можност да ја видат. Бугарските војници, кои се задржаа на тумбата, ја видоа плочата, ја откорнаа од ѕидот, и заедно со други надгробни споменици од времето на Самуил, кои се чувале во црквите "Св. Герман" од Герман и "Пречиста" од Роби, ги товарија и ги однесоа во Бугарија.

На денот на св. Аил 1917 год. во црквата "Св. Аил" на островот Аил имаше панаѓур и поради празникот, на островот во црквата беше надојден многу народ од селата од Преспа. Од карши островот на тумбата Граишта, Французите и Србите имаа артилериска батерија. Француски и српски војници ги забележаа луѓето, и со топовски гранати за време од половина час ја урнаа црквата. Урнаа уште некои куќи во Аил, а од насобраните луѓе имаше убиени и ранети. Подоцна ова злосторство го оправдаа дека наводно на островот се истовариле бугарски војници и поради тоа што на островот Бугарите не можеа да дојдат поради преминот на мостот Перово, по кој требаше да минат го држеа Французите и Србите. Населението овој акт го сметаше за намерен.

Сојузничката војска, мажите од Преспа присилно ги земаше и ги пушташе насила со колите за пренос на воена опрема и храна за војската. Ги држеше по неколку месеци. Еден дел од мажите ги пушти на кршење камења за изградба на патиштата и работеа заедно со разоружените руски војници. Најдобрите

ниви од полето беа земени и засадени зеленчук за војската. Во француската војска имаше војници од нивните колонии претежно од Африка. Меѓу нив имаше и такви кои имаа ниско однесување, нарочно спрема жените. Тие се обидуваа дури сосила да ги фатат, и да ги силуваат. Населението од Преспа беше присилено сето ова да го поднесува и да го трпи. Сојузничката војска припремаше силен напад на Бугарите и Германците. Штабот што оперираше со овој фронт донесе одлука, селата Герман, Роби и Медово да ги евакуира и во текот на една ноќ ги пресели во селата Желево и Ошчима, зад Преспа, и тука останаа повеќе од 2 месеци. За ова време сојузниците со неколку напади успеаја да ги исфрлат од овие позиции и фронтот се помери на ридот над Крани и планината Пелистер. Евакуираното население кога се врати во своите домови, покуќнината ја најде разнесена. На овој фронт имаше и еден полк руски војници, чии штаб беше во Роби. Со Октомвриската револуција во Русија во октомври 1917 год. овие војници беа разоружани, задржани како заробеници и пуштени на присилна работа на изградба патишта по ридовите и планините од Преспа за овој фронт.

Во оваа војна Преспа стана гробница на стотици војници од противничките сили. Оваа војна, која на населението му донесе голема сиромаштија, по нејзиното завршување остави епидемија од шпански грип, која покоси еден дел од населението. И за времето што траеше епидемијата умираа по 2-3 души на ден од секое село. По завршувањето на оваа војна граничните премини во Преспа со Југославија се затворија, и 18 села од овој дел од Преспа се приклучија кон Грција. Каков ќе им биде нивниот живот тоа ќе го каже времето.

Со нејзината поделба Преспа доби два господари наместо дотогаш еден – Турците, а во 1924 год. и трет, Албанците. Луѓето од Преспа кои дотогаш живееја заедно, и заедно ги ширеа родбинските врски и тоа под многу тешки услови кога Турците ги тераа сосила да примаат муслиманска религија и да станат муслимани, насила им ги одземаа имотите, тие тогаш упорно и со голем број жртви се изборија и ја зачуваа верата и нацијата, а сега сосила се обидуваат да ги погрчат. Грците штом дојдоа во М. Преспа одново по црквите го забранија пеењето на

славјански и воведоа грчки, потоа по селата ги вратија своите учители, помладите мажи до 25 години ги зедоа војници поради отслужување на воениот срок и изучување на грчкиот јазик. По должина на границата со Југославија, поставија тељ со боцкалки, и дури по 1 година се одобри блиските роднини од двете страни да се видат. Тие тука идеа, се гледаа преку тељот, ронеа солзи, и не можеа да се одделат. Се враќаа назад со стиснати срца. Во училиштата за малите деца од 3 год. воведоа посебни паралелки за учење на грчки јазик. Се преземаа строги мерки за оние родители кои децата редовно не ги носеа во овие паралелки, воведоа и своја администрација.

ГРЧКО-ТУРСКА ВОЈНА 1919-1922 ГОДИНА, РАЗМЕНА НА МАЛЦИНСТВА НА ДВЕТЕ ЗАВОЈУВАНИ СТРАНИ

Грчките владејачки кругови, восхитени од постигнатите успеси со придобивање на територии од Македонија, им се створија амбиции да се прошират и во М. Азија и и објавија војна на Турција. Со објавувањето на војната против Турците тие извршија општа мобилизација, каде и од М. Преспа сите мажи до 40 години отидоа војници, и ги испратија на фронтот во М. Азија. Од нив еден голем број остана во планините на М. Азија во Турција. Голем беше и бројот на ранетите како жртви на големогрчките аспирации.

Грозен и морничав беше крајот на многу војници (од кои имаше и од М. Преспа) при повлекувањето на грчката армија од Турција, кога грчките бродови претоварени со војници и воена опрема го напуштаа турскиот брег. На брегот останатите војници, кои не стигнуваа да влезат во бродовите, турскиот аскер и башибозук ги колеа како јагнињa. Колкаво беше учеството на Македонците во оваа, како подоцна и во другите војни и борби за национално ослободување, може да се види од наредните текстови.

По завршувањето на оваа војна и спогодбата помеѓу Турција и Грција за задолжителна размена на христијанското население од Турција во Грција и муслиманското од Грција во Турција, во Грција дојде еден и пол милион бегалци од кои повеќе од 600.000 се донесоа во Македонија. Тогаш владата се обиде

одново присилно да исели голем број Македонци во Бугарија и Србија, да ја асиминира и М. Преспа, каде изврши притисок врз повеќе мажи, каков што беше случајот со Никола Казако, Митре Бањов, Глигор Бањов, но овојпат не успеа да исели никого, за разлика од други делови на Македонија, каде поради големиот терор имаше извесен успех. Муслиманските (албанските) фамилии кои живееа во Преспа и никогаш не помилувале да си одат, со оваа спогодба беа присилени да ја напуштат, да ги остават своите имоти и куќи и да заминат за Албанија и Турција, а на нивните имоти и куќи да се населат бегалци од Кафказ и Понт. Од овие луѓе грчката влада донесе и во М. Преспа. Бегалците кои дојдоа во М. Преспа беа населени во с. Винени, Попли, и во населбите од Герман Шаовци и од Роби Бостанџиовци, и беа изразито позаостанати од Македонците. Овие луѓе зборуваа на извитоперен грчки јазик, неразбирлив и за самите Грци.

ЗАСИЛЕНА АСИМИЛАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ

Доселениците од Кафказ, таканаречени Просфиги, грчката влада ги наоружа и ги нарече чувари од опасноста од север, и им даде неограничени права. Оружјето го носеа со себе дури и кога одеа по нивите на работа. Преспанскиот селанец не се чудеше. Тој Турците со години ги гледаше да ги носат мартините нарамо и камите во појасите. Да му се топорат на населението, да му ја земаат водата од нивите, да ги грабнуваат девојките од патиштата или од нивјето или од работата, да ги убиваат луѓето кои се обидуваа да кренат глава. Тој ова секогаш не можел да го трпи и крвта му зовривала како што е последниот случај: Во 1892 година, кога Алија се обидел во с. Роби од улица да ја грабне Стефана Бакушова, нејзините браќа Митре и Петре го убија, сестра си си ја вратија дома и тие избегаа во Анадол. Тука со години се криеја: Митре умрел а Петре се жени со жена мештанка, и во 1924 год. ја искористи спогодбата со Грција и Турција, и со двата синови Риста и Стефа се врати во својот роден крај во Роби.

Во текот на Грчко-турската војна, како и по нејзиното завршување, животот во М. Преспа беше многу тежок, поради тоа што мажите беа земени на фронтот, а земјата немаше кој да

ја обработува. По завршувањето на војната повеќето од мажите заминаа на печалба во прекуокенаските земји. По селата останаа повеќето жени и тие ги водеа домаќинствата, вршеа тешки и полски работи.

Грците дојдоа во Македонија и во М. Преспа и на сите служби поставија свои луѓе, кои ги носеа од Грција. На преспанскиот селанец никогаш не му било дадено тој да раководи. Сите завојувачи кои идеа во Македонија и Преспа го тераа само да работи, никој за тие луѓе не се грижел, и затоа тие недостатокот го надополнувале со печалбарство.

Во овој период грчката влада се уште не беше во состојба јазикот македонски да го забрани. Тој се уште се зборува дома, се пееја и македонски песни; не беа слободни единствено револуционерните песни, а повеќе од Илинденското востание. Но ако треба да се сврши работа во државна установа, тука важи само грчкиот јазик.

Во 1926 год. со посебен закон издаден од владата, дотогашните македонски имиња и презимиња на населението, како и топонимите на селата и градовите и на планини и реки се изменија со грчки.

Некои од прекрстените имиња и презимиња

Македонски	Грчки	Македонски	Грчки
Секула	Стерјос	Вакушов	Вакицидис
Стојче	Јанис	Бечков	Вецикопулос
Коте	Костас	Поповски	Пападопулос
Вељан	Паскалис	Петков	Параскевопулос

Македонските имиња на села прекрстени во грчки

Македонски	Грчки	Македонски	Грчки
Герман	Агиос Германос	Роби	Лемос
Медово	Милионас	Стрково	Плати
Рудари	Калитеа	Попли	Лефкона

Оровник	Кариес	Бесфина	Сфика
Буковик	Оксиј	Лок	Микролимни
Дреново	Краниес	Трнаа	Ангатото
Граждено	Врондеро	Орово	Пиксос
Дробитишта	Дасери	Винени	Пили
Нивици	Псарадес	Аил	Агиос Ахилеос

Жители во	1913	1920	1940 год.
Аил	92	64	100
Бесфина	431	348	324
Букоик	151	131	141
Винени			207
Граждено	437	380	507
Герман	1.621	1.542	2.170
Дреново	124	115	150
Дробитишта	50	34	75
Лок	203	202	316
Медово	130	151	209
Нивици	674	589	770
Оровник	222	244	162
Орово	463	373	489
Попли	490	492	422
Роби	477	555	738
Рудари	266	337	379
Стрково	170	215	268
Трнаа	87	65	84
Вкупно	5.988	6.837	7.517

Во М. Преспа се откорен се измени. Се изменија имињата и презимињата на населението, селата, црквите и манастирите, како и планините и реките добија нови имиња – грчки. Во училиштата се учи на грчки јазик. Во црквите исто се пее на грчки. За малите деца од 3-6 години се оформија засебни паралелки во кои под посебен надзор го изучуваат грчкиот јазик. Во сите села во М. Преспа се отворија училишта и паралелки за мали деца, дури и во оние села чии број на ученици е сосема мал, со по 10 ученици, иако во селата во Грција учители немаше во села во кои имаше поголем број ученици.

На учениците од основните училишта учителите им забрануваа да зборуваат на нивниот јазик. Им забрануваат да го зборуваат и со своите родители. Во 1925 година, со обврската од договорот во СЕВР од 10 август 1920 год., во Атина посебна комисја изработи буквар со латинско писмо наменет за македонските деца од Егејскиот дел на Македонија, и истата година букварот под наслов "Абеседар" е издаден во Атина, напечатен на латинско писмо, ама истиот не се воведе во школите во кои се школуваа македонски деца.

Во основното училиште во Роби, во кое учев и јас, во годините 1924-30 година, учителите ни забранија македонскиот јазик да го зборуваме дома со родителите. Тие сметаа дека децата ако зборуваат дома по грчки и родителите ќе го научат грчкиот јазик. Селото е поделено на две маала, горна и долна, ги дели големата Германска Река и јаз на стотина метри од реката. На јазот има мовче, единствен премин за долното маало и училиштето. На учениците од горното маало, границата за зборување на македонски јазик беше малото мовче на јазот. До мостот зборувавме по македонски, на враќање од училиштете, штом го преминевме мовчето, одново зборувавме на македонски. Помеѓу мовчето на јазот и мостот на реката имаше касарна, во која беше сместена војската. Еден ден, на враќање од училиште, како и секогаш и сега, штом го преминавме мовчето зборувавме македонски. Не чу еден од офицерите, не запре, не искара и не пријави на учителот. Сите што бевме во оваа група бевме претепани. Тогаш границата ја пренесовме од мостот на реката до касарната.

Во 1936 година, со прогласувањето на Метаксасовата диктатаура, беше забранет македонскиот јазик и за секој прекршок се изречуваа строги казни, населението во М. Преспа продолжува да го зборува македонскиот јазик иако за тоа се преземаат најстроги казни.

Селата Герман, Роби, Попли, Лок и Орово беа први на ударот за грцизирање, поради што во нив постојат служби за јавен ред. Герман, административен центар од порано за Долна Преспа, и сега остана како таков за М. Преспа. Едно од најголемите села

со своите 2.170 жители, покрај службата за јавен ред – зашто тука беше и началството за јавен ред за М. Преспа со погранична војска, околиски суд за М. Преспа, дирекција за шумарство и други административни служби. Поради големиот број на јавните и другите административни служби ова село беше подложено на малтретирање.

На владините службеници, кои доаѓаа од внатрешноста на Грција, им беше советувано дека во оваа област живее население чии жители не се по потекло Грци. Тие се луѓе без "култура", кои можат да изедат и жив човек. Луѓето – повеќето од нив полуписмени и неписмени – од разни области на Грција, кои светот го видоа само во своите тесни подрачја и не знаеја дали вон своите граници постои и друг свет, кога се здобиваа со државна работа која за нив значеше многу висока функција, веруваа во се што ќе им се речеше. И такви доаѓаа да управуваат со населението на Македонија и во М. Преспа.

Во 1926-1930 год. во Окружниот суд во Герман за судија беше некој си по презиме Џилавис. Човекот во Герман дојде наоружан догуша и никогаш сам не излегуваше надвор. Со него носеше придружба од полицајци, имаше пушка и секогаш му беше спремна за пукање. Ја држеше обесена до вратата од одајата во која живееше.

БРЗ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО МАЛА ПРЕСПА И ГОЛЕМ ОТПОР НА НАСЕЛЕНИЕТО ПРОТИВ АСИМИЛАЦИЈАТА

Во годините 1926-1930 година во М. Преспа се забележува брз развој во изградбата на нови куќи. Големиот број луѓе кои по Грчко-турската војна заминаа на печалба во светот, сега на своите фамилии им пуштаа големи суми пари и кога се враќаа во своите села исто носеа големи суми од заштедените пари. Месото, сирењето, гравот и пченицата беа многу барани, затоа што Грција е пасивен крај и овие продукти во голема мера им недостасуваа. Населението ова производство го зголеми и од нив добиваше високи приходи. Сето ова, како и печалбарството, условија во селата од М. Преспа да се изградат нови убави куќи и околијата секој ден го менуваше својот лик.

Во селата од М. Преспа по традиција од порано се правеа богати свадби, слави и панаѓури, кои траеја и по неколку дена. Во Герман, на денот на Гермавден, 12 мај, бројот на свадбите достигнуваше дури до 25, а во Нивици на денот на Богородица овој број достигнуваше и до 8 свадби. На Јованден на Горица кај Роби на манастирот "Св. Јован Преспански" се одржуваше голем панаѓур, кој траеше неколку дена. Слични панаѓури се одржуваа и по другите села, зашто секое село си имаше и свој ден кој го славеше. Тука се собираше народ со стотина души од селата од М. Преспа, се свиреше, се пееше и се играше и народот се веселеше. На сите овие празнички веселби се пееја македонски песни, се свиреа македонски ора.

Оние малуто владини чиновници, кои управуваат со населението, многу бргу се прилагодуваат на обичаите од населението. Многу од нив пееја македонски песни заедно со Македонците. Бегалците не учествуваат во овие веселби. Тие своите обичаи не можат да ги зближат до македонските, ниту до грчките. Тие си имаат свои засебни обичаи и секогаш се настрана. Судијата од Герман Џилавис, по неколку години живеење со луѓето од М. Преспа, кога тој одблизу можеше да се запознае со нивната култура, и кога ги виде богатите трпези кои се редат на свадбите, славите и панаѓурите, тој ги рашири рацете и рече : "Господе, што е ова, зар од овој народ треба да се плашиш и да се браниш со пушка"? "Вака како што одат работите место ние Македонците да ги направиме Грци, самите ние станавме Македонци, затоа што со нив го зборуваме нивниот јазик, ги прифативме и нивните обичаи, и со нив ги пееме нив ните песни", и пушката му ја даде на Стефа Четелев од Герман, кој беше ловџија и му рече: "Земи ја и опервај мечки, јас немам од кого да се бранам, овие луѓе не се за убивање".

Луѓето што беа на печалба по светот и неколку години беа отсутни од својот крај не ја прекинаа љубовта за своите обичаи и својот народ. Напротив, тој се засили, тие беа организирани во македонски друштва каде слободно доаѓаше во израз нивната огорченост спрема завојувачите во својот роден крај. Кога се враќаа назад нивното искуство и сознание за отпор

против новите жандарми и поедини владини чиновници и управители, како и од бегалците, го пренесуваа на месното население.

Во парламентарните избори во 1926 год. во изборното место за М. Преспа во Герман доби комунистичкиот пратеник Кирјакопулос, Влав од с. Псодери, Лерин. Десетина млади деца од селата се школуваат во средни школи во Лерин и во други места. Тие се прогресивни, со силна желба да дознаат што повеќе за својот народ и во тој правец што повеќе и се активираат. Меѓу нив е и мојот брат Ванчо Мундушев, тогашен ученик во учителска школа во Лерин; честопати беше затворан по затворите како комунист и по завршувањето на учителската школа не можеше да добие работа како учител, па беше приморан да работи на земјоделие. Исти беше случајот со Кире Грежлов од Герман, кој заврши земјоделско училиште и тој беше малтретиран. Ванчо умре во 1937 год., за време на Метаксасовата диктатура.

Во 1930 год. во Герман се изгради големо училиште во кое се предвидуваше еден дел да биде средно училиште (гимназија). Владините управители во Лерин од искуството од оние македонски младинци што сега се школуваат, сметаа дека ќе биде погрешно да се дозволи да има такво средно училиште во М. Преспа, иако за тоа ги имаше сите останати услови, и училиштето остана и понатаму основно.

ВО ГРЦИЈА СЕ ПРОГЛАСУВА ДИКТАТУРА

На 4 август 1936 год. во Грција ја прогласи диктатурата Јоанис Метаксас, човек со фашистичко воспитание. Со неговото доаѓање на власт состојбата на Македонците се влоши уште повеќе. Новата влада на Метаксас во Лерин и во М. Преспа на поедини раководни места донесе свои луѓе, кои жестоко ги малтретираа и ги прогонуваа оние со изразито македонско чувство и не им се покоруваа на властите. Не беа ретки случаите на Македонците по затворите да им даваат да пијат масло од рицинус од кое се добива силен пролив; им се даваше солена риба ренга (харинга), од што се добиваше голема жед за вода.

Во 1937 година владата со закон го забрани македонскиот јазик. Во месец октомври истата година Јоанис Цаксирас, претседател на округот Лерин и Костур, доверливо лице на тогашната влада и лично на премиерот Јоанис Метаксас, човекот што ги вложи сите усилби и ги употреби сите методи за мачење за да го асимилира македонското население, познат по своите злодела, издаде наредба за задолжително изучување на грчкиот јазик. Во училиштата во М. Преспа се отпочна со вечерна настава, на која беа должни сите мажи и жени од 25 год. нагоре да ја посетуваат наставата. Како изгледаше целата оваа положба не е во можност во целост да се прикаже, ама ќе се потрудам на изнесам некој детали.

Секоја вечер по завршувањето со редовната настава со учениците биеше малото камбанче. Мажите и жените со тетратки под мишка одеа на училиште. Жените-мајки дома оставаа по 2-3 мали деца од кои и некои цицалчиња. Малите деца од 2-3 години кои мајките целиот ден ги чекаа да им се вратат од полската работа и да им се фрлат во прегратките, тие мајки набрзина се спремаа и одеа на училиште, и децата ги оставаа да плачат по нив. Понекогаш мајките налутени ги тепаа децата, честопати деца со плачење трчаа дури во дворштето од училиштето и тука жандармите со пендреци ги застрашуваа и ги истеруваа да си одат во куќите, пцуејќи по нив дури и во мајките. Зимата по снегот и мразот на старите жени некој требаше да им помогне за да дојдат во училиште. Имаше случаи на стари жени да паднат по лизгавицата од мразот, да скршеле нога или рака. Учителите беа задолжени да водат евиденција на присутни и секој ден до жандармериската станица да доставуваат извештај за отсутните за кои се преземаа казнени парични мерки. Владините луѓе со населението постапуваа многу ниско, заради тоа што грцизирањето беше доверено на ниски лица. Нека послужи за пример овој случај во училиштето во Роби:

Една вечер на наставата учителот ја праша Василица Јанкулова, стара на 60 год., која дотогаш не знаела да научи нити збор грчки. Учителот ја праша? Пос се лене (Како се викаш). Жената од тоа што ја праша учителот не разбра а се потруди да го

изгорвори истото и рече: посолена. Наеднаш во училницата настана смеа. Младите жени се раскикотија. Во училницата настана неред, учителот се разлути, првин тој се развика на жените што се кикотеа, а после и на Василица што изговори така. Василица се најде увредена од учителот и од жените што се кикотеа и со лутина им рече: - Смејте се, кобили едни, наместо да плачете што ни го сечат јазикот. – На учителот му рече: - Синко, јас си имам еден јазик и тој доста ми ет, друг не ми треба. Среќни сме што Турците не правеа како вас. Сите ќе бевме Турци, и ние и вие. – Жените ги наведнаа главите, учителот поцрвена и ја продолжи настазата.

Притисокот на грцизирање стануваше се поголем и поголем, тој се прошири по куќите, по нивите, по патиштата. Жандармите секоја вечер клечеа под прозорците на куќите и во фамилиите наслушнуваа дали зборуваат по грчки или по македонски. Со часови седеа зад ѕидовите и грмушките и чекаа да помине некој да го чујат да зборува македонски и да го одведат во жандармеријата да ја плати паричната казна и да го запишат во "црниот тефтер". Овие случаи не се набројуваат, ќе приведам само некој:

Борис Демиров со мајка му во својата куќа зборуваа македонски, жандармот беше заткриен под прозорецот и ги чу, влезе во куќата, го забра Бориса, го одведе во Герман за да ја плати паричната казна и да го запишат во црниот тефтер.

Стојан Мундушев по 14 год. печалба се врати од Австралија. На есента 1939 год. заедно со некои селани одеше за дрва во Нивичката Планина. Го преминаа мостот од Перово-Кула, се искачуваа по угорнината по ридот и наглас зборуваа по македонски. Стојан им објаснуваше за животот во Австралија. Од грмушките искочија како плашила двајца наоружани жандарми и сосе коњи и магарења и луѓето ги одведоа во жандармеријата во Герман, пат долг 8 км. Тогаш Стојан на жандармерискиот началник му рече: "Во некои списанија во светот се јавија слики на Македонец и Македонка со извадени јазици, а Грк со ножици да им ги сече јазиците". Тој им рече и тоа, дека три години служел грчки војник, бил на фронтот во Мала Азија и Турција; ја запрегна пачајцата од ногата и му ја

покажа лузната од раната од овој фронт. Началникот беше многу прост за да го разбере Стојана. Тој луѓето ги казни.

Спиро Бакушов ја ораше нивата и на воловите им псуеше по македонски. Жандармот беше скриен зад ѕидот и го чу Спира. Го забра сосе воливи, и него и воловите ги однесе во Герман за да плати казна.

Таквите и уште полоши примери во Роби и во сите села од Мала Преспа секој ден и секој час можеа да се видат. Какви жалосни слики можеа да се видат кога здуените жандарми тераа пред нив Македонци со наведнати глави, а тие со пендреците во рацете како пред нив да тераа говеда, а не луѓе. Уште пожалосни беа сликите кога жандарми влегуваа по свадбите поради тоа што некој од постарите развеселени запеале македонска песна, нив ги земаа од свадбите и ја растураа свадбата.

На оптужените за зборување на македонски јазик началниците од жандармериските станици од Герман, Орово, Попли и Лок им се топореа и им се натресуваа, маваа и викаа по нив: Ако не го знаете грчкиот божји јазик, во устите ставете си гомно и не го зборувајте оној никаков анатемисан, со кој го труете чистиот грчки воздух. Поради зборување на македонски јазик, луѓето беа затворани по затвори, биени и мачени, како и плаќање на парични казни. Не беа ретки случаите сосила да им се дава рициново масло и солена харинга, кои биле присилувани да ги примаат, во присуство на жандармите. Од маслото се предизвикувало болки во желудникот, потоа пролив, од харингата голема жед за вода.

Во престолнината на Грција Атина, во ходниците од разните министерства, високите и други службеници, како и функционери се поздравуваа на турски, шиптарски и влашки, само не на македонски.

Со доаѓањето на власт на Јоанис Метаксас воспитувањето на грчката младина беше по примерот на Хитлерова Германија и на Мусолиниева Италија. Во фашистичката младинска организација ЕОН сите машки деца од 16-25 год. бевме

присилено зачленети и секој член носевме тегет униформа со бела вратоврска, бел ремен и бели клашни. Униформите ги чувавме секој подома. Секоја недела младинците облечени во униформа и построени одевме во црква. По завршувањето на обредот се правеа маршеви на средселото и по улиците од селата, се пееше песната (Зошто се радува народот). Честопати младинци облечени во униформа и построени правеа посета на другите села. Така се правеше размена на посетата. Во поголемите села се отворија младински клубови, се набавија и радиоприемници, кои во ова време претставуваа реткост, таков клуб имаше и во Роби. Воспитувањето на еонитите во клубот во Роби му беше доверен на царинарскиот службеник Георгиос Коловос. Тој беше многу агилен и секоја вечер младиците не береше во клубот, ни раскажуваше за "убавините" на Грција и многуте лозови насади, за маслинките и смоквите и риболовот, не учеше стари грчки песни.

Во 1938 год. М. Преспа ја посети тогашниот претседател за округот Лерин и Костур, Јоанис Цаксирас. Човекот што ги вложи сите усилби за асимилирање на македонското население, доведе во селата свои луѓе за да го мачат населението.

Јоанис Цаксирас дојде во М. Преспа за да види и да се увери на лице место, како неговите наредби се спроведуваат и нареди сите мажи од селата да се соберат во Роби. На средселото во Роби се собра многу народ. Цаксирас се појави на балконот од куќата над средселото и одржа говор. Меѓу другото тој рече: - М. Преспа има голем отпор спрема нашите наредби за изучување на грчкиот јазик. Луѓето не сакаат да зборуваат грчки, а тоа се гледа од големиот број на прекршители кои органите за безбедност ги гонат и ги казнуваат. – Цаксирас изналутен продолжи и рече: - Доколку не се поправите ние имаме план и по тој план ќе пристапиме. Сите мажи и жени од 18 год. нагоре ќе ве иселиме оттука и тука ќе донесиме други луѓе. – И потенцира: - Поправете се оти сме решени планот да го спроведиме. - И со раката покажа кон островот Аил и со лутина рече: - Кога не ќе го гледате оној анатемисан остров, ќе го зборувате грчкиот јазик. Тука ќе ги оставам само малолетните со кои не ќе има проблеми. Луѓето го слушаа говорот на претседателот и по нивните снаги течеше студена

пот. Цаксирас можеше да го стори тоа, тој беше власт и со една негова наредба луѓето ќе се иселеа, како што тоа подоцна, во 1949 год., го стори секретарот на КПГ Никос Захаријадис.

ИТАЛИЈАНСКАТА ОКУПАЦИЈА НА АЛБАНИЈА ТЕШКО ЈА ПОГОДУВА ПРЕСПА

Италијанската окупација на Албанија во април 1939 год. во голема мера ја погоди и М. Преспа. Грчката влада презеде мерки за одбрана на државата. Се издаде наредба за изградба на одбранбена линија во должината на границата со Албанија, а за работа да се користи пограничното население. Машкото население од 18-65 год. беше задолжено со присилна и бесплатна работа. На работа се одеше построени и во групи и за секого се одредуваше работата која требаше да ја изврши во текот на денот. Работата се состоеше во тоа по целата гранична линија да се ископаат ровови, да се направат бункери, скривалишта и складови. Со работата раководеа специјалисти и инженериски единици. Наедно се пристапи кон изградба и на втора одбранбена линија, на која на клучни стратегиски места се градеа и бункери од армиран бетон. Овие бункери ги градеше војската, а помагаше населението.

Во Мала Преспа такви бункери беа изградени 12 и ја сочинуваа главната одбранбена линија. Изградбата на овие две одбранбени линии продолжи до крајот на октомври 1940 год., кога Италија и објави војна на Грција.

МАЛА ПРЕСПА ВО ДЕНОВИТЕ НА II СВЕТСКА ВОЈНА

ИТАЛИЈА И ОБЈАВУВА ВОЈНА НА ГРЦИЈА

На 28 октомври 1940 год. Италија на Грција и објави војна. Истиот ден населението од селата Нивици, Аил, Винени, Орово, Граждено, Трнаа и Дробитишта беше евакуирано во горните села од М. Преспа и остана се до заземањето на Иван Планина и градот Корча од страна на грчката армија.

За одбивање на фашистичката Мусолиниева италијанска армија која беше наоружана со модерно и современо оружје, голема заслуга имаа Македонците. Македонските синови на овој фронт храбро се бореа и крвавеа цели 6 месеци. Тие крвареа и ги топеа албанските планини со македонска крв. Тука бројот на убиените и ранетите не беше мал. Сакајќи на читателот да му дадам појасна слика од учеството и хероизмот на македонските синови во оваа војна, ќе се послужам накусо со овој мал пример, на една чета, чии војници беа сите Македонци:

Петнаесеттата дивизија од грчката армија, која во текот на војната го носеше името челична дивизија, се состоеше од дваесетиосмиот и триесетитретиот полк, чии војници беа од македонските погранични подрачја: Лерин, Костур, Сорович и М. Преспа. Оваа дивизија ја држеше граничната линија т.н. клин спрема Албанија до Преспа до планината Врба и Малимади, а спрема Југославија исто од Преспа до планината Кајмакчалан. Со влошувањето на положбата на граничната линија спрема Албанија, сите сили претежно беа концентрирани на албанската граница.

Во петтата чета на II-от баталјон на 33 полк сите војници бевме Македонци. Офицерите и стариот водник беа Грци и имаше десетина деца на доселенички семејства од селата на М. Преспа и околија Лерин. На 15 август 1940 год. четата, која броеше 120 војници, отпочна со копање ровови по ридовите карши с. Рулја и крстопатот кај Брезничкиот Мост, како и на селата Брезница и Смрдеш. На 20 октомври се прекина со копањето и четата дојде во с. Бесфина, тука беше и штабот на полкот.

Со објавувањето на војната италијански десантни единици навлегоа на грчка територија. Четата го напушти Бесфина и под силен дожд преку планината Врба, ноќта спрема 29 октомври, зазеде борбени позиции над височината над селото Вомбел и наутрото изврши напад над Италијаните и височината ја зазеде. Овој напад беше првиот напад на противникот во оваа војна. На 30 октомври четата заедно со уште две чети од II-от баталјон изврши напад на албанското село Врбник и го зазеде. Тука ги заробивме и првите италијански војници. Од 1-6 ноември водевме борби со напад, и на 7 ноември 33-тиот полк изврши напад на градот Билишта и го зазеде. Во оваа борба 5-тата чета вршеше директен напад над ридот на градот, ридот го зазеде и се спушти во градот. Во оваа борба е ранет командирот на четата капетан Рондојанис, Андреја Проданов од Лерин, Сотир Мацев од Герман, а убиен Сотир Видинов од Роби.

По заземањето на Билишта четата се повлече од I-вата линија и неколку дена остана во с. Врбник за да се одмори, потоа преку с. Бесфина и Роби и селото Орово одново влеговме во Албанија и преку с. Ракицко заседовме позиции на безименото ритче кое му беше во скутот на планината Иван.

На ова ритче, кое Италијаните упорно го држеа, 4-пати извршивме напад и се повлекувавме и секогаш имавме ранети и убиени. 5-тиот пат нападот имаше поширок размери, во кој беше употребена и артилерија и ритчето беше заземено. Истиот ден падна и планината Иван, а по неколку дена и градот Корча.

Борбите за заземање планината Иван траија 10-тина дена и во овие крвави борби на живот и смрт паднаа убиени многу војници, меѓу кои и Трајко Бечков од Роби. Тука е ранет Никола Марков од Роби, четата се преполови а ритчето доби име Ритче на смртта. Италијаните се повлекоа.

Во неколку села во близина на градот Билишта, преполовените чети од 33-тиот полк останаа 10-тина дена. И од кога одново се пополнија, на 5 декември полкот пак тргна на фронтот. По патот за Ќафежежи, одевме ноќе а врнеше и силен дожд. Во Ќафежежи останавме еден ден и навечерта патот го

продолживме за с. Фрашер. По угорниот планински пат зафати лапаец со дебели пластови од снег, кој подоцна се претвори во ситен снег, зафати и силен ветар. Беше ноќ, темница и патот се покри со големи намети од снегот. Коњите и маските, кои на нив носеа тежок товар од муниција и храна, се лизгаа и паѓаа по удолнината во трапот. На завеаниот добиток не можеше да му се помогне и да се извлече од снегот. Вејавицата беше многу силна. Војниците одвај успеваа самите да се извлечат, држејќи се еден за друг. Со голема мака по полноќ стигнавме во селото Фрашер, и зад нас оставивме голем број добиток завеан во снегот. Војниците облечени во ветви облеки, со ветви и искинати чевли, со покиснати нозе и снаги.

Се раздени и на земјата имаше дебела покривка од снег. Студот се спушти до минус 10 степени. Небото се разведри. Овој ден италијански авиони надлетуваа над нас, се спуштаа ниско и над нас фрлаа ракети и не косеа со рафали. На ридовите од Фрашер се слушаа рафали од митралези, експлодираа артилериски гранати и од двете страни. Бевме на фронтот.

Навечерта со снег до колена, со водени чорапи и искиснати алишта, полкот тргна за да заземе положај на фронтот и пред зори сите бевме на предвидениот положај и истиот ден извршивме напад на непријателот.

Италијаните се повлекуваа и зад нив оставаа ранети војници, и многу други војници кои во брзите и силни наши напади не успеваа да се повлечат се предаваа кај нас.

Овој голем број на италијански ранети и заробени војници ни правеше големи потешкотии поради големиот снег, затоа што и ние имавме ранети и убиени војници.

На височината 1200, Италијаните не запреа и оттука не можевме да ги избркаме. Тука имаа направено јака одбранбена линија. Грчката армија беше присилена да изврши напад со повеќе војска, артилерија, минофрлачи и заради тоа презеде однапред добро да се спреми. Единствениот пат за овој фронт по кој војската се снабдуваше со муниција и храна, поради големите намети од снегот често пати се затвораше. Снег

паѓаше секој ден и патот уште повеќе го загрозуваше. Малуто храна што ја носевме со нас се потроши и сега останавме гладни. Студот достигна и до минус 15 степени, а ние со пушките во рацете ја браневме линијата на фронтот спремни за одбрана и напад. Кога ги изедовме последните конзерви и последниот залаг леб, ги изедовме и замрзнатите пцовисани коњи и маски.

Малуто села со расфрлани куќи кои се населени на ова планинско подрачје не беа во состојба да ни помогнат со храна, затоа што и самите доволно немаа за нив. Војската грчка на ова население присилно им зеде голем дел овци, кози и добиток, како и пченка и тоа не спаси. Првите дена ја јадевме печена, и од тоа не зафати силен пролив и сите попаднавме, после ни се даваше варена. За да биде лошото уште поголемо вошките не нападнаа, се појави и тифус. Од мојата чета умреа 2 војници.

Преносот на ранетите беше отежнат. Нив ги носевме нарамо по 5 и повеќе км, во снег до колена. Од големиот студ или од ненавреме давање помош на тешко ранетите војници тие умираа по патот. Таков беше случајот со водникот Алексиу од мојата чета.

На 7 јануари 1941 год. со водникот Алексиу од Каламата, со Трифуна Мирчев од Нивици и Петре Мангов од Баница бевме пуштени како извидници да го пронајдеме местото од каде четата ќе вршеше напад на височината 1200. На преминот на еден срт не забележија италијански авиони, надлетаа над нас и спуштија бомби. Трифун беше лесно ранет, а на Алексиу едната нога му беше скршена, беше ранет и во плешката, во рамото. Ние му ги врзавме раните, направивме носило од ластагарки и ќебе и го пренесовме во првиот пункт за помош, каде имаше и лекар.

Алексиу требаше да се носи уште неколку километри во снег до колена и голем студ, и несреќниот водник по патот умре. На 8 јануари полкот изврши силен напад на височината 1200 и ја зазеде. Во оваа борба, која траеше половина ден, Италијаните беа разбиени . Кај нас се предаде многу нивна војска, ние

имавме голем број убиени и ранети. Тука загина Герман Мундушев од Роби.

По разбивањето на Италијаните на височината 1200, тие кај нас се предаваа поединечно и во групи, дури и цели чети сосе старешини. Ова масовно предавање ни направи големи потешкотии за нивното сместување и храна. Сите овие требаше да се пренесат во внатрешноста и така можеа да се видат редици од по стотина италијански војници да ги води еден наш војник. Некои од заробениците Италијани со нив имаа армоники и гитари, и по патот свиреа како да се враќаат од свадба, а не од фронт.

5-тата чета пак се преполови и на отсутните војници се местеа нови, ама сега Грци, затоа што повеќето од Македонците беа исфрлени од стројот, ранети и убиени.

На разделбата со водникот Алексиу, тој ме зграби со здравата рака, ме баци и ми рече: - Брат ми си, само ако останам жив и тебе господ да те чува. Пешки ќе дојдам до Преспа и ти да дојдиш во Каламата. Македонец! Тоа е нешто од голема вредност. Другар, пријател, брат! – Така ми рече водникот на разделбата за секогаш со него. Преостанатите војници Македонци од четата зборувавме по македонски, а за тоа никој не ни правеше заблешка. Офицерите се чудеа зошто ни го забрануваат јазикот.

По победата на височината 1200 вршевме напади спрема селото Бумбеши и го заседовме селото Каиза, уште неколку помали села кои ни го отежнуваа нападот на Бумбеши. Во Каиза направивме веселба да ја прославиме оваа важна победа. Се собравме во една голема одаја и сите заедно, војници и офицери се веселевме и пеевме песни на сметка на Мусолини, како грчки и македонски народни, и други песни. Грците војници кои за првпат слушаа македонски песни, не гушкаа и не бацуваа и тераа по нашиот глас, ама не можеа да изговараат. Некои од офицерите не тераа да ја пееме песната Три години Донке и ни велеа – Донке, Донке. Ние Македонците сметавме дека со борба заслужено сме ја стекнале ова слобода.

Четата секој ден беше во оган. Италијаните се повлекуваа а ние одевме зад нив чекор по чекор и не им дававме да здивнат и колку влегувавме во внатрешноста на Албанија, толку повеќе се отежнуваше снабдувањето со муниција и храна, како и пренос на ранетите.

Грчката армија правеше големи напори за да го заземе теснецот кај Клисура и патот по должината во подножјето на планината Трепешина до големиот ан познат под името Балабани и селото Бумбеши, и тогаш снабдувањето на овој фронт ќе беше решено целосно. Теснецот Клисура и патот до анот Балабани војската го зазеде, остануваше уште селото Бумбеши кое беше распростерено на широкиот рид и тогаш линијата на овој фронт ќе се израмнеше. Во спротивно Италијаните пак можеа да се вратат во Клисура.

Нападот на селото Бумбеши го изврши 33-тиот полк во состав со вториот баталјон, кој првин ја прегази допојас реката во подножјето, иако тоа беше февруари. Во првите денови од февруари времето беше сончево, убаво и топло. Баталјонот го продолжи нападот по угорнината на ридот со извици УРА, и по четири часа крвава борба заедно со останатите чети, полкот се искачи на ридот и селото. Четите беа десеткувани, војниците ослабнати, истоштени. По неколку дена четата се пополни со нови војници, се донесоа лопати и казми и ископавме длабоки ровови.

По истекот на неколку дена Италијаните отпочнаа со контранапади, се обидоа селото пак да го заземат. Ние секогаш ги одбивавме. Ранетите италијански војници кои не можеа да се повлечат ги земавме, ги преврзувавме нивните рани и ги пуштавме во болниците за да се излечат.

На неколку бунари и чешми, италијанската артилерија без прекин фрлаше гранати, такашто и тука имавме ранети и убиени. За вода одевме дури на реката. Една група од 20 војници држеше положај на едно мало ритче. Долу во трапот течеше бистра вода. Од спротивната страна на другото ритче беа Италијани. На почетокот и тие и ние во трапот буклињата ги полневме ноќе, подоцна водата ја пеевме дење. Кога ние

одевме за вода на Италијаните наспроти нас им дававме знак со бела крпа, кога одеа тие, тогаш тие ни даваа знак, и така и тие и ние водата ја пиевме братски.

Со затоплувањето на времето големиот број убиени италијански војници, кои се наоѓаа во неутрална зона, почнаа да се распаѓаат. Местото засмрде. Се заканuваше опасност од епидемија и на двете страни. Една италијанска делегација од 3 свештеници, облечени во бели облеки и со големи крстови на гуша, дојдоа на наша страна, побараа примирје и прекинување на огнот дури да се закопаат сите убиени тела. Грчката влада ова барање го одби.

Честопати Италијаните применуваа групно топовско бомбардирање, кое траеше и по неколку часа. Со такво едно бомбардирање на мојата чета беа ранети 9 и убиени 14 војници, беше направена вистинска касапница. Некои од војниците се ранувани по 2-3 пати, никој не можеше да ги прифати и подлегнуваа на раните. Ранетиот на ридот над Билишта, капетанот Рондојанис се врати пак на фронтот и си ја презеде својата 5-та чета. Не праша уште колку останавме од старите војници. Му рековме: - Само 8. – Каде се другите? – Убиени и ранети, - и му ги наброивме со ред имињата. Почна да плаче. Плачеше како мало дете, плачевме и ние. – Се гордеев со вас, рече. – На моите колеги им велев, во мојата чета сите се Македонци, како лавови се фрлаа во огнот, ми завидуваа.

На 9 март 1941 година на нашите позиции околу селото Бумбеши Италијаните ја извршија најголемата дотогаш офанзива која траеше без прекин 2 ноќи и два дена. Ни рекоа дека заради оваа офанзива во Албанија и на самиот фронт дошол Мусолини, кој самиот ја следеше. За времето колку што траеше оваа офанзива, малите ридови и селото на нив беа покриени со чад и прашина. На овој положај се истури со тони експлозив. Линијата ја одбранивме, непријателот имаше големи загуби, а исто така имавме и ние. На патот покрај реката камионите чекаа во редици за да ги земат ранетите. Четите, празнините се пополнуваа со нови војници. Некои од војниците не достигнуваа да се пријават во четата: на патот беа ранувани или убивани. Некои од новите војници што пристигнуваа во

четата посакуваа да ги видат Македонците, и да им се восхитат на нивниот хероизам.

Со нападот на Германците на Југославија и Грција, се најдовме во тешка положба и со голема брзина требаше да се повлечиме. Во спротивно, сите ќе бевме заробени. На 9 април полкот го напушти фронтот и при повлекувањето се запре во близина на мостот Мерџани, на самата грчко-албанска граница. Полкот доби наредба да заземе положај на одбрана, за да може да се повлече преостанатата војска од Албанија, во која и претстоеше опасност да остане отсечена. Некои офицери од полкот наредбата не ја прифатија, и кај војниците интерно створија паника. Еден дел од војската откажа да ја извршува наредбата на штабот. Истиот ден, на 13 април навечерта, штом се стемни, многу од војниците тргнаа за своите села и куќи. Несреќните војници паднаа во италијански раце, како и заседи од албански банди вооружени од Италијаните. Еден дел успеа да се извлече од заседите и пак се врати во полкот, ама повеќето настрадаа. Наредниот ден преостанатите војници заедно со штабот го преминавме мостот Мерџани и влеговме во наша територија, во близина на гратчето Коница, каде останавме неколку дена, и на 23 април дојдовме во Јанина, во која веќе имаше германска војска.

Во градот Јанина имаше многу војска и постојано пристигаше и друга. Штабот издаде наредба да не се разбегнуваме, да чекаме нови наредби. Германците ни го зедоа оружјето, ни ја прекинаа и храната. Во градот сите фурни и дуќани беа затворени. Имаше многу војска и сите останавме гладни.

Војниците почнаа да го напуштат градот.

Пензионираниот офицер Цамбурас од Кожани, штапски офицер на 2-риот баталјон, на неколку преостанати војници ни рече: - Деца мои, треба да го напуштиме градот и да си одиме по своите села и куќи. – Тој ни раскажа дека штабот правел наводно обиди на некој начин да не префрли во Каиро. Истата вечер, на 26 април, го напуштивме градот и тргнавме по своите села и куќи.

***

Во ова време кога Македонците по планините на Албанија гинеа масовно и ја бранеа честа на Грција, побеснетата клика на Цаксирас не престана со прогонување на Македонците во М. Преспа. И во ова време тие имаа луѓе затворени по затворите заради што луѓето се чувствуваа Македонци. Таков беше случајот на Митрета Кузманов од Герман, на кого син му Илија се бореше во 33-тиот полк на грчката армија, Митре се тресеше во логор заради тоа што не им се покоруваше на желбите на Цаксирас.

ГРЦИЈА ПОД ОКУПАЦИЈА НА ГЕРМАНИЈА МАКЕДОНЦИТЕ СЕГА УШТЕ ПОВЕКЕ ЈА ПОДИГНУВААТ СЛОБОДАРСКАТА СВЕСТ

Со навлегувањето на Германците на грчка територија, владините војници и жандарми, како и административните службеници и учители, кои престојуваа во М. Преспа, заминаа преку Костур за внатрешноста на Грција. М. Преспа остана слободна како никогаш дотогаш. Во ова безвластие многу луѓе се охрабрија и створија нереди. Навлегоа во напушените касарни и караули и оставените продукти и облека ги подигнаа. Посилните тука доведоа и запрежни коли и почнаа да дигаат предмети што им беа и што не им беа од корист. Караулите беа сосема изобличени. Во касарната од Роби, робенци почнаа да ги вадат вратите и прозорците. Некои се качија и на чатија и почнаа да ги вадат ќерамидите. Некои постари мажи ги спречија.

Положбата многу се влоши и требаше веднаш да се спречи. Требаше да се спречат и некои насилници кои станаа страв и трепет за населението. Никого не одбираа, туку редум вршеа пљачки, се маскираа, застануваа на крстопатите и ги пљачкаа минувачите.

Понапредни луѓе од селата, по своја иницијатива се собраа и договорија по селата да постават селски совети, кои врз себе ќе ја земат одговорноста како би се поставил ред по селата. Така по сите села се поставија совети од постари и поавторитетни

луѓе. Советите го препорачуваа следното: Она што Турците ни го правеа со векови, а Грците со години, ние нема да го правиме. Во оние села што имаше бегалци, советите бегалците ги зедоа под заштита, и оваа заштита траеше се дури се смири положбата. Сите настанати спорови кај селата ги решаваа советите.

Со распаѓањето на италијанскиот фронт се растури и војската. Преживеаните војници изнемоштени се враќаа од фронтот по своите куќи. Војниците се враќаа по групи и поединечно, луѓето кои работеа по нивјето, кога ќе видеа да се враќа група од војници ја оставаа работата и трчаа кај нив, се ракуваа, се гушкаа со нив. Најсреќни беа родителите на кои децата им се вратија живи и здрави.

На 25 јули 1941 год. во Мала Преспа имаше една единица од новоформираната Служба за безбедност на Чолакоглу. Новите жандарми во состав со бивши жандарми и приврзеници на Метаксас, се распоредија по поранешните жандармериски станици во М. Преспа. Населението го известија дека тие ќе бидат служба за безбедност, наедно и власт. Доаѓањето на новата власт во М. Преспа донесе нов немир кај населението. Со нивното присуство и активност сакаа да го опаднат моралот на населението, а како верни слуги на Германците ќе ги собираат даноците од населението.

Голем број од населението од овие села во кои дојдоа непожелните жандарми, за времето на Метаксасовата диктатура беа понижувани, малтретирани, затворани по затворите и мачени и од сето тоа беа огорчени и во нив се разгоре желба за отвор. Уште истиот ден, селаните се собраа и се договорија да им речат нив не ги признаваат за власт и со добро да ги напуштат селата. Жандармите не се согласија со тоа и рекоа дека имаат оружје и по потреба ќе го употребат.

Во Герман бранот беше најсилен и најефикасен. Уште истиот ден на жандармите кои беа сместени во бившата жандармериска зграда, им ја прекинаа водата. Селаните се договорија никој да не им се приближува и храна никој да не им дава, и тоа го сторија. Жандармите останаа без вода и храна,

ноќта одвреме навреме низ селото се слушаа пукотници од пушки и рафали од митралез. Жандармерискиот началник се исплаши, се обиде да воспостави врска со Германците во Лерин и не можеше. На 4-тиот ден на прозорот извади бела крпа и еден по еден ја напуштија зградата и селото, се запреа во Роби во касарната. Робенци за цело време не беа мирни. Настаните во Герман ги следеа и беа во тек со нив. На вечерта 29 јуни селаните што се прибраа од полската работа, на средселото се собраа сите, се договорија во касарната да испратат делегација од селани кои ќе побараат уште веднаш да го напуштат селото. Луѓето отидоа кај началникот, тој ги одби со зборовите дека до последниот ќе се бијат. На средселото имаше стотина мажи, а пристигаа и други. Положбата беше напната и во оваа напнатост од кај патот од Герман и Роби се чу борбена македонска песна и по 10 минути во Роби влезе колона од околу 200 младинци од Герман и сега сите заедно германци и робенци во колона од околу 350 души со борбени песни тргнаа кон касарната. Кога колоната пристигна до мостот и првите тргнаа за касарната, квислингшките жандарми отворија оган, поради застрашување на населението. Луѓето тргнале кон касарната и немале намера да пукаат со оружје. Луѓето се исплашија и се разбегаа по реката и по селските улици. По извесно смирување од околу еден час, група од селани се обидоа да одат кај касарната, се чуја истрели од пушки. Пукаа во се живо и го убија Мијал Мундушев од Роби, го ранија Доне Бечков од Роби. Ноќта жандармите ја напуштија касарната и заминаа за Лерин.

По 10 дена во М. Преспа пристигна германска војска со тенкови, а со нив и истераните жандарми. Го собраа населението, му се натресоа и му се натопорија и ги побараа иницијаторите. Селаните беа единствени. Германскиот офицер што ја предводеше колоната рече: - Ова нека ви биде простено, ако поново се случи истото, селото ќе ви биде изгорено, а сите вие ќе бидете убиени, и продолжи: - Овие тука ќе останат и ќе ви бидат власт. Тие се на наша, германска власт. Неколку мажи се доближија до офицерот и му рекоа: - Без разлика дека тие се ваша власт ние не ги сакаме, а имаме и зошто да не ги сакаме. Командирот се разлути и рече: - Комуниста. – Не, рекоа луѓето, ние не сме комунисти, ние сме Македонци, а тие не не оставаат

да бидеме Македонци, со сила не прават Грци. Офицерот рече: - Ред мора да има, и си замина, а жандармите по селата останаа.

Жандармите на германската квислиншка влада, во М. Преспа за населението не претставуваа нити власт нити држава. Тие беа како да не беа. Сега во М. Преспа се зборуваше по македонски, се пееја македонски народни и други песни од Илинденското востание. Германските жандарми вложуваа напори да го задушат овој силен слободарски дух со застрашување и затворање на поединци. Во Роби се запали една плевна и поради овој случај беа уапсени 9 души на кои им се досуди по 6 месеци затвор. При процесот на судењето во Лерин во обвинението плевната не беше спомната. Луѓето ги клеветеа, затоа што во селото биле организатори на оружен напад на жандармите во Роби, и дека луѓето се бунтовници. Подоцна беше установено дека плевната ја запалија жандармите и преку тоа да можат да ги затворат луѓето.

Во другиот дел на Преспа, во Г. Преспа беа Италијани и во Љубојно имаше италијанска војска. Преминот на Маркова Нога го чуваа италијански војници. Италијанската окупациона команда од Костур со германската окупациона команда од Лерин, на барање од Италијаните се спогодија М. Преспа да им припадне на Италијаните и во ноември 1941 год. во М. Преспа дојдоа Италијани.

МАЛА ПРЕСПА ПОД ИТАЛИЈАНСКА ОКУПАЦИЈА

Италијаните во М. Преспа во с. Орово и Роби поставија финансиери, а во селата Попли, Герман и Лок карабињери. Во близината на тумбата Крина на Нивичката Планина сместија артилериска батерија. Дотогашната грчко-квислиншка жандармерија, со доаѓањето на Италијаните ја напуштија М. Преспа и си отидоа во Лерин.

М. Преспа административно подлегна во Костур, наместо дотогаш во Лерин.

По истекот на десетина дена Италијаните кои беа информирани од германските квислиншки власти за состојбата во М. Преспа,

почнаа да не викаат кај нив и од нас да бараат оружје. Тие побараа да се вратат некои предмети кои беа земени од касарната при напуштањето на грчката војска. Во касарната од Роби луѓето беа држани со денови и на груб начин малтретирани: се бараше од нив оружје. Истото го правеа во Герман, Попли, Лок и Орово. Овде ги викаа луѓето и од другите села и ги држеа исто со денови барајќи од нив оружје. За оваа цел, во Роби дојде единица од педесетина италијански војници која се смести во касарната.

Истиот ден италијанскиот офицер, кој ја предводеше единицата, сите мажи од селото ги собра и од својот бележник на македонски ги прочита зборовите: Кој има оружје веднаш да го донесе. Кој има а не го дава ќе биде стрелан. Потоа не ослободи да го донесеме оружјето, нагласувајќи дека се работи за оружјето со кое пукавме во Грците. По 1 час селаните пак бевме собрани кај офицерот, ама оружје никој не носеше. Офицерот не виде без оружје и како да го фати бесот. Тој нареди веднаш да се построиме во редици по тројца и ние се построивме. Го зеде шмајзерот во рацете, застана на 10 м од нас и се спреми да пука. Така не држеше 2 минути, ние пребледевме од страв. И пак рече: - Уште една минута, кој има оружје нека излезе од стројот, ќе му биде простено, и погледна во часовникот на раката. Ние сите бевме неми. Одново погледна на часовникот и на војниците им нареди: Водете ги во Герман, таму ќе ги стрелам. Построени во редица по тројца, војниците не отераа во Герман и не затворија во една од училниците во училиштето.

Училницата беше мала за да не собере 150 души, колку што бевме. Три дена стоевме простум и се притискавме еден на друг. Во текот на овие 3 дена од Герман и од другите села беа доведени голем број луѓе кои ги сместија во други училници, од секое село засебно, и сите строго не чуваа. Другиот ден офицерот еден по еден не викаше кај него, со нас грубо постапуваше, не заплашуваше дека ќе не убие, а војниците со стапови и пендреци маваа по нас. На некои на главата им ставаше ќебе за да не гледаат и им велеше: - Кажувај каде ти е оружјето оти сега пукам, и со пиштолот пукаше низ прозорецот за да ги заплаши луѓето. Од кај офицерот, војниците не носеа во

засебна училница, а на преостанатите војниците им велеа: Офицерот уби некој од луѓето. Дури тие ги именуваа некои. Оваа специјално обучена единица во М. Преспа остана 10 дена и за ова време употребија разни начини на малтретираље и мачења за да откријат оружје, ама населението не подлегна на нивните малтретирања и оружје не пријави. По селата имаше оружје, бидејќи грчката војска од М. Преспа избега набрзина и го фрли оружјето, а голем дел војници кои се вратија од италијанскиот фронт и тие со себе носеа оружје.

За времето на големата гладост во Грција во раната пролет 1942 год. во Преспа идеа луѓе дури од Епир. Многу е тешко да се искажат маките на овие луѓе кои на себе товареа предмети и правеа пат повеќе од 200 км, за во селата од Преспа да ги заменуваат со леб. Преспанските селани за себе имаа доволно храна, и оваа гладост тие не ја почувствуваа и на секој кој ќе дојдеше кај нив му даваа храна да се нахрани и да понесе со себе за своите деца. Ама многу е потешко да се искажат нивните маки, најтешко и најсрамно беше кога во рацете на карабињерите и финансиерите ќе им паднеа млади жени и девојки, кои во своите куќи оставиле стари родители и мали деца, некои и свои мажи. Италијаните ги спроведуваа кај нив и ги држеа некои помалку а некои со недели, и ги задоволуваа своите страсти. Преспанските селани се трудеа овие жени да ги кријат од Италијаните, ама некогаш не успеваа. Болот на овие луѓе Преспани го пренесуваа и кај нив, затоа што со мажите и браќата на овие жени во грчко-италијанската војна заедно крвавеа против Мусолиниевиот фашизам и кога отстапувавме од овој фронт и врвевме по селата од Епир преку Јанина до Костур. Овие луѓе излегуваа на патот, ни даваа храна и вода, не примаа и за ноќевање, и спрема овие луѓе во извесна мера имавме и обврска.

М. Преспа за Италијаните претставуваше рај. Летото 1942 год. изврши попис на овците и говедаа и по пописот зедоа 20% од попишаната стока и неа ја однесоа во Костур. По првото земање по селата идеа секој месец, одвечер нарачуваа за наредниот ден овците и говедата да се чуваат дома, наредниот ден секој селанец беше должен своите овци и говеда да ги донесе на средсело, и по список да ги покаже на број. А тие самите го

одбираа она што ќе го земеа. Селаните беа присилени да им ги однесат дури до Костур, на 60 км од Преспа. Кога жетвата беше собрана тие на населението му зедоа жито и грав и го однесоа истото во Костур.

ФОРМИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКИ ПАРТИЗАНСКИ ГРУПИ И ОДРЕДИ

Во пролетта 1943 година во планините од Преспа имаше партизани. Со нивната појава Италијаните станаа многу посурови спрема населението. Земањето говеда и овци сега уште повеќе се засили. На населението му земаа без некој ред, како што тоа го правеа порано. И за она време колку што останаа во М. Преспа повеќе од ¾ од овците и половината од говедата ги зедоа.

Македонците од Егејска Македонија кои беа обесправени од Грците тесно соработуваа со КПГ, ама сега како Македонци, имаа потреба да се поврзат и да соработуваат со Македонците, браќа од Вардарска Македонија. Во прв ред Македонците од Лерин и Леринско со другарите од Битола и Битолско, за да се спротистават на окупаторите и да се дигнат во здружено востание. Наши другари, во прв ред Илија Димовски – Гоце, идеа од Битола и обратно од Битола во Лерин и така се правеше размена на илегални материјали. Оваа соработка која започна летото 1941 год. се зацврсти и продолжи. Контактите повеќе се развија 1942 година кога извесно време во Лерин престојуваа група илегалци од Битола. Другарите од Битола придонесоа за побрз развој за слободарското движење.

Кога на раната пролет од 1943 год. излегоа првите партизани на Вичо истовремено излегоа и сите Македонци од Вардарска Македонија кои престојуваа во Лерин. Кон крајот на 1942 год. една поголема група од одредот "Јане Сандански", формиран во септември 1942 год. во шумата над с. Лавци по вторпат престојуваше на Леринскиот терен и тие се вклучија во Леринскиот одред формиран во раната пролет на 1943 год. и заедно дејствуваа на Леринскиот и Костурскиот терен.

Одредот “Дамјан Груев” формиран на 6 јули 1942 год. на Бигла Планина над с. Златари како Битолско-Преспански одред во април 1943 год. мина низ М. Преспа и во неколку села направи митинзи и им ја објаснуваше положбата кај нив, каде владеат Бугарите, и треба да се борат против окупаторите како и против Бугарите кои ги тероризираат и ги убиваат Македонците. Одредот се префрли во Леринско, и воспостави врска со Леринскиот партизански одред Вичо и се договори за заедничко дејствување во Леринско и Костурско. Ова заедничко дејствување на одредите со преземените акции и митинзи по селата ја разгорува свеста на Македонците за слободарска борба. Она што може да се смета за едно од големите постигања, тоа е разоружувањето на контрашите од неколку села во Костурско.

На 22 мај 1943 год. на падините на Вичо во близина на селото Прекопана е формиран одредот “Гоце Делчев”.

Кон крајот на месец мај 1943 год. одредот “Гоце Делчев” пристигна во селата во М. Преспа, во неколку села одржа и митинзи. Од населението беше пречекуван со големо воодушевување.

Окружниот комитет на КПГ, бараше одредите да се раздвојат, и одредот составен од Македонци од Егејска Македонија да се стави под команда на ЕЛАС. Македонското партиско раководство за да се избегнат недоразбирањата се согласи, и на 1 јуни 1943 год. одредот беше раздвоен.

Одредот составен од борци од Вардарска Македонија замина за Пелистер и оттаму за Калојзана над селото Брајчино, а одредот составен од борци од Егејска Македонија замина за Вичо да дејствува во подрачјето на Вичо, Радош, Бигла и Кајмакчалан. Одредот од Вардарска Македонија селата од М. Преспа често пати ги посетуваше, во нив правеше митинзи и им го подигнуваше моралот на Македонците, им го укажуваше правиот пат за слободата на Македонија. Овие партизани од населението од М. Преспа секогаш беа примени со воодушевување и им се даваше и неизмерна помош.

Леринскиот одред се подели на два одреда: одредот "Кајмакчалан", а другиот по името на дејствување го доби името одред "Вичо". По советувањето на партизанските одреди од околија Лерин со претставник на ЕЛАС, на 20 јуни 1943 година се изврши реорганизација на Леринските одреди како и промена на терените, и дотогашниот Одред "Вичо" доби ново име одред "Бигла", со дејствување на планината Бигла и М. Преспа. По завршувањето на ова советување одредите тргнаа на терените каде што беа одредени да дејствуваат. Одредот "Бигла" се подели на мали групи во кои вклучи и повеќе активисти од овој терен со цел да ги нападнат Италијаните во Роби, Герман, Попли и Лок. Од ова Италијаните беа исплашени и во Роби се барикадираа во касарната и се припремаа за одбрана кога ќе ги нападнат партизаните. Ноќта се затвораа во касарната. Артилеријата која беше поставена на Крина повремено ноќта исфрлаше гранати кои експлодираа околу селата. Италијаните изадоа наредба за полициски час, со што на населението му се забрануваше движењето од заоѓање до угревање на сонцето. Мажите ги задолжија ноќта да ги чуваат. Така селани во групи по тројца со стапови во рацете, кружеа по улиците од селата во кои имаше Италијани.

Сега Италијаните станаа уште посурови спрема населението и такви населението од Преспа ги запамти.

Во селото Герман 20 селани кои од порано беа крајно разочарани од Грците во април 1943 год. од Италјаните примија пушки.

Во почетокот на јуни 1943 год. во Герман пристигна Одредот "Гоце Делчев", со кој командуваше Коле Канински н кого овие селани пушките му ги предадоа, подоцна поголемиот дел од овие луѓе преминаа во партизани.

Во август 1943 година одредот "Бигла" со кој командуваше Димитар Тупурковски а комесар Ѓорѓо Неделковски – Македона, ноќта ја нападнаа касарната во Роби во која имаше и војска. Италијаните имаа мртви и ране ти. Беше запален еден дел од касарната. За време на борбата артилеријата од Крина исфрлаше гранати кои експлодираа околу селото, правеа голема

паника и внесуваа страв. Тоа беше вистинска борба, како на фронтот.

По оваа успешна акција на партизаните, Германците од Лерин испратија моторизирана единица, за чистење на теренот од партизани кој немаше никаков успех. Пред крајот на август 1943 год. во германската планина Гарван, на бачилото беа собрани 20 души од кои имаше и партизани. Од осматрачницата на Крина луѓето ги забележија и од аеродромот од Корча полета еден авион кој на бачилото спушти неколку бомби, и го уби Андреја Петков од Герман, а уште тројца се ранети.

На 10 септември 1943 год. Италијаните ја напуштија Преспа. Со уште неколку селани од Роби со колите бевме присилно земени да ги носиме во Љубојно. Стигнавме на Рудина пред Љубојно и запревме. Тука беше и друга војска и артилеријата, која пред нас беше пристигната.

По неколку часа чекање, патот го продолживме за Љубојно. Кога првите Италијани пристигнаа на Полена во Љубојно пред нас се појави партизан. На гушата носеше црвена шамија, во десната рака цврсто држеше шмајзер. Тој беше партизан од одредот "Гоце Делчев", кој пред тоа во Љубојно пристигна за да ги дочека и разоружа италијанските војници. Ама во моментот една моторизирана германска единица, пристигна во Љубојно, и се разви борба со партизаните. Ми остана во сеќавање партизанот кој трчаше по патот и се пробиваше низ Италјанците кои се тргнуваа настрана, му правеа пат и викаа: Боно партизано, Боно партизано. Тој ги имаше заробено сите Италијани кои не беа помалку од 150 војници. Беше и Лазо Секулов од Роби со колата и мене ми рече: Овие сега нека ги пуштат во блатото во Наколец да фаќаат жаби, - се насмеавме. На враќање партизанот падна на Полена. На Полена се убија уште 2 партизани. За време на борбата ние се засолнавме во куќата на Стојана Јанкулов. На Полена во Љубојно во чест на убиените партизани љубанци подигнаа спомен-плоча.

Од есента 1943 год. М. Преспа беше слободна територија. Населението беше организирано и зачленето во антифашистичките организации во прв ред КПГ, ЕАМ и

резервна војска ЕЛАС. И во ЕПОН и од декември 1943 година македонското население беше вклучено во СНОФ, и во овој период М. Преспа одигра голема улога за развојот на отпорот против окупаторот.

Во првата половина на октомври 1943 година, Одредот "Гоце Делчев" престојува во с. Герман, Роби, Рудари, Нивици и од населението беа пречекани со големо воодушевување и им се даваше неизмерна помош. Во с. Винени на 11 ноември 1943 год. од партизанските одреди "Гоце Делчев" и "Даме Груев" е формиран баталјонот "Стив Наумов".

Македонско-косовската бригада, спрема дневникот на Стојан Глоговац, комесар на бригадата, на 7 декември 1943 год. во 7,30 часот тргна од Дебрца на пат за Преспа. Пристигна во с. Горица, тука добија храна и се одморија. На 8 декември бригадата преку Пустец пристигна во Зрноско, овде добија храна и преноќеваа. Наредниот ден 9 декември рано имаше покрет и пристигнаа во најблиското село Орово. По краток одмор првиот баталјон со штабот на бригадата го продолжи патот за село Граждено. Овде се одморија и беа распоредени по куќите, добија храна и се одморија. Преноќеваа, и беа пречекани пријателски и со воодушевување. На 10 декември, зашто мостот на Перово беше рушен, преку некои премини стигна во с. Герман целата бригада со штабот на чело. Четвртиот баталјон доби наредба да се врати во с. Медово, останатата бригада со главниот штаб остана во Герман. Баталјонот во Медово беше распореден по куќите, доби храна. На 11 декември по наредба на командантот на бригадата баталјонот се врати во Герман. Овде е извршено стрелање на еден Црногорец дезертер од логорот во Солун кој пред тоа беше италијански полицаец, имаше убивано луѓе и заедно со други четници интерниран во Грција, во логорот во Солун и оттаму пребегнат, сега фатен во Граждено.

На населението од Герман му е одржан и говор каде е укажано значењето на нашата борба. По ручекот баталјонот пак се врати во Медово. Интересно е што Глоговац пишува дека овде се куќите многу убави, по 2 и 3 спрата. Баталјонот оваа ноќ преноќеваше во Медово и на 12 декември баталјонот пак се

врати во Герман. Истиот ден главниот штаб со штабовите на баталјоните кои беа тука на одмор бригадата тргна по нагорнината на планината за селото Буф. Во Буф бригадата беше добро дочекана потоа го продолжи патот за Горно и Долно Клештино, па Крушоради за Кајмакчалан.

Тука треба да се нагласи улогата што ја изиграа македонските партизани од Вардарска Македонија, кои во Мала Преспа како во овој период па и порано, често пати навраќаа и престојуваа по селата. Тие го укажуваа правиот пат по кој Македонците треба да се борат за својата национална слобода и независност. Тие беа добро организирани во големи формации со челична дисциплина, и решени да се борат до конечна слобода и влеваа сигурност со што го подигнуваа моралот кај населението, посебно на младите. Населението им се восхитуваше и ги сметаше за свои браќа, правеше се за да им помогне, тие се бореа за Македонија. Партизанските песни што ги пееја, се врежуваа во срцата на населението. Во овие песни се велеше: "Слободата ти е пред тебе, земи ја пушката, бори се и ќе ја имаш, сега е време. Ако тоа сега не го сториш ќе ја изгубиш, други ќе ти ја земат и ќе останиш без неа којзнае до кога."

БУГАРИТЕ И НИВНИТЕ ЗЛОСТОРСТВА ВО ПРЕСПА

Со капитулацијата на Италија на 10 септември 1943 год. бугарските окупациони единици кои дотогаш го држеа Ресен и преминот Макази сега ги окупираа селата од Преспа до Маркова Нога, сегашна југословенско-грчка граница и на преминот Маркова Нога оддалечен 4 км од селата Роби и Герман чуваа бугарски војници. Бугарите знаеја дека во нашите села има партизани. Тие знаеа дека во борбата со партизаните е вклучено целото население од Преспа и беа желни да се налокаат крв. Со појавата на Бугарите населението од Преспа одново се вознемири бидејќи знаеше дека тие не дојдоа за добро.

17 јануари 1944 год. Овој ден не сакав да го видам, овој ден не сакаа да го видат и моите селани. Околу 9 часот наутро околу селото се слушнаа пукотници од пушки и рафали од митралези. Малите деца кои во ова време излегуваа по дворовите и по

улиците за да се играат ги слушнаа пукотниците и со викање Бугари, Бугари се испикаа по куќите. На дечињата не им беше прв пат да бегаат од Бугарите. По 10 минути пукање, пукотниците престанаа и низ улиците од селото трчаа бугарски војници и ги блокираа куќите. Се чу гласот на камбаната, што означуваше населението да излезе на средсело. Ова го правеа Бугарите секогаш кога ги напаѓаа селата. Населението го собираа на средсело и им држеа говори против партизаните и се претставуваа како ослободители на Македонија.

Додека селаните се собираа на сретсело, војниците по куќите вршеа претреси, бараа партизани и оружје. Група од неколку војници доведоа 7 младинци од 17-20 год. Во моментот кога се слушнаа првите пукотници, момчињата беа на патот од Герман за Роби, и веднаш избегаа од патот и влегоа во трапот Гушајца, кој води исто за Роби. Децата поодија по трапот и влегоа во споредниот трап за Медово, и војници кои минаа за Медово преку ридот за Медово и Роби ги пресретна момчињата и ги фатија. Ги врзаа со тељ со боцки што го зедоа од една ограда така што од рацете им течеше крв. Фетфебелот кој ги спроведуваше децата, со кундакот од пушката маваше по нив. Едно момче изгуби рамнотежа и падна, над него се навалија и други зашто беа врзани заедно.

Мајорот што ја предводеше оваа операција, човек во години качен на коњот, нареди децата да се одведат на Маркова Нога. Неколку постари мажи од селото го замолија мајорот децата да ги ослободи, тој беше неумолив. Така децата со мавање и туркање беа спроведени на Маркова Нога.

Еден млад офицер се појави на балконот од куќата на средселото и одржа говор. Меѓу другото рече дека тие, Бугарите се силни, имаат силен сојузник – Германците, и заедно со нив ќе бидат победници на оваа земја која ќе биде нивна.

Младите македонски момчиња кои успеаја да избегаат од ноктите на Гестапо и Германците во Лерин и во Преспа дојдоа да го спасат животот и да им се придружат на партизаните. Беа фатени од бугарските фашисти и во близина на с. Д. Дупени на

свиреп начин со копачи и ножеви крвнички убиени. Овој морничар случај го потресе населението од Преспа.

Општинското собрание на Ресен, во чест на овие загинати македонски момчиња на местото каде што се убиени, во непосредна близина на грчката граница подигна спомен-плоча и задаси 7 борови.

Десетина дена по овој настан бугарските војници преку караулата на Маркова Нога навлегоа во слободната територија и дојдоа под водениците на Роби. Овој пат во Роби престојуваше македонска партизанска единица. Селаните кои беа оставени надвор од селото за да надгледуват веднаш ги известија партизаните. Партизаните не се исплашија и не избегаа. Тие на бугарските војници им го пресекоа патот и со нив поведоа борба. Убиен беше еден бугарски војник и двајца ранети. Останатите војници успеаја да избегаат низ полето и да влезат во трските од блатото, каде останаа се додека дојде помош од нивни војници. Партизаните се повлекоа од селото. Бугарите тој ден не се осудија да дојдат во селото.

МАКЕДОНСКО-КОСОВСКАТА БРИГАДА ПО ВТОРПАТ ПРЕСТОЈУВА ВО МАЛА ПРЕСПА

На 23.IV утрото по тешко патување, исто спрема дневникот на Стојан Глоговац, Мадедонско-косовската бригада пристигна во с. Лок М. Преспа. Месното население ги дочека со одушевување, ги снабди со храна и се друго што им беше потребно и во 6 часот навечер со чамци преминаа преку Малото Преспанско Езеро и пристигнаа во с. Дробитишта, потоа во с. Граждено и на 25.IV утрото ја преминаа границата и пристигнаа на албанска територија во с. Церје, од каде заминаа за Дебрца и Караорман.

МАЛА ПРЕСПА ЈА НАПАЃААТ БАЛИСТИТЕ ОД АЛБАНИЈА

Селата од М. Преспа често пати беа напаѓани и од балистите од Албанија. Тие идеа со Германци. Исто и тие вршеа претреси по куќите, бараа партизани, а од ковчезите земаа накити, ќилими,

јамболии, и се убаво од покуќнината. Тие земаа кокошки, јагнишa, ракија и ги напуштаа селата. Се сеќавам на еден таков напад од балистите, во селото престојуваше мала група партизани, а со нив двајца Англичани во воената мисија при ЕЛАС. Балистите беа пречекани најубаво и им се даде се што посакаа за побргу да го напуштат селото. Англичаните беа импресионирани и восхитени од овој толку успешен приод на населението.

Во април 1944 год. КПГ донесе одлука за расформирање на СНОФ. Со овој акт на македонското население му се внесе недоверба спрема КПГ.

ФОРМИРАЊЕ НА ПОГОЛЕМИ МАКЕДОНСКИ ОДРЕДИ

На 2 август 1944 год. е формиран Леринско-костурскиот баталјон во с. Поздивишта – Костурско и го доби името “Гоце” по својот командант Гоце. Баталјонот “Гоце” се бореше со неизмерна сила против окупаторот нанесувајќи му голема штета.

ВО С. ГЕРМАН СЕ СПРЕМА КУРС ЗА МАКЕДОНСКИ УЧИТЕЛИ

Во почетокот на август 1944 год. се извршија подготовки за отворање на училишта со македонска настава во учебната 1944/45 год. За оваа цел во Герман дојдоа неколку учители млади македонски деца кои порано имаа завршено грчко-учителска школа. Овие учители сега требаше да припремат програма за воведување македонска настава во училиштата. Учителите ги завршија подготовките за воведување и отворање курс за македонски учители за кои беа пријавени дваесет младинци од селата кои пред тоа имаа стекнато образование во средни и други училишта. Кога се беше подготвено и курсот требаше да почне, наставниците беа повлечени со наредба на главниот штаб на ЕЛАС, беше забрането воведуваше на македонска настава по училиштата. Населението кое со големо интересирање чекаше да ги види првите македонски учители, веднаш се посомнева дека неговата борба е издадена од раководството на ЕАМ и КПГ.

ГРЧКОТО РАКОВОДСТВО НА ОТПОРОТ ГО ЛИКВИДИРА МАКЕДОНСКОТО ПАРТИЗАНСКО ДВИЖЕЊЕ

Раководството на Централниот комитет на КПГ во текот на подготовките за склучување на договор во Казерта – Италија со избеганата влада на Грција, реши македонскиот баталјон да го расформира. Македонците не се соглација со ова решение, и македонското раководство за да го избегни крвопролевањето со ЕЛАС која сосила сакаше да ги растури македонските единици, реши да ги префрли во Југославија, за да ја продолжат борбата против Германите. Единиците од баталјонот кој на пат за Југославија минаа низ М. Преспа се задржа во Герман и Роби. Овде тие беа дочекани со воодушевување, и кон овие единици се приклучија извесен број младинци од селата од М. Преспа. Во Преспа пристигна единица на ЕЛАС и притвори извесен број луѓе од селата.

ДОГОВОРОТ НА ВАРКИЗА, ПОРАЗ НА ДВИЖЕЊЕТО ВО ГРЦИЈА

На 12 февруари 1945 год. беше потпишан договор на Варкиза помеѓу преставници на одборот ЕАМ и КПГ, и претставници на националната влада на Папандреу. Со овој договор единиците на отпорот ЕЛАС го положија оружјето и со тоа беше означен и конечниот пораз на движењето на отпорот во Грција. Сега беше јасно дека во М. Преспа ќе дојдат пак истите Грци кои беа и порано. Беше јасно дека населението го чекаат нови маки, нова борба, безброј жртви и многу крв.

ГРАЃАНСКАТА БОЈНА ВО МАЛА ПРЕСПА ДОАЃА МОНАРХОФАШИСТИЧКА ВОЈСКА, СПРОВЕДУВА ГОЛЕМ ТЕРОР СО АПСЕЊЕ И УБИВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО

На 14 мај 1945 год. во М. Преспа пристигна грчка монархофашистичка војска и се смести по куќите во Роби. Војската штом дојде во М. Преспа, уште веднаш по селата отпочна со терор. Истиот ден офицерот што ја предводеше

војската, не собра мажите од селото и рече: - Од денес да знаете тука е Грција и уште отсега ќе се зборува по грчки и само по грчки. Кому не му се допаѓа уште сега нека бега, ене ја границата, и со рака ја покажа југословенската граница на 3 км од селото. Тогаш тој го забрани одењето од село во село и за посебни случаи војската издаваше пропусници. Истиот ден нареди полските работи да се извршуваат од угревање до заоѓање на сонцето. И на секого кој ќе се најде после ова време ќе се пука.

Со овој однос на војската приличен број мажи од кои некои беа засолнети ги напуштија своите куќи и села и заминаа во планините и шумите, а мнозина и преку граница.

По неколку дена група од наоружани војници со наоружани бегалци од маалата на с. Герман Шаовци, од Роби Бостанџиовци, како и од Попли одеа во куќите во селата чии мажи не беа дома и им земаа предмети од покуќнината, прехранбени артикли, земаа овци и ги колеа за да се гостат и го застрашуваа населението со протерување. Тогаш од Роби зедоа 6 жени чии мажи не беа дома и ги испратија во затворот во Лерин и така започнува календарот на масовно затворање и мачење на населението.

На 14 јуни 1945 година офицерот од Роби взори не собра сите мажи од Роби, не построи во редица по тројца и со своите војници не однесе во Герман пред полициската станица. Наоколу постави војници за да не чуваат. По 1 час чекање, на вратата од жандармериската зграда се појави началникот на жандармеријата за околија Лерин и ги прочита имињата на 7 души од Роби. Жандармите веднаш ги отстранија, на рацете им ставија лисици, ги товарија во војнички камион и ги одведоа во затворот во Лерин. Четворица од овие луѓе беа одведени во логорот Касандра.

На 18 јуни во с. Попли на исти начин со застрашување на средселото ги собраа сите мажи од селото. Зедоа 10 мажи и жени и врзани ги товарија во камион, ги однесоа во затворот во Лерин и оттаму во логорот во Касандра. Со оваа група затвореници од Попли беа земени Ристо Јошев и Стојан

Димовски, кои подоцна, во мај 1947 беа убиени. Овој терор принуди мнозина Преспани бивши борци да излезат во планина и да формираат вооружени групи.

На 22 јуни во Попли тие го убија Георгиос Јатракас поранешен полицаец во Попли, кој беше шпион и кај Германците, а и сега не се промени. Взори се чуја истрели од пушки и веста за убиството се пренесе веднаш низ целото село. Сите мажи Македонци уште веднаш го напуштија селото и се скрија во трските од чаирот од Мало Езеро. И жените го напуштија селото и отидоа во нивјето да работат. По 1 час во Попле пристигна една двочета војници од Желево. Наоружаните војници на средселото слегоа од камионите и го сардисаа селото. Влегоа по куќите, ги кршеа заклучените врати од одаите, ги кршеа ковчезите во кои се чуваа облека, накити и др. Од нив земаа скапоцени накити, тоа се ѓердани со златници што во овој крај младите невести и жени ги носат. Неколку постари жени и по некоја млада што останаа по куќите ги забраа пред нив и со трукање, буцкање и мавање ги донесоа на средсело, ги качија во еден камион, ги однесоа во Желево и ги затворија во училиштето. Се обидоа да ги палат куќите, ама тоа не го сторија затоа што со македонските куќи ќе изгореа и куќите на бегалците и така се откажаа од палењето. Жените што ги однесоа во Желево ги задржаа 20 дена и за ова време секој ден ги тепаа до бесвест па им турваа студена вода. Од силното тепање умре Цветковица Кеќенова за чии маж се сомневаше дека бил во судирот. Од мажите кои во моментот го напуштија селото, некои постари што не можеа да се вратат назад, затоа што бегалците стално ги навредуваа, им викаа: “Охранити”, што седите тука, да си бегате и вие!

На 15 јули 1945 година началникот на жандармериската станица од Попли Сарандопулос, со своите жандарми и наоружани шпиони бегалци од Попли, како и група од наоружени војници, ноќта ја заобиколија куќата на Никола Стерјовски од Оровник, тогашен окуржен секретар на КПГ за М. Преспа, го фатија Никола и го однесоа зад пченките под селото. По кажувањето на очевидци учесници на ова злосторство во пченките ноќта на Никола му ги корнеа ноктите, го дупеа со ножеви и му ги сечеа вените. Цела ноќ го мачеа се

дури му излезе душата. Овој злочин го потресе целото население од М. Преспа.

На 22 август 1945 година надвор од селото Герман се фатени шестмина селани од Герман и се однесени во затворот во Лерин.

На 27 август од Герман се земени тројца, а од Орово шестмина и беа однесени во затворот во Лерин.

На 29 август потерна единица го заобиколи селото Бесфина и со пукање и застрашување на населението, им зеде мед и овци, а кога заминуваа со нив зедоа една жена и ја одведоа во логорот во Лерин.

На 30 август од Букоик истата потерна единица зеде тројца мажи и ги одведе во затворот во Лерин.

На 30 август потерна единица го обиколи реонот Африка (тоа се селата од западниот дел од Езерото: Нивици, Винени, Орово, Граждено, Трнаа и Дробитишта), убија двајца и ранија неколку невооружени селани.

На 9 септември потерна единица во селото Стрково изврши претрес и уапси 2 жени.

На 16 септември одново беше нападнато Стрково, разбеснетите владини војници го заобиколија селото и од кога извршија претрес од куќите уапсија 7 мажи и 4 жени.

На 10 октомври на исти начин од Рудари беа земени 15 мажи.

На 15 октомври Стрково одново беше заобиколено, беа земени 17 мажи и сите беа обвинети за автономистичка дејност.

Во с. Герман од 20-24 октомври беше заобиколено од жандармерија и војска, по куќите вршеа претреси и ги уапсија 65 мажи и жени. Беа одведени во жандармериската станица во Герман, тука беа мачени и малтретирани и потоа беа испратени во затворите во Лерин.

Во ноември 1946 година монархофашистите отпочнаа со конфискација по селата на оние фамилии чии мажи не беа дома. Им се земаше храна и подвижен имот, тоа личеше на грабеж затоа што многу од бегалците си ги земаа за себе, а со тоа се богатеа.

На 16 ноември Герман одново беше заобиколено и беа уапсени 70 мажи и жени кои ги обвинија дека се автономисти.

Есента и зимата теророт продолжи. Немилосрдно се гонеа и малтретираа луѓето, некои од бегалците на поедин Македонци им велеа: - Што седите да си бегате оттука. Бегајте си сами дури да ве истераме ние.

На 5 март 1946 година потерна единица го нападна селото Лок и уапси 12 мажи, а од Букоик тројца.

На 31 март 1946 година во Грција се одржаа парламентарни избори. Во текот на предизборната кампања теророт се зголеми. Бегалците шпиони на населението им се закануваа дека оние што не ќе одат на гласање ќе бидат протерани од Грција. На денот на гласањето кај гласачкото место во Герман до калпите* (Гласачките кутии.) стоеја исто шпиони бегалци и гласачките ливчиња на луѓето им ги прегледуваа пред да ги стават во гласачката кутија.

На 1 мај потерна единица одново го нападна Лок и го малтретираше населението.

На 9 мај истата потерна единица го нападна Трнаа и уапси 8 лица.

На 10 јуни во с. Бесфина потерна единица го заобиколи селото. Тука останаа неколку дена и грубо го малтретираа населението. Заради велигденските празници, пееја македонски песни и играа македонски ора. Уапсија 40 мажи и жени, немилосрдно ги претепаа, а потоа ги спроведоа во затворот во Лерин.

На 28 јули владини војници одново го заобиколија Бесфина и уапсија 4 мажи.

На 29 август пак го нападнаа Бесфина, беа ограбени овци и го заплашуваа населението. Уапсија 1 жена.

На 30 август потерна единица на монархофашистичките банди го заобиколија Букоик и беа уапсени 3 мажи.

Ова се само дел од бројните терористички акции на грчките монархофашисти во Мала Преспа во 1945 и 1946 година.

СО ПОЈАВАТА НА ВООРУЖЕНИ МАКЕДОНСКИ ГРУПИ ТЕРОРОТ СЕ ЗАСИЛУВА

Во пролетта 1946 година поради силниот терор, илегални вооружени групи се здружија и заминаа во планините на М. Преспа, каде имаше организирани македонски вооружени групи кои беа способни да вршат акции на жандармериските станици и на војската во М. Преспа.

Монархофашистичките власти со своите банди немилосрдно го малтретираа населението од М. Преспа. Sверствата што ги правеа над Македонците не е можно да се опишат. Дотогашната акција за грцизирање, сега ја изменија со убивање и протерување на населението од овој крај. Големиот притисок што го правеа со убивање и затворање, над непокорливиот народ беше со цел луѓето да го напуштат својот крај и ним да им ги отстапат богатите и прекрасни предели. Луѓето што останаа по селата да живеат, живееја под најтешки услови што може да се замисли за живеење. Тие не знаеја кога ќе тропнат вратите, кога ќе залаат кучињата и наоружените војници, жандарми и шпиони ќе влезат по куќите и да ги заберуваат луѓето. Да ги убиваат по патот или да ги однесат по затворите, и таму судиите од воените судови да им судат смртни и други казни. Луѓето не знаеја ако ги осуни дали ќе ги стемни пак живи, или ќе бидат однесени во некоја орница или дере и тука животот ќе им биде прекинат. Луѓето живееја ден за ден и секој нареден ден беше продолжување.

Како што бројот на партизаните стануваше се поголем, тие сега беа присутни по селата, бесот на владините платеници и жандармериски претставници стануваше се поголем и поголем. Началникот на жандармериската станица во Герман, кој беше и началник за М. Преспа, Гизас, беше човек без човечки чувства. Со својата широка мрежа од жандарми, а некои и од редовите на бегалци, во селата воведе терор. Во жандармериските станици во М. Преспа, секој ден носеше мажи, жени и девојки. Тука нив ги држеше со денови и недели. Ги тепаше и мачеше на најпримитивен начин. Ги товареше со обвинениja, од нив бараше да признаат она што не го виделе, не го чуле и не го сториле. Ги товараше во камиони и ги носеше по затворите во Лерин. И кога затворите биле преполни со луѓе, тој своите затвореници ги затвораше по плевните.

На 27 април 1946 година џелатот на М. Преспа, Гизас, човекот кој со стотици луѓе од Преспа ги зеде во жандармериската станица во Герман и Попли, ги измачи крвнички и ги испрати по затворите во Лерин, каде судиите им изрекуваа смртни и други казни. Ноќта по полноќ, од Герман зеде 40 мажи и 6 жени и од кога ги измачи, ги испрати во затворот во Лерин, каде од овие и луѓе земени на 16 ноември 1946 година судиите во затворот од Воениот суд на 13 од нив (Методија Торков, Стојан Јанков, Герман Боглев, Васил Белев, Фоте Мечкаров, Стојан Љангов, Вангел Четелев, Јоше Јованов, Андреја Иванов, Лазор Русев, Вангел Нушев, Герман Бабинкостев и Герман Младенов) им досуди смртна казна и казната е извршена на 28 октомври 1948 година во стрелиштето во Лерин. Не е можно да се искажат страдањата и малтретирањата на Македонците од овој крај, од страна на жандармериските и други потерни единици и банди, кои во овој период престојуваа во М. Преспа. Исто така не е можно да се искаже и отпорот на македонското население. Вреди да се спомене дека младите 13 момчиња кои беа осудени на смрт во затворот во Лерин ги зедоа ноќе, ги товарија во камиони и кога ги носеа по главната улица во Лерин тие на глас ја пееја песната “Во борба, во борба македонски народе”. Граѓаните од Лерин излегуваа на прозорците и мислеа дека дојдоа партизани. Кога момчињата ги построија во ораницата до ископаниот гроб тие пак пееја револуционерни песни и викаа “Гиниме за слободата на Македонија”.

Овој жалосен и морничав злостор ја потресе цела Преспа и градот Лерин.

Продуктите од УНРА кои беа наменети за постраданото население од војната со Германците, во голема мера беа станати сопственост на неколку луѓе шпиони, и никој не можеше да се спротистави против тоа, на кого му се даваат продуктите.

Лазо Ќучукот, бегалец од населбата Шаовци, редар на водата во Роби, со пушката на рамо влезе во куќата на Никола Стојанов и почна да вика: Ќе ми го фатиш оној црвениот петел, црвени сакам многу да јадам. Во куќата на Никола имаше партизани. Тие Ќучукот веднаш го разоружаа и му се заканија, па уште еднаш не му текна да побара ниту бели ниту црвени петли.

Шумарот од Герман Илија заедно со 2 жандарми излегоа од кафеаната на Апостола и тргнаа за Герман. Беа пијани, по патот одеа и се нишаа како будали. На жените кои приквечерината одеа на чешма за да залеат вода ги запираа и им изразуваа љубов. Нспроти патот, во куќата на Петре Видинов имаше партизани. И кога ги видоа во таква положба не можеа да се совладаат. Ги зедоа шмајзерите и сакаа да ги покосат насилниците. Во моментот се вмеше Петрејца и ги спречи партизаните. Ова се слики од насилничките самоволија на луѓе од владиниот апарат.

Партизанските македонски единици кои во овој период дејствуваа самостојно и одвоено од ДАГ, на 21 ноември 1946 година се соединија со единиците на ДАГ и движењето зајакна. Така зајакнато беше способно да врши поширок акции против монархофашистичката војска.

Спогодбата е склучена во с. Турје – Леринско.

КОМИСИЈА НА ОН ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА ВО ГРЦИЈА

Пролетта 1947 година во Грција престојуваше Комисија на ОН со цел да ја испита настанатата ситуација во земјата за која

грчката влада како главни виновници за тоа ги сметаше своите соседи Југославија, Бугарија и Албанија. За оваа цел и за да се прикаже фактичката положба на теророт во М. Преспа во Герман работеше Комисија од организирани луѓе кои во соработка со претставници од другите села изготовија меморандум кој требаше да се предаде на оваа комисија штом таа ќе дојде во М. Преспа. Наедно имаше и такви луѓе кои лично ќе истапеа пред Комисијата со докази за теророт, кој го воведоа државните органи. Иако во ова време беше многу тешко да се зборува оти луѓето на Гизас и Сарандопулос им се закануваат со смрт. Ама луѓето беа решени на се.

Со оглед на тоа дека во М. Преспа оваа комисија не дојде, меморандумот со уште голем број потписи од населението беше испратен во главниот штаб на ДАГ. Заслужува да се споменат имињата на двајца активисти. Стојан Димовски и Ристо Јошев кои по издржувањето на казната во Касандра беа ослободени. И на 23 април 1947 година беа повторно земени поради активноста за прибирање материјали за анкетната комисија. По заминувањето на комисијата од Грција, во Лерин им се судеше на 40 Македонци и Грци од кој 22 од нив беа осудени на смрт. Меѓу нив Ристо Јошев, Стојан Димовски од Попли, лекарот Јоанидис од Лерин, секретар на Окуржниот комитет на ЕАМ, и други, а на 27 јули казната беше извршена.

За време на престојот на комисијата на ОН во Грција теророт во М. Преспа не престана, дури тој уште повеќе се зголеми.

На 24 март 1947 година во 2 часот ноќта војската го заобиколи Роби. Жандарми и шпиони за време од 1 час, од постела зедоа 26 мажи и 6 девојки. На мостот од реката чекаше камион, и како луѓето ги носеа, така ги пикаа со туркање како говеда во камионот, ги одведоа во Попли и ги затворија во една плевна.

Во плевната побеснет влезе началникот на жандармеријата Сарандопулос, и почна да вика: “Охранити, Охранити”, да пцуе мајки, шајки, ристоси и богородици. Да вика: Сите ќе ве убијам, куќите ќе ви ги запалам, сите во нив ќе ве изгорам.

Несмасните заби му штракаа, косата му беше разбушавена, и повеќе личеше на животно отколку на човек. Другиот ден ги викаше кај себе, и неговите луѓе ги направија еден со друг да не можат да се препознаат.

По 10 дена ги испрати во затворот во Лерин, каде судиите од воениот суд им досудија строг затвор до 10 години.

На исти начин на 17 април од Герман се земени 30 мажи и 6 жени. Со тоа на населението сакаа да му го скршат духот и верата во победа, да го намалат бројот на луѓето за активно учество во партизаните, како и помош за партизаните. Луѓе од оваа група ги обвинуваа за активно учество во прибирање материјали за анкетната комисија.

Партизаните имаа доволно сили да ја ослободат М. Преспа. Населението беше спремно и готово да им помогне. Главниот пат од Лерин за М. Преспа долг околу 65 км секогаш беше под контрола на партизаните. Преку овој пат владината војска и жандармеријата се снабдуваа со засилување и опрема. За да се донесат овие работи 1-2 камиони не можеа да стигнат до М. Преспа, и затоа тие секогаш одеа во колони и придружени со војска за да ги чува.

На 10 мај 1947 година партизаните ја нападнаа жандармериската станица во Лок. По неколку-часовна лута борба станицата падна во рацете на партизаните. Од оваа борба живи останаа двајца жандарми. Тие, додека траеше борбата успеаја да се скријат во една кочина и кога се смири ситуацијата се извлекоа од селото, влегоа во трските од езерото, со цапање низ водата по трските излегоа во Граишта и оттаму искиснати до гуша стигнаа во жандармериската станица кај Сарандопулос во Попли. За овој успех на партизаните имаат заслуга и селата Лок, Буковик, Оровник, а најголем с. Бесфина, каде во ова планинско село партизаните секогаш имаа засолниште и можеа да се подготват.

На владината војска двајцата преживеани жандарми и внесоа голем страв, а тоа може да се види и од тоа што по неколку дена Сарандопулос го напушти Попли и замина за Лерин. Од

војската во с. Орово дезертираа 8 војници и преминаа во партизани. Офицерите исплашени за да не им побегнат и други војници донесоа одлука сета војска и жандарми стационирани во неколку села во М. Преспа да се соберат во Роби. Во Роби дојдоа сите бегалци и шпиони најблиските соработници на Гизас и Сарандопулос поради сигурност.

Во Роби војската ископа ровови, на поедини места направи бункери и селото го утврдија. Чекаа силен напад од партизаните. Како што патот и врските со Лерин им беа пресечени, зашто беа под контрола на партизаните, војниците меѓусебе почнаа да се шушкаат и да не им веруваат на офицерите. Една група од 10 војници од Роби избега и се предаде кај партизаните. Тие уште повеќе им го нарушија спокојството и довербата во војската. Вооружените банди бегалци се чувствуаа сосема несигурни. Партизаните им се заканија дека Роби ќе го земат. На Гизас орловските канџи му се распаднаа и сега не претставуваше ништо. Војници и дел од офицерите го презираа за злосторите што ги правеше. Тој чувствувајќи се несигурен, за да не падне во рацете на партизаните пребега во Лерин.

Војската по рововите дежураше дење и ноќе и во секој момент очекуваше напад. Бидејќи партизаните не ги напаѓаа, тие уште повеќе се плашеа. Сметаа дека партизаните спремаат голема акција со голем број борци и силно оружје. Положбата беше многу влошена и напната. Некои бараа пријатели за да ги спасат во пресудниот момент, на 25 мај без да пукне пушка, се построија во голема колона и сите заедно војска, жандарми, бегалци, како и некои шпиони заедно со фамилиите и покуќнината, натоварени на запрежни коли ја напуштија М. Преспа и заминаа за Лерин. М. Преспа беше слободна.

Кога колоната го премина големиот завој од патот на Бигла за Лерин, партизаните ја нападнаа војската, таа се повлекуваше и беше разбиена. Во Лерин се вршеа подготовки за одбрана на градот. Спрема кажувањата на луѓе кои со колите беа присилно земени за да им ја носат покуќнината на бегалците, градот очекуваше силен напад од партизаните. Во борбата на Бигла беше убиен Јоше Стамков од Роби, присилно земен. Другиот

ден во Роби се изврши закопот на кој беа присутни партизани и голем број селани од М. Преспа.

МАЛА ПРЕСПА СЛОБОДНА ТЕРИТОРИЈА НА ПАРТИЗАНИТЕ

Владината војска и жандармите ја напуштија М. Преспа и таа пак стана слободна територија на партизаните. Преспанското население ги прими своите синови партизани и заедно со нив се вклучи во борбата. Организациите НОФ и АФЖ, беа формирани тајно уште за престојот на владината војска, и сега раководствата се пополнуваа со нови членови, со оние кои беа земени од затворите. Мажите сега се вклучија во новата земјоделска партија АКЕ. За оваа цел во М. Преспа дојде членот на Извршното биро и заменик на претседателот на АКЕ Папус, кој во М. Преспа ги оформи и првите задруги преку кои се вршеше снабдувањето на партизаните со храна и облека, и обратно, населението со некои најнеопходни артикли како сол, шеќер и друго. Претседател на овие задруги беше Герман Велјанички, а јас негов заменик.

По 10 дена, штом се средија сите овие работи се отпочна со прибирање храна и облека за партизаните. Така секој ден се товареа коли, коњи и магарија со храна и облека и сето тоа се носеше кај партизаните.

На 18 јуни 1947 година се товарија неколку коли со жито и грав за да го однесат во Брезница. На враќање колите одеа во колона и беа забележани од авиони кои надлетуваа барајќи да откријат партизански позиции. Колите беа нападнати од авионите и го уби Трајан Ѓоргиевски од Роби стар на 65 години, а беа убиени и ранети неколку волови.

МОБИЛИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ЗА РЕДОВИТЕ НА ДАГ И ДРУГИ ПОМОШНИ РАБОТИ

Во втората половина на јуни со наредба на врховната команда на ДАГ, беа мобилизирани сите младинци од 18-25 години и се вклучија во редовите на ДАГ. Во месец август, исто со наредба на врховната команда на ДАГ беа мобилизирани мажите до 35

години и девојките од 17-25 години. Така во месеците јули и август од М. Преспа во партизани преминаа преку 850 мажи и 400 жени и девојки. Ако ги додадиме уште 100 кои отпорано имаа земено оружје, оваа бројка вкупно би изнесувала 1350 вооружени партизани борци на ДАГ. Односно повеќе од 20% од вкупното население во М. Преспа.

Во затворите и логорите во Грција се наоѓаа околу 400 Македонци, мажи и жени. Вредно е да се споменат и големиот број луѓе кои вршеа помошни работи во позадината. Интересно е да се земе во предвид дека во ова време вкупниот број на партизани на ДАГ изнесуваше 10.000 борци.

Со ослободувањето на М. Преспа за началник на безбедноста беше поставен некој си Тесалос, Грк од областа на Тесалија. Тој му припаѓаше на врховната команда на ДАГ. Неговиот однос спрема Македонците беше чуден, што на Македонците им внесе ново сомневање и вознемиреност, за намерите на грчкото раководство кон Македонците иако официјалните прокламации беа поинакви. По еден месец откако ја зеде должноста началник на безбедноста тој го уби Мијана Стерјов од Рудари и Риста Каптелов од Стрково, божем наклонети кон владиниот режим, иако тоа никогаш не беше докажано.

Организацијата НОФ имаше преземено учебната 1947 година да отпочне со македонска настава. За тоа веќе 20 македонски учители во Герман од 1-20 ноември го имаа завршено курсот за македонска настава. Тесалос околу себе присобра покрај бегалци и група селани од Роби и Герман и ги наговори да побараат од ДАГ покрај макеноската настава да се внесе и грчка. На овие луѓе тој им велеше: - Ако ги пуштите децата во македонското училиште ќе ви останат будали. Есента по селата од М. Преспа се воведе само македонска настава. Тесалос по интервенција на НОФ беше сменет.

Во 1947 год. ДАГ имаше преземено широка акција против владината војска и жандармерија. Сега силите на ДАГ се покачија од 10.000 борци во април на 25.000 борци во почетокот на септември, од кои 7.800 борци во Западна Македонија. Тоа сведочи дека оваа толку голема разлика е

пополнета со Македонци од Западна Македонија и М. Преспа. Тогаш беше преземена акција за заземање на градовите Гребен, Комотини, Коница, Мечово, како и други поголеми села. Поголемиот број од учесниците партизани во оваа акција беа Македонци. Во овие крвави борби загинаа голем број партизани. Само во нападот на Коница загинаа 650 борци. Така во М. Преспа почнаа да пристигаат и првите црни вести за убиените партизани од Преспа.

Во октомври 1947 год. по селата со гласање беа избрани нови народни одбори кои власта ја презедоа во свои раце и сите работи се вршеа преку нив. Во Роби за претседател на НО бев избран јас.

По преземената акција на ДАГ владиниот режим ги протера сите фамилии од селата во Западна Македонија на кои синовите и ќерките што им беа во партизаните и ги запленија нивните имоти. Покуќнината ја разнесоа нивните владини платеници. Во месеците ноември и декември, во М. Преспа дојдоа преку 200 од овие фамилии со стари мажи, жени и деца, се сместија во селата Попли, Роби и Герман.

ФОРМИРАЊЕ НА ПАРТИЗАНСКА ПРИВРЕМЕНА ВЛАДА

На 23 декември 1947 год. се формира партизанска привремена влада на Грција. Два дена подоцна на 25 декември селото Роби се пресели во Герман. Снег до колена, студ наоколу. Селаните не знаејќи ја причината за преселувањето не сакаа да се преселат, затоа што со нив требаше да ги селат и своите фамилии, да ги земат овците, воловите и храна за нив. За ова преселување во Роби дојде самиот генерал Маркос, командант на вооружените сили на ДАГ. Тој нареди селото да се сели и така во зима со снег до колена селото се исели во Герман. Наредниот ден во Роби се смести академијата за офицери на ДАГ, школото за подофицери и школото за припадници на народната милиција. Во Попли се смести Народниот одбор за околија Лерин и Одборот за земјоделските задруги, исто за околија Лерин. Раководството на привремената влада се смести во Винени. Во Граждено и во Нивици се оформија болници. На

пролетта 1948 год. во Винени се смести Централниот комитет на КП на Грција а подоцна и главниот штаб на ДАГ. М. Преспа стана престолнина на ДАГ и привремената влада на Грција. За оваа цел во М. Преспа се направија големи скривалишта за кои се употребија трупци од тополите, се исекоа сите тополи кои одговараа за оваа намена.

Во годините 1948, 1949 год. М. Преспа беше центар за обука на офицерите на ДАГ. Оттука се раководеше и управуваше целата ДАГ, тука се донесуваа сите одлуки на КПГ и привремената влада на Грција.

Со сместувањето во М. Преспа во школите, болниците и управите на ДАГ, по сите села имаше голем број партизани и луѓе од политичкото раководство кои идеа од разни области на Македонија и Грција. Тука тие идеа да се лекуваат во болниците, идеа како делегати на разни состаноци кои често се одржуваа, идеа да се одморат и пак да се вратат во борбите. Селата од оваа област беа напаѓани од голем број авиони кои надлетуваа поединечно и во ескадрили. Тие слегуваа ниско над селата, куќите и по патиштата, спуштаа ракети и го бришеа местото со рафали. Понекогаш на куќите и плевните спуштаа и напалм бомби, од кои се предизвикуваа пожари, а чадот и прашината ги покриваше селата како магла. Зад себе оставаа урнати куќи и мостови, убиени и ранети партизани и население.

Зимата 1947 год., 1948 год., крмаците останаа незаклани поради немање на сол. Беа потрошени сите резерви од сол. Се користеа солило од сирење и туршијата. Лебот и храната почна да се јади без сол. Раководството на земјоделските задруги преку ДАГ правеше напори населението да го снабди со овој неопходен продукт и не можеше да го реши. Сол пристигна дури при крајот на февруари 1948 година.

МОНАРХОФАШИСТИЧКИ АВИОНИ ГО БОМБАРДИРААТ УЧИЛИШТЕТО СО МАКЕДОНСКА НАСТАВА ВО С. ГЕРМАН

Во големото училиште од Герман, околу 500 ученици од Герман и Роби за прв пат во историјата на М. Преспа учеа на

свој мајчин јазик. Владината врховна команда донесе одлука училиштето во Герман да го бомбардира, и тоа за време кога во него се одржува настава. Привремената влада на партизаните правеше големи напори децата до 16 години да ги испрати во Југославија и другите народни републики. Со тоа децата ќе беа спасени од секојдневните напади на авионите. Од друга страна пак младите мајки кои тогаш беа ослободени за да ги чуваат децата ќе ги вклучеа како редовни борци на ДАГ. За сето ова беа направени припреми, и од ден на ден се чекаше децата да земинат.

На 28 февруари 1948 година во 7 часот наутро децата беа во училниците, во клупите како и секој ден и чекаа да отпочне наставата. Учителите им соопштија дека овој ден нема да има настава, учениците беа вратени по куќите. Овој ден учителите имаа свое предавање.

Во 7,30 часот се чу бучава од авиони од правецот на Буф. Над Герман се појавија 3 бомбардери кои на училиштето спуштија дваесетина бомби од кои имаше и напалм. Бомбите училиштето не го погодија, тие паднаа во неговото двориште и во околните куќи. Една бомба удри во едниот ќош, и таа стана од училиштето се урна. Во дворштето од училиштето сеуште имаше ученици кои си играа и во моментот кога ја чуја бучавата учителите потрчаа да се засолнат во скривалиштето од дворштето. Со нив ги зедоа и малите деца. Од напалм бомбите кои паднаа се урнаа и се запалија околните куќи. Во нив беа убиени 2 жени. Од силната експлозија и детонација, се искршија сите стакла од прозорците на училиштето и од повеќето куќи во селото.

Спрема планот по кој се одвиваше нападот, веднаш по првото бомбардирање, после 20-тина мин., уследи нов напад на ескадрила од 7 спитфаери, кои нападнаа од ридот зад селото, за да не се забележи бучавата. Владините монархофашистички генерали, изгледа точно пресметале кога преживеаните деца од бомбардирањето на училиштето ќе се најдат на улица, на улица ќе се најдат и нивните родители, трчајќи зад училиштето да видат за своите деца. Среќата беше во тоа што повеќето од учениците беа вратени по своите куќи. Имаше и некои што не

беа вратени. Некои паничари разнесоа гласови дека училиштето целото е урнато и дека се убиени голем број ученици. Мајките на кои не им беа вратени децата како и други селани и мали деца, трчаа и од љубопитност. Улиците за училиштето беа полни со луѓе и деца. И во овој момент авионите како бесни се спуштија над селото и половина час со рафали, ракети и напалм бомби, сееја смрт над селото. Се урнаа и се запалија куќи и плевни, чадот и прашината го покри селото како да го зафати магла. Ранети волови рикаа, се слушаше виење од кучиња, луѓето што се преселуваа од местата и бараа посигурни засолништа при преселувањата некои беа ранети. На повеќе места се слушаше плачење, луѓе викаа за помош за оние кои беа ранети и убиени. Во овој напад беа убиени една девојка, две жени и еден маж, и преку 20 беа ранети.

Овој ден робенци кои бевме преселени во Герман делевме сол која толку време ја чекавме и во моментот на нападот пред дуќанчето во кое се делеше солта имаше околу 70 души.

Наредниот ден се изврши закопот на убиените. Сандаците со посмртните остатоци на убиените беа поставени еден до друг и населението од двете села – Герман и Роби со најголема жал и почит ги испратија своите роднини и соселани.

Ова смислено и масовно уништување на македонското население не може а да не се смета злосторство и геноцид, кое не се разликува од она на геноцидот на Евреите, во концентрационите логори на Хитлер во Втората светска војна.

Ноќта спроти први март од двете села Герман и Роби, во Југославија пребегаа голем број луѓе. По неколку дена во весникот "Демократис", орган на ДАГ објавено е дека после силниот авионски напад на училиштето во Герман, во кое учат 500 ученици на свој мајчин јазик, во Југославија пребегаа преку 600 души, претежно мајки со мали деца, стари мажи и жени од Герман и Роби. Овој број на пребеганите секако беше поголем. Планерите на овој напад знаеја дека по такво бомбардирање на селото, ќе следи и бегање на населението преку граница. И во тоа не промашија.

Во месец април 1948 година, со наредба на привремената влада на Грција, децата до 16 год. преминаа во Југославија а оттука и во народните републики Унгарија, Полска, Чехословачка и Романија.

Задругите сега се активираа, овците беа во задруги. Млади инвалиди и неспособни деца ослободени од ДАГ ги пасеа овците. Млекото 2 пати на ден се носеше во големото бачило во Стрково, во кое се преработуваше биено и бело сирење, кое одеше за партизаните. Нивите беа задружни и тие здружено се работеа. Се формира рибарска задруга од постари мажи од рибарските села кои успешно работеа. Населението го прифати начинот на здружено работење. Само поради големиот недостаток на луѓе кои требаше да работат на земјоделските работи, овие задруги не функционираа во целост. Повеќето се работеше во акции спрема потреба кои ги организираа народните одбори по селата.

ВЛАДИНАТА ВОЈСКА ЈА НАПАЃА ДАГ НА ГРАМОС

Во месец јуни 1948 год. владината војска во планината Грамос ја отпочна најголемата дотогаш офанзива против ДАГ. Партизаните храбро се бореа и ја бранеа оваа планина. Непријателот напаѓаше со голема надмоќност од војници и оружје. Партизаните кои ја бранеа оваа планина имаа потреба од муниција и храна. Имаше млади деца кои со оружје врaце се бореа на живот и смрт. Нивните родители од блиските села, како и од селата од Костур и М. Преспа, ги товареа коњите со леб, друга храна и муниција. Ги носеа дури на местото на борбите, од М. Преспа оддалечено 150 км. Поголемиот дел од силите на ДАГ беа концентрирани на оваа пеколна планина која изеде стотици и стотици борци на ДАГ, од кои и голем број Македонци од М. Преспа. Една група од селани мажи и жени од Роби, со натоварени коњи со храна која отиде во Грамос на враќање беше отсечена од владините војници и премина во Албанија. Додека траеја борбите на Грамос линијата на фронтот на Бела Вода, која ја бранеше и М. Преспа, беше слабо чувана дури и воопшто не беше чувана.

При крајот на месец јуни 1948 год. една група од триесетина монархофашистички војници од Лерин, од кај селото Буф преку Бела Вода, незабележливо навлезе во слободната територија и стигна во првите куќи од Герман. Веста за навлегувањето на владините војници по селата се пренесе секавично, и населението од Герман, Роби, Медово и Стрково, сосе стока и по малку покуќнина се најдоа пред југословенската граница на Маркова Нога, и тука останаа дури до полноќ. Еден партизански одред со брзина се спушти во Рамна, на патот од Буф за Герман и оттука слезе и во Герман, за да се судри со монархофашистичките војници. Монархофашистите ја знаеја опасноста што можеше да ги снајде и во Герман не се задржаа. Го напуштија селото и се вратија назад, само не по патот од Рамна од каде дојдоа туку од патот за Гарван за село Раково, и го избегнаа судирот со партизаните. Населението кое беше распрострено покрај југословенската граница и сакаше да премини во Југославија, претставници на привремената влада кои дојдоа на границата, населението го присилија пак да се врати назад по селата.

ИНФОРМБИРОВСКА РЕЗОЛУЦИЈА ПРОТИВ ЈУГОСЛАВИЈА. ИЗГРАДБА НА ОДБРАНБЕНА ЛИНИЈА НА БЕЛА ВОДА

При крајот на јуни, односно на 28 јуни 1948 година се објави информбировската резолуција против Југославија Населението од М. Преспа оваа резолуција ја прими со огорчување, поради тоа што населението ја гледаше секојдневната помош што пристигаше за ДАГ, а минуваше низ М. Преспа. Изнемоштените и болни луѓе од секојдневните бомбардирања, спасот го бараа во Југославија, а малите деца масовно пребегаа во Југославија, и во народните републики. Најголемото огорчување им беше клеветите против другарот Тито, со кого сите ние се гордееме. На КПГ влошените односи со Југославија добро и дојдоа, за да ја затвори границата. По неколку дена од овој настан Централниот комитет на ДАГ издаде наредба со која ја затвори границата со Југославија. По должината на граничната линија постави чувари со дресирани кучиња, и секој кој ќе се фатеше да бега преку граница на него се пукаше. Целото преостанато население до 65-годишна возраст се

мобилизира за да се користи за работа и се пушти на изградба на одбранбена линија на планината над Лерин Бела Вода. Мобилизираните стари мажи и жени од слободната територија М. Преспа и од селата од Костурска околија, се поделија во групи и се отпочна со работа. Во бујните шуми од оваа планина мажите до 55 години сечеа греди од 20-25 см а должина до 4 м, жените до 45 години по 5 и десет заедно ги креваа гредите нарамо, ги вадеа од орманот и слепјакот (* Густа шума), ги носеа на одредените места, понекогаш и по 600 и 700 м. Оттука постари мажи со впрегнати волови ги носеа на местото каде ќе се градеа бункери и скривалишта. Жени до 60 години старост го береа житото на височината Рамна. Тие жниеја бујна ‘рж од оваа планинска висорамнина.

Со илјади и илјади греди се сечеа и носеа на изградба на бункери и скривалишта а тие не можеа да се доизградат. По должината на планината Бела Вода се градеше јака одбранбена линија, долга околу 20 км, со стотина бункери и уште толку скривалишта за муниција, воена опрема и храна. Работите не трпеа одлагање, линијата требеше да се изгради и М. Преспа да се обезбеди од ненадеен напад.

По завршувањето на операциите во Грамос, на Бела Вода дојде засилување од партизани, кои зедоа учество во изградбата на оваа линија. По селата останаа стари, болни, инвалиди мажи и жени, на кои некој требаше да им помага. Остана и по некоја млада жена со мали деца цицалчиња. Овие жени беа распоредени во смени, месеа и печеа леб за населението и партизаните, а вршеа и други работи. По неколку инвалиди, млади деца кои не беа способни за редовите на ДАГ, беа пуштени по селата и ги чуваа говедата и овците.

Луѓето кои работеа на изградбата на оваа линија, работеа под многу тешки услови. По дожд, снег, студ, ноќе во темница ги влечкаа трупците, по угорнина, по удолнина, низ грмушки, се лизгаа и паѓаа, работеа без прекин и дење и ноќе. Авионите над нив слетуваа ниско и ги косеа со рафали, фрлаа и ракети. А ноќта артилеријата ги напаѓаше со гранати, и беа во поголема опасност од партизаните кои седеа во рововите и бункерите. Заради тоа што секогаш беа на отворено, претрпуваа и голем

страв. Секој ден имаше отепани или ранети. Често пати горе на ридот имаше случаи да пристигни вест за убиен син, маж, брат, девер и други. Мајките земаа камења и правеа привидни гробови, на нив палеа свеќи и со саати плачеа, редеа и кинеа коси.

На 15 август 1948 година во Лерин беше убиен Лазо Ангеловски од Граждено, член на Народниот одбор за околија Лерин и одговорен за просвета. Лазо беше организатор и предавач на курсот за македонски учители, летото 1947 година во Герман. Во местото Шупурка на преминот од Бела Вода за Буф во септември 1947 година беше фатен од монархофашистите и осуден на смрт, поради организирањето на македонските училишта во селата од М. Преспа и вршење просветна работа во селата од Лерин. На ден 15 август 1948 година монархофашистите во Лерин, по кажување на очевидци, го врзаа со јаже за еден коњ и го влечкаа по улиците од Лерин. Со тоа сакаа да ја прикажат омрзата кон еден македонски просветител.

На 28 октомври 1948 година во стрелиштето во Лерин е извршено стрелање на 13 младинци од Герман. Кога во Герман пристигна оваа трагична и жална вест, НО од Герман одржа комеморација во црквата. Тука беа присутни сите преостанати селани од Герман, и претставници на НО од селата, претставници на НО за околија Лерин и народната власт.

МОБИЛИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ ЗА РЕДОВИТЕ НА ДАГ

На 23 ноември 1948 година со наредба на ДАГ се изврши мобилизација на жените. Оваа наредба беше објавена во весникот "Демократис" орган на ДАГ и гласеше: "За редовите на ДАГ се мобилизираат сите способни жени од 18-35 години старост". Наредбата стапува во сила веднаш по објавувањето во весникот. Мобилизацијата се изврши во Попли.

Жените од сите села од М. Преспа дојдоа во Попли. Комисијата за мобилизација на жените составена од 3 члена на високото раководство на ДАГ и привремената влада ја сочинуваат: Барџитас Василис, Кокалис Петрос и Кочев Ставро. Комисијата

жените ги подели во 3 групи. Во првата груп ги стави здравите жени и ги испрати во логор за обука со оружје во с. Рудари. Во втората група беа сместени болните жени и ги испрати во болницата во Граждено и по оздравувањето на овие жени и нив ги однесе во логорот за обучување и им дадоа оружје. Во третата група беа жените со професионални заболувања, или инвалиди и неспособни за оружје, како и жените кои имаа деца доенчиња. Овие жени комисијата ги ослободи од редовни борци на ДАГ, ама ги задолжи со разни работи по селата.

Жените кои беа прегледани првиот ден и беа одредени за логорот за обучување дадоа отпор. Целата ноќ останаа на меѓата покрај куќата каде што се вршеше мобилизацијата. На утрото на нив имаше слана. Наредниот ден взори во Попли дојде група од дваесетина наоружени партизани и овие жени ги одведе во Рудари. По неколку дена по ливадите од Рудари тие правеа вежби и се учеа да ракуваат со оружјето. По еден месец обука беа испратени во единиците на ДАГ. Овие жени што ги мобилизираа беа последните членови на некои фамилии. Кога дојдоа да ги мобилизираат ги ставија катанците на своите куќи во кои порано живееја и по десетина души, отидоа партизанки. Некои од нив во своите куќи оставија стари и болни, свекрва, свекор, татко и мајка, кои на овие стари години некој требаше да ги служи. Тие имаа загинати мажи, браќа, сестри, девери и золви па затоа овие жени останаа на меѓата од Попли и не сакаа да земат пушки. Истите беа на изградбата на одбранбената линија и раноносачки единици и кога беа во селата вршеа работи за борбата.

ЕДИНИЦИТЕ НА ДАГ НАПАЃААТ НА ЛЕРИН

На 12 февруари 1949 година единици на ДАГ извршија напад на Лерин со цел да го заземат. Во овие единици беа и мобилизираните жени во Попли. Снег имаше до колена, а температурата беше спуштена под нулата. За време на нападот некои единици влегоа во градот кај крајните куќи. Одбраната на градот беше многу јака и со јакиот состав што го имаа партизанските единици градот не можеше да се заземе. Голем број од жените пошто не знаеја да се пазат беа убиени и ранети, а некои и тешко се ранети. Еден дел паднаа и во рацете на

непријателот. Бидејќи градот партизаните не можеа да го заземат, тие пред да се раздени требаше да бидат повлечени и да го имаа преминато ридот и планината на Бела Вода.

Големиот снег многу го отежна повлекувањето. Потесните патеки беа во снег до колена, тие се враќаа во долги и бескрајни колони. Жените не можеа да одат, и расеани изостанаа во тесните патеки од снегот. Дента авионите го надлетуваа и го гореа целото место, ги напаѓаа единиците на ДАГ кои се враќаа по долгиот пат.

Партизаните, меѓу кои имаше и многу жени беа присилени да останат на местата каде се наоѓаа и да се кријат во снегот и грмушките од орманот. Вечерта кога се стемни, со помош на други тие се вратија вкочанети од студот. Многу од овие жени се разболеа, некои кои беа тешко ранети подлегнаа на раните поради големиот студ.

Во нападот на Лерин, македонските жени и девојки борци на ДАГ во огнот се фрлаа и не го жалеа својот млад живот. Нивниот хероизам не е можно да се искажи. Жени и девојки зедоа оружје и без да ја имаат совладано техниката на неговата употреба, во снег и студ се бореа храбро. А тоа го правеа затоа што ги мразеа Грците, монархофашисти кои им донесоа толкаво големо зло.

За нападот на Лерин го изнесувам случајот на Германија Пајкова од Герман, девојка на 18 години. Нејзиниот пример важи и за сите нејзини врснички девојки од овој напад.

Германија беше ранета и продолжи да вика ура, ура. Поради тешките рани не можеше да се повлече. Владини војници кои се обидоа да ја заробат не можеа да и се доближат, таа пукаше на нив. Кога поради раните не можеше повеќе да пука и владини војници ја заробија, тие по улиците од Лерин ја носеа со влечкање за да ја гледаат граѓаните. А улиците беа исшарени со крв. Таа беше свирепо убиена.

ВОЕНИОТ СУД НА ДАГ ВО С. ГЕРМАН ИМ ИЗРЕКУВА СМРТНИ КАЗНИ НА ЛУЃЕ КОИ САКАА ДА ПРЕБЕГААТ ВО ЈУГОСЛАВИЈА

На 5 март 1949 година во една од училниците на училиштето од Герман, побеснетата клика на Захаријадис, преку воениот суд на ДАГ изврши јавно судење пред педесетина стари и изнемоштени луѓе од селата кои присилно беа донесени на судењето. Му се судеше на Богоја Пандов од Роби стар на 50-годишна возраст, на Божиница и Доневица Ѓакови од Герман исто стари на 50-годишна возраст. Богоја го обинуваа дека пренесувал луѓе и им го кажувал патот за Југославија а и самиот имал намера да пребегне. Им се судеше на Доневица и Божиница дека сакале да пребегаат во Југославија. Му се судеше и на Гркот Бљанга од селата од подножјето на Грамос кој со фамилијата беше протеран од монархофашистите во 1947 година и сместен во Герман. Бљанга беше обвинет за свои луѓе од фамилијата како и за други луѓе дека носел до границата кои пребегаа во Југославија. Судиите од воениот суд на ДАГ на луѓето им досудија смртни казни, а со тоа населението сакаа да го заплашат и да му внесат омраза спрема Југославија и нејзиното раководство. По неколку дена Бљанга беше пуштен на слобода. Тој беше Грк, а на Македонците Богоја, Божиница и Доневица казните им беа извршени. Тие гнасно беа убиени од агентите на Захаријадис, кои имаа присилно донесени луѓе и на судењето смислено ги клеветеа обвинетите.

Во месец март 1949 година по селата од М. Преспа останаа само оние луѓе кои со сила можеа да го пречекорат прагот од старост или болест. Останатото население целото беше отидено во партизани и на Бела Вода каде градењето на линијата на фронтот продолжи. Оваа пролет немаше кој да ги изора и засее нивите, стоката беше пуштена по полето слободно и таа беше господар на полето. Ова лето ливадите останаа непокосени. Овците беа во за други и целиот приход одеше за партизаните. Житото што беше засеано во есента немаше кој да го собере. Дење улиците од селото беа празни и само кучињата во нив се бркаа. Над селото секој ден летаа авиони и фрлаа рафали, ракети и напалм бомби, а од изгорените куќи се креваше чад и прашина. Во селото имаше неколку групи од млади жени кои

имаа мали доенчиња, месеа и печеа леб и сето тоа го правеа ноќе. Во почетокот на месец август изградбата на линијата на фронтот се прекина и сите луѓе кои работеа тука се префрлија во единиците што ја бранеа оваа линија. Постарите од 60 години и жените над 50 години се вратија по селата.

ФОРМИРАЊЕ НА КОМУНИСТИЧКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (КОЕМ) И СПРОВЕДУВАЊЕ ШИРОКА КЛЕВЕТНИЧКА АКЦИЈА ПРОТИВ ЈУГОСЛАВИЈА ОД СТРАНА НА КПГ

На 25-26 март 1949 година во с. Попли, М. Преспа се одржа II конгрес на НОФ, наредниот ден, 27 март 1949 година по Вториот конгрес, 163 македонски комунисти делегати од Конгресот решија да се формира комунистичка организација на Егејска Македонија КОЕМ. Веднаш потоа по селата од М. Преспа се формирани и ќелии на КОЕМ.

Пролетта и летото 1949 година од страна на КПГ и лично од Захаријадис, кој функцијата на раководење со борбата лично ја имаше земено во свои раце, беше спроведена широка клеветничка акција против Југославија и нејзиното раководство. За оваа цел на 20 јуни 1949 година Захаријадис свика вонреден итен состанок на кадрите на КОЕМ во својата пештера над селото Винени, во која самиот се криеше. Состанокот траеше цела ноќ и со група од неколку кадри кои пред тоа успеа да ги придобие ја наметна својата желба и изврши разместување на поедини кадри, кои беа симнати од своите функции во НОФ и КОЕМ. Нив ги отстрани од редовите на Македонците и како редовни борци на ДАГ ги испрати во единиците на Грамос.

Истовремено по селата преку свои приврзеници спроведе засилена агитација и пропаганда против Југославија и раководството на НР Македонија.

Населението не беше рамнодушно спрема овие настани и клевети против Југославија и нејзиното раководство, за кое во годините од успешната борба за национално ослободување,

населението од М. Преспа одгледуваше големи симпатии и имаше апсолутна доверба. Симпатиите за југословенското раководство, посебно за другарот Тито, кој помогна за формирање на македонска држава, претставуваше гаранција за целокупниот македонски народ. Исто така и сега, во Граѓанската војна во Грција, кога од М. Преспа во Југославија премина голем број население и многу мали деца кои тука најдоа спас од секојдневните бомбардирања, како и за неизмерната материјална помош што Југославија ја даваше за оваа борба. Народот сето тоа го знаеше, го гледаше и затоа не можеше да го прифати тоа што Захаријадис го пропагираше.

Населението сега почна да гледа со поголема недоверба во раководството на движењето и лично на Захаријадис, за кого треба да се спомнат овие работи. Спрема товарот што го носеа Македонците во борбата не беа адекватно застапени во високото раководство, владата и Централниот комитет на КПГ и ДАГ. Во слободната територија М. Преспа и голем број села од околија Костур, покрај мажите беа мобилизирани и сите жени до 35 години и испратени како редовни борци во редовните единици на ДАГ. Деца од 14 до 16 години беа земени од народните републики и исто така испратени како редовни борци во редовите на ДАГ. Постари мажи и жени, како и болни и инвалиди, се држеа во единиците за изградба на одбранбени линии и други помошни работи: пренесување на ранети, снабдување со оружје и муниција на единиците на првата линија. Сите овие луѓе беа ставени во првата борбена линија, каде и гинеа. Не беше ли тоа смислено за масовно уништување на македонскиот народ, и каква доверба можеше да има Захаријадис кај Македонците од М. Преспа и не само од неа, кога на поголемиот број куќи беа поставени катанци.

Некои луѓе отворено почнаа да реагираат против клеветењето за Југославија и на населението се обидуваа да му објаснат за фактичката положба и состојба на борбата. Овие луѓе немилосрдно беа гонети од истомислениците на Захаријадис. Во јули 1949 година агрономот во расадникот во Попли, Гркот Пелопидас, кој со неколку работници одгледуваше овошје и зеленчук наменето за членовите од високото раководство, од Роби со помош на некои истомисленици се обиде да убие 4

души, кои не подлегнуваа на нивните залажувања.
Благодарение на свеста на селаните луѓето беа спасени.

МОНАРХОФАШИСТИЧКИ ЕДИНИЦИ ЈА НАПАЃААТ ДАГ НА ВИЧО ПЛАНИНА. ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ДАГ И НАСЕЛЕНИЕТО СПРЕМА АЛБАНИЈА

На 9 август 1949 година монархофашистичката војска со голем број војници и силно оружје, отпочна силен напад на партизаните на планината Вич и успеа да навлезе во слободната територија. Со единиците кои ја бранеа оваа линија, бев на планината Бигла, на големиот завој на патот за Лерин, како одговорен на одред за пренесување ранети кој броеше триесетина души, мажи и жени, од селата Роби и Медово. Три дена, од 10-13 август, на овој фронт долг дваесетина км владееше невообичаена тишина и мир. Само понекогаш можеше да се чујат понекоја експлозија од граната и рафал од митралез. Овие дена не надлетуваа авиони.

На 13 август 1949 година осамна сончев и убав ден. На фронтот и понатаму владееше тишина. Од десната страна откај Рулја, Ошчима и Желево се слушаше татнеж од експлозии на бомби и рафали. Татнежот стануваше се посилен и се приближуваше до нас. Во 9 часот неколку авиони прелетаа преку Превал, во Преспа истурија експлозив и пак се вратија назад во истиот правец од каде што дојдоа. Во 10 часот по ридот од Превал почнаа да експлодираат ракети од мал домет на минофрлачи и рачни бомби. По ридот почнаа да се искачуваат монархофашисти кои вршеа директен напад над Превал. Неколку авиони над Превал слегоа ниско и по сртот фрлаа со рафали, истураа и бомби, се крена голем чад, ридот се запали.

Војската која се искачуваше по ридот, кога се доближа до сртот подзапре и тука отпочна силна борба. Околу 12 часот група монархофашисти се одвои од фронтот од Превал за да се искачи на височината Барјачето, потоа да се спушти на Рамна и да го пресече повлекувањето на партизанските единици на фронтот на Бела Вода, а со тоа и да направи паника кај партизаните. Ова група беше спречена од силен оган на партизански единици и се врати назад. Непријателот на Превал

вршеше силен притисок и постојано носеше нови засилувања. За малку ќе влезе и во Преспа и ќе го спречи патот за повлекување на партизанските единици од фронтот на Бела Вода.

На фронтот на Бела Вода никој не знаеше што да прави, ги гледаше силните борби што се водеа на Превал, знаевме дека непријателот уште денес може да влезе во Преспа и да го спречи повлекувањето на единиците од Бела Вода, затоа што Превал не беше положај на кој можеше да се запре непријателот кој напаѓаше со многу војска и силно оружје. Секој момент чекавме наредба за повлекување и напуштање на линијата. Никој не можеше да преземе никаква акција, сите чекаа наредба од Главниот штаб.

Во 15 часот над нас почнаа да надлетуваат авиони. Тие се спуштаа ниско, фрлаа ракети и рафали, положбата многу се влоши. Жените се исплашија, почнаа да плачат. Во 17 часот добивме наредба веднаш да се повлечеме, да го напуштиме фронтот и да одиме во Герман. Повлекувањето беше многу тешко. Од линијата на фронтот дотогаш скриените по рововите и бункерите партизани излегоа и почнаа да се повлекуваат. Над нас надлетуваа се повеќе и повеќе авиони, кои го следеа нашето движење и не ни даваа да мрднеме. Непријателската артилерија од Лерин почна да фрла со гранати. Жените не можеа брзо да се повлекуваат, времето врвеше брзо, а ние се уште бевме на Бигла.

Еден по еден со лазење стигнавме на големиот трап Косара, и тука се собравме. Патот го продолживме низ високите буки кај сртот кај студениот кладенец Бела Вода, каде што водата е навистина пенлива и бела. На сртот експлодираа гранати и еден по еден со големо растојание го преминавме сртот. Жените се плашеа да останат сами, и се береа по неколку заедно покрај мажите. Го преминавме сртот и низ тесниот пат по планината Ќеваинца, се спуштивме на патот на Рамна и се приклучивме во колоната партизани и население, кои го напуштаа фронтот, и по тесниот планински пат со камења и многу кривини, со брзање и туркање стигнавме во Герман.

Го напуштивме фронтот, ја напуштивме линијата градена 2 цели година од населението од М. Преспа и селата што беа во слободната територија на Костур и Лерин, градена од луѓе измачени, изгорени за изгубените деца. Ја напуштивме оваа линија и со тоа згасна најголемата надеж, слободата. Овој фронт се распадна без да пукне пушка.

Стигнавме во Герман, околу 22 часот. На средселото имаше многу партизанска војска. Партизаните пристигнаа од фронтот на Бела Вода, тука малку се запираа, се правеа нови групи и единици и се пуштаа на Превал и на ридот Калуѓерица на с. Рудари. На една страна на средселото беа насобрани 20-тина постари жени буфчанки, со товар на рамо. Двајца партизани од Народната милиција, жените ги тераа да станат и да го продолжат патот за Перово, Кула и албанската граница. Жените заедно се развикаа: - Ние не одиме во Перово и во Албанија да изгиниме по патот. – Ако се видиме во опасност, ќе пребегниме во Југославија. И не се мрдаа од местото. Еден партизан со една жена се расправаше, жената на глас му рече: - Што можиш да ми направиш освен да ме убиеш, убиј ме и така сум убиена кога од фамилијата сум останала само јас. Убиј ме, барем гробот ќе ми биде на местото мое.

На средселото од Роби имаше партизани и на луѓето кои се враќаа од Бела Вода им го кажуваа патот за Перово Кула и албанската граница, и не оставаа никого да избега од патот. Се обидов да одам во мојата куќа поради тоа што овие дена жена ми требаше да се породи. Партизаните од Народната милиција, кои беа поставени да ги чуваат луѓето да не бегаат од патот, не ме пуштија. На 200 м подолу го прецапав јазот, ја прецапав и реката и отидов во куќата.

Над селата од М. Преспа тој ден авионите идеа во ескадрили, и по целиот ден небото беше покриено од авиони кои постојано пуштаа бомби, ракети и напалм-бомби. Слегуваа ниско по патот од Превал до Роби и Перово Кула и назад. Авионите идеа од 2 правци, од Костур и од Лерин и со рафали косеа по местото. На мостот од Перово фрлаа бомби и го срушија мостот. По овој пат дење никој не можеше да помине. Преостанатото население и другите денови се криеше по траповите и дериња та.

Кај ужина, камбаната од Роби удри и дваесетина мажи и жени излегоа на сретселото. Еден партизан соопшти дека има наредба селата уште веднаш да се селат. Ќе одат во Нивици. Стојан Дојчинов, Васил Бечков, Трајко Бакушов, Начо Секулов и други мажи и жени на партизанот му рекоа: - Ние оттука не мрдаме. Тука ќе седиме и ќе ги чуваме куќите. Што ќе не најди нека не најди дома, во Нивици не одиме да изгиниме по патот. И така луѓето се вратија во своите куќи. По еден час се наоблачи, почна да роси и во дождот од селото тргна колона со натоварени коли и коњи со по малку храна и по некое веленце. По патот Перово Кула и Нивици, тргнаа и другите села од М. Преспа.

По улицата за до мојата куќа не сретнав никого. Влегов во куќата, внатре немаше никој. Викнав неколку пати, не се osва никој, отидов во бавчата и тука викав па никој не се одsва. Се вратив на улица, ме сретнаа 2 партизани од Народната милиција и ме запреа. Им објаснив дека штотуку пристигнав од фронтот на Бела Вода, и дојдов да видам што е со жена ми. Ми рекоа дека во соседната куќа има неколку стари жени и една се пораѓа. Бев спремен на најлошото но не изгубив храброст. Отидов во куќата на Крстина Секулов, во дворот имаше партизани и ме запреа. Се објаснивме и се искачив по дрвената скала, влегов во одајата, а жената се мачеше да породи. Ме виде мене и ми рече:

- Сега не се плашам, штом ти си со мене.

Се вратив во дворот, ги замолив партизаните да ми помогнат, жена ми да ја однесам на Маркова Нога на југословенската граница, зашто жената се мачи и не може да се породи и и е потребен лекар. Ми одговорија дека тоа може да го стори само нивниот командир од Герман. Со голема брзина отидов во Герман, по патот брзав и на партизаните од Народната милиција што чуваа по патот им станав сомнителен и ме запреа. Бев присилен да се објаснувам а со тоа изгубив време. Кога стигнав во Герман беше 24 часот. На командирот му го објаснив случајот и го замолив да ми помогне, да ми пушти

неколку партизани за да ја однесам жената до Маркова Нога. Тој ми одговори лаконски:

- “Тоа не можи”.

- Можи, му реков, сме носеле ранети по ридовите на носила низ рафали и ракети, а тука патот е рамен, безопасен и блиску е.

- Не, ќе ја носиш во Нивици.

- Во Нивици не ќе стигни да оди, по патот ќе умри.

- Има наредба, рече тој, сите да одат во Нивици.

- Неа ја заштитува меѓународен закон, реков, впрочем и таа била на Бела Вода, носела трупци. Сега треба да и се помогне. Што си ти, му реков, Македонец? Се познававме. Треба да спасиш една Македонка – борец.

- Не, не може, пак ми рече и се заврти да зборува со гурпа офицери а мене ме остави.

Се вратив дома разочаран. Буфчанките на средселото не ги видов. Кога стигнав дома жена ми беше породила девојче. Партизани од Народната милиција одеа по улиците од селото и од куќите ги собираа последните луѓе и оние кои се враќаа од Бела Вода, наедно ги собираа и воловите и кравите. Со брзина ги впрегнав воловите во колата, на колата ја ставив Дора со штотуку роденото девојче. Часот беше еден по полноќ. На крстопатот кај Виришта веднаш до селото не запреа партизани. Ги замолив да ме остават и да ми помогнат да одам на Маркова Нога, не ме пуштија. Ги замоли и Дора, се расплака и тие и рекоа:

- Има наредба никого да не пуштаме, и тебе нема да те пуштиме.

Го продолжив патот за полето, и кај главниот пат за Југославија на попречен пат завртив за Југославија. Тука ме запреа жени-партизанки. Нити моите молби, па нити молбите и плачењето

од Дора не помогнаа. Тие истото го рекоа што и партизаните од Вирищта и нивниот командир од Герман и не не пуштија. Ја завртив колата и на 300 м влегов во колоната која одеше за мостот на Перово.

Во големата колона за Перово Кула одеа партизани натоварени со тежок товар на себе и оружје, коњи и маски натоварени исто така со тежок товар, населението од стари мажи и жени, натоварени коли а за нив врзани магарења и коњи, исто со товар на нив, и сите брзаа како суводолица по силна бура, која пред неа собира се што ќе најде. Брзаа и секој гледаше да излезе напред и дури е ноќта да го премине мостот. На мостот стигнав околу 3,30 часот. Преку денот мостот беше бомбардиран и урнат. Инженерски единици работеа на него и беше поправен. На 20 м од мостот седеше офицер во години и на сите кои го преминуваа мостот им кажуваше кој каде да оди. Војската ја запираше и на 100 м од мостот таа се збираше. Тука имаше неколку офицери кои веднаш од насобраните војници правеа групи и одеа да заземат положај над ридот од Нивичката Планина, над мостот. Населението со преостанатите семејства го продолжи патот за Винени и албанската граница.

Патот од Перово за Винени врви над Малото Преспанско Езеро низ Нивичката Планина, големи стени, кривини, некаде и до 50 метри над езерото, и целиот е со нерамни камења. По каменливиот пат колата не можеше да оди брзо како што одеше по песочниот пат помеѓу двете езера. На воловите нозете не им беа потковани и тие одеа пополека и тешко ја влечеа колата која се тресеше од камењата. Од тресењето на колата Дора почна да крвави. Почна да пука зора, за малку ќе осамне и авионите ќе стигнат. Колата одеше пополека, некои коли кои беа зад мене ме оставаа, луѓето сакаа да ми помогнат ама не можеа како. По патот помеѓу двете езера, од последните воденици од Роби на околу 8 км до мостот, патот беше преполнет со војска, мажи, жени кои се враќаа од фронтот. Сите овие луѓе брзаа пред да се осамне да го преминат мостот, па после ќе се кријат по камењата и дрвјата од Нивичката Планина.

Во 4,30 часот, од кај Бела Вода се појавија 7 авиони, тие се спуштија над Герман и Роби, и по патот до Перово Кула

ненадејно ги нападнаа луѓето кои брзаа за мостот и направија касапница. Авионите се кренаа високо и завртија на патот за Роби и назад. Два авиони не се вратија назад за Роби, тие се управија на патот за Винени и албанската граница. Авионите слегоа ниско и тука ги касапеа луѓето кои со нив имаа запрени коли и добиток со тежок товар. Со првиот напад убија многу луѓе и добиток. Кога авионите се подадоа над Герман, бев на Крина мала тумба спроти островот Аил. Се обидов да ја слезам Дора од колата, ама дури тоа да го сторам авионите беа над нас и се засолнивме до колата. Куршумите фрчеа околу нас, неколку ракети експлодираа до нас и чадот со смрдеата не покри. Нема изрази и зборови, како и стил на пишување, за да се искаже и напише сето ова онака како што се правеше тој ден. Овој ден не сакав да го видам.

На 20 м на патот спроти островот Аил, покрај еден поголем камен и неколку фојови стебла останав целиот ден, и ги гледав беспомошните луѓе и добиток како се движат од Попли и Роби до Перово Кула, како и од Перово до Винени, пат долг повеќе од 15 км, и како тие крвавеа и гинеа. Денот беше сончев и авионите преку целиот ден како орли беа над нас и сееја смрт на стотици и стотици беспомошни луѓе и добиток.

Со првиот напад од Роби до Винени авионите направија касапница од луѓето и добитокот и на мостот ја пресекоа колоната. Луѓето кои го имаа преминато мостот, војската ја фати планината и оттука пукаше по авионите. Луѓето со колите и семејствата кои се најдоа на патот, со првиот напад некои паднаа или беа ранети, другите избегаа од патот во планината и се криеја во камењата и фоите. Ранетите ги зедоа со нив и им укажаа помош. Воловите кои беа прегнати во колите, како и коњите и магаринјата што останаа на патот од нив повеќето се отепани, затоа што на патот останаа преку целиот ден. Луѓето што останаа пресечени на мостот и со нападот на авионите останаа неповредени или полесно ранети, спрснаа да бегаат и да бараат спас, едни во блатото и чаирот до Малото Езеро, други во водите од Големото Езеро. Оние кои беа близу до мостот се обидоа да го преминат и над сите нив авионите сееја смрт.

Николица Ушлинова од Герман ја осамна на 1 км од мостот. Пред неа го тераше магарето товарено со ствари а во рацете носеше 2-годишно девојче. Магарето рането падна. Таа исто така е ранета полесно. Со неа имаше и партизани од кои некои беа ранети а имаше и убиени. Таа побегна кај Големото Езеро и се запрета во песокта сосе девојче. Кога еден авион погоден од партизаните падна покрај неа и се зари во песокта таа се исплаши, ама штом авионите се извишија високо и не слегуваа ниско поради што се исплашија од погодениот авион, таа излезе од песокта, и со едната рака го држеше девојчето, со другата се влечкаше самата, и се приближа до мостот. Партизаните од мостот ја видоа и се втурија да и помогнат. Го зедоа девојчето и неа и така го премина мостот, и преку Нивици излезе во албанското село Зрноско.

На припекот од сонцето останавме целиот ден. Авионите едни одеа други идеа по два правци, од Костур и од Лерин и наизменично преку целиот ден сипеа оган. Целото место гореше. Езерото беше на дофат но никој не одеше да се напие вода, иако душата им гореше. Многу луѓе се откажаа од воловите и од колите, ги оставија стварите на патот и заминаа низ планината за с. Орово и албанската граница. Овој народ со векови го мачат, го убиваат и го бркаат, а сега сакаат да го избркаат засекогаш. И ете сега гледа како крвави и гине и својата земја ја полева со крв, која од вековните неправди повеќе не може да трпи и ете сега завре и тече. Тече и со неа ја пишува со големи маки и жалови славната историја.

Една сестра и неколку партизани ги преврза ранетите луѓе, партизанката дојде кај Дора и и даде наколку апчиња, го погали девојчето и веднаш и го стави името Васа, името на нејзината сестра која загина во големите борби на Грамос.

Патот од Оровник преку Попли, Стрково и Роби, саботерите на ДАГ го имаа минирано и кога по него врвеа тенковите на владината војска н неколку места се крена прашина и чад. Околу 12 часот неколку тенкови, а по нив и војска пристигна во Роби. Во полето од Роби и околу селото се отпочна лута борба на живот и смрт. Беспомошните партизани и населението што се најде на ова бојно поле беа оставени на немилост. Тие се

криеја по ендеците, по нивите и од трските од блатата од двете езера. Монархофашистичките џелати ги касапеа како изгладнети sверови. Некои побеснети монархофашисти партизаните ги колеа со ножеви. Луѓето кои беа на планината над Перово и касапењето на своите другари и роднини го гледаа а не можеа да им помогнат, ги клаваа рацете на очите и ги покриваа за да не гледаат. Авионите не беа во состојба сега да земат учество во касапењето заради тоа што во полето од Роби беа помешани две војски и население. За ова време авионите го сипеа огнот по патот и околу патот од мостот до албанската граница, каде населението и единици на ДАГ се обидуваа да преминат во Албанија.

Во овие пресудни моменти, кога населението и партизаните по патот од Дреново се обидуваа да преминат во Албанија, немилосрдно касапени од монархофашистички авиони и од владините војници, кога ДАГ се распаднуваше и го доживуваше целосниот пораз, кога борците на ДАГ и населението се најдоа очи во очи со непријателот и сосема беспомошни на отворено поле, и се бореа на живот и смрт, беше извршено едно од бројните злосторства на Захаријадис, кое македонскиот народ никогаш нема да го заборави. Како да не беа доволно другите злосторства што им ги правел на Македонците.

Единици на Народната милиција требаше да ги пренесат во Албанија затворениците чувани во затворот во Дреново. Ги доведоа до границата до Албанија, и во близина на границата убија голем број од нив, меѓу кои и Богоја Пандовски од Роби, Божиница и Доневица Ѓакови од Герман, на кои пред тоа им беше судено како на соработници со Југославија.

Кога тенковите стигнаа во Роби, еден тенк, а по него и војници, се одвоија и тргнаа по патот за Перово. Тие дојдоа до урнатиот авион и се вратија назад. На монархофашистичките генерали многу им се брзаше. Тие сакаа истиот ден колоната да ја пресечат на албанската граница. Кога тенкот дојде на околу 1000 м од мостот беше посипан со рафали од митролези и ракети од минофрлачи од партизаните, кои го држеа ридот на мостот. Паднаа неколку војници и тенкот се врати назад во Роби. По овој инцидент непријателските тенкови и единици го

запреа движењето кон Св. Илија зад Роби, тоа на единиците на ДАГ им овозможи да се повлечат кон југословенската граница.

Во полето од Роби, од Маркова Нога и Герман дури ноќта се слушаа рафали и истрели од пушки. Партизаните, кои останаа отсечени, гледаа како и како да излезат од оваа неизбежна ситуација. Еден дел од нив загинаа или беа ранети или заробени. Другиот се повлече во планините на Герман, а трети преминаа во Југославија. Во Југославија први влегоа оние кои ги чуваа патиштата на Виришта, попречниот пат и трапот над Роби, и не го оставаа населението да оди на Маркова Нога, на само 3 км од Роби за Југославија. Тие со наредбата на Захаријадис, населението и војската ги растурија по патот од Роби и албанската граница, пат долг 15 км и им го предадоа на авионите на масовно касапење. Ако населението и партизаните преминеа во Југославија, ова касапење ќе се избегнеше.

ВО АЛБАНИЈА

Штом се стемни и авионите повеќе не можеа да сипат оган, го продолживме патот за албанската граница. Првин ги отстранивме убиените волови, коњи и магарења од патот и тргнавме настрана и некои коли, и тогаш го продолживме патот. Воловите беа гладни и жедни за вода и многу тешко ги тргаа колите. Ноќта ги поминавме селата Винени и Орово и ја преминавме границата, и на осамнување на 15 август влеговме во албанското село Зрноско, на брегот од Големото Преспанско Езеро, на подножјето од Иван Планина.

Ноќта кон 15 август, саботерите на ДАГ го проширија коритото на реката од Перово, која на другиот ден со водите од Малото Езеро што влегуваат во Големото, реката стана страотна, и го оневозможи преминот на владината војска и тенкови; наедно тие на повеќе места поставија и мини.

Луѓето од искасапената колана која стигна во Зрноско прво одеа на Езерото да се напијат вода. Воловите сосе коли до мевои влегуваа во водата. Се испикавме во шумата околу селото и останавме до вечерта. На брегот од Езерото, на должина околу 2 км преку целиот ден имаше луѓе, едни си одеа

други пристигнуваа. Некои од жените на водата од Езерото переа алишта. Мажите ги донесоа колите и тркалата ги киснеа со вода зашто беа расклопени од припекот на сонцето. Некои мажи ги поправаа оштетените коли од рафалите и бомбите. Ранетите беа сместени во еден трап над селото. Овците што беа дадени во задругата, како и голем број говеда што пасеа по полето, неколку групи од партизани ги имаа донесено во Зрноско. Некои од своите стопани зедоа овци и ги заклаа, запалија огнови и месата ги ставија да се варат. Многу луѓе одеа од еден до друг и се обидуваа да научат за судбината на своите деца. Една група од партизани беше одредена да држи ред. Тие одеа по луѓето на брегот и ги бркаа, ги гаснеа огновите кои високо креваа чад и викаа по нив затоа што авионите и тука можеа да дојдат и да прават касапница. На луѓето никој не можеше да им стави ред, тие толку беа измачени и разочарани што им беше сеедно дали ќе дојдат авиони и тие ќе бидат убиени. Дора имаше уште крвавење, сестрата што и даде апчиња сега и стави инекција против крвавење.

Во околината на селото имаше многу партизани и население, и во секое време пристигнуваа и други.

Овој ден, 15 август, во близината на Роби се изврши закопот на стотици борци и население што беа убиени во авионските напади и борбите. Еден свештеник и еден булдожерист го извршија закопот. Монархофашистите ги собраа низ полето убиените и ги сместија во заедничкиот гроб, што пред тоа со булдожер беше ископан. Свешеникот облечен во скромна облека го изврши обредот. Булдожерот ги посипа со земја. На погребот немаше роднини, пријатели, соборци, немаше венци и цвеќиња, немаше почесна стража, немаше проштални говори.

Се стемни, колоната го продолжи патот за внатрешноста на Албанија. По угорниот пат кај с. Леска, воловите не можеа да ги влечат колите. Бевме присилени една по една да ги туркаме и да ги извадиме на рамнината. Не осамна на Големиот Завој од Иван Планина и пред ручек на 16 август стигнавме кај ливаѓето од езерото Малики. Тука останавме 3 дена. Во блатото од чаирот ги пуштивме воловите да пасат и се изгубија во високите трски. Три дена одевме по нив за да ги собереме. Тука

пристигнаа неколку камиони со храна и на народот му доделија конзерви и леб. Две жени го зедоа новороденото девојче, што се роди во огнот, и го однесоа во селото во близина на ливаѓето и го задоија при една жена леунка. Навечерта по широките ливади се палеа големи огнови и при секој оган имаше голем број луѓе.

По 3 дена починка кај ливадите, на 18 август во 14 часот колоната тргна по патот за Подградец. Сонцето над нас печеше како сач и го отежнуваше одењето. Аргатите Албанци кои работеа по нивите ја оставија работата и долго гледаа по нас. Малите деца излегуваа дури на патот. По патот ние одевме измачени со наведнати глави, како да не носеа во прогонство. Воловите одеа пополека, нозете им беа отечени. Стигнавме до бавчите од градот, почна да се наоблачува и да грми. Облакот дојде над нас и наеднаш како да се истури небото. Паѓаше град како ореви и го обеле местото. Ние бевме под отворено небо, на немилост, и не испокисна. Колоната запре дури да помине облакот и штом престана да врне патот го продолживме со искиснати алишта, кои се лепеа на нас.

Низ градот поминавне во мракот и се запревме над патот на брегот од Охридското Езеро, на 2 км од градот. Луѓето веднаш почнаа да бараат погодни места за да се сместат. Некои отидоа да потсоберат и дрва за да запалат оган, да си ги исушат искиснатите алишта и да се стоплат. Почнаа да се сечат секавици и да грми. По половина час одново паѓаше дожд со силен ветар и помешан со град. Од езерото се кренаа високи бранови, како ридови, и водата се префрлаше преку патот. Луѓето кои тука дојдоа ноќе и не го познаваа теренот, се засолнуваа било каде. Од силниот дожд надојдоа многу води, се направи поплава, се удави едно мало дете. Се створи голема мешаница и паника, насекаде се слушаше викање и плачење. Силниот ветар ги растера облаците, ама сега брановите од езерото станаа уште повисоки, и од силниот удар правеа голема бучава. Силниот северен ветар беше многу студен, луѓето искиснати преку целата ноќ не заспаа и се тресеа од студот.

На утрото имаше многу настинати од студот и ветерот. На Дора уште вечерта и се појави силна температура, ама лекар во оваа

положба не можеше да се најде. Си размислувам: Каде беа овие облаци и овој дожд кога бевме на Перово и авионите го касапеа народот. Не ќе имаше нити убиени, нити ранети. Што сторил овој народ кој тука се мачи: патат мажите, жените и малите деца. Патат и домаќините кои треба да сместат толку народ. Овие луѓе сите имаа свои куќи и свои постели, имаа ниви, лозја и полни амбари со жита, како и каци со сирење. Беа работни и послушни. Тие луѓе сега немаат нити куќа нити кошара, и се останати на отворено небо, а по нив како бесни од сите страни ги убиваат и ги бркаат, луѓе кои во себе немаат човечки чувства а имаат голема сила. Ги убива бурата која не знае да одбира.

На другиот ден, 19 август, беше сончево и топло. На брегот од езерото на должина од 2 км искиснатите алишта се спростреа да се сушат. Истиот ден се издаде наредба сите лица кои со нив доведоа жива стока, да ја предадат на албанските власти. Воловите и добитокот луѓето ги одведоа во игралиштето од градот, и тука ги предадоа на албанските власти. Некои луѓе ги гледав како ги бакнуваат своите волови и коњи и од нив не можат да се одделат како од челнови од фамилијата.

На 20 август, колона околу 5000 души мажи, жени и стотина дечиња со камиони бевме пренесени во градот Елбасан. Пред големата болница, која беше во близина на градот, и во широката орница со див багрем несреќните луѓе од пресечената колона останавме 7 дена, и тука на припекот од сонцето се печевме како компири под сач.

На единствената чешма чекавме во долги редици за да земеме вода за пиење. За перење на алиштата вода тешко можеше да се добие и алиштата ги држевме неиспрани. Секое утро станувавме рано и чекавме исто по долги редици за чај и истото го правевме за ручек и вечера. Јадењето што го земавме од казанот ретко кој го јадеше па го фрлаа во отпадок.

Во големата болница во која лежеа болни имаше и партизани и ги имаше многу. Уште наредниот ден мнозина од колоната си ги најдоа своите деца, некој без нога, некој без рака, без око и повеќето со тешки рани. Во многу соби од болницата лежеа млади деца, девојки и жени кои не можеа да се помрднат од

постелата. Луѓето од пресечената колона кои дојдоа тука, своите деца си ги најдоа искасапени и од нив дознаа и за оние кои засекогаш останаа по ридовите во борбите на Грамос, Вич, Превал, Преспа и мостот на Перово, и го завршија својот живот во најубавите години, а на своите мајки, татковци, жени и сестри, ете тука на сувата орница со ретките и диви багреми, под жешкото сонце им ги донесоа црните абери и ги завиткаа со црни шамии. На сите страни од орницата се слушаше плач, се кубеа коси. Орницата личеше на гробница без гробови.

Оваа положба, која настана на орницата, никој не можеше да ја смири. Како ќе ја смири, кога луѓето научиле за своите дека се убиени, ранети и заробени од монархофашистите, и ќе им бидат досудеци смртни казни. Некои своите деца во болницата си ги најдоа осакатени. Како ќе живеат овие деца, кој ќе се грижи за нив? А внучињата, каде се тие? Ја преминаа границата и никој не кажува каде се. Ами куќите, бавчите, нивите, лозјата, покуќнината и тие самите каде ќе се задомат? Кој правел куќи за нив и со кого ќе живеат. Луѓето почнаа сами себеси да не се сакаат. Им се чинеше дека се страшила и не сакаа да се погледнат себеси. Не сакаа да ги гледаат нити оние околу нив. Се мразеа себеси, мразеа се што ќе им излегуваше пред нив. Не сакаа да јадат, не сакаа да пијат.

Се разнесоа гласови дека ќе одиме во НР Полска. Овие гласови не ја изменија положбата. Каде е Полска? Што бараме ние да одиме толку далеку? Ни ги убивте децата, ни ги запустивте фамилиите, куќите и стоката, и сега ќе не носите во Полска. На нашите имоти и куќи и на нашето место носите Грци. Со овие зборови беше пречекан претставникот на привремената влада, кој дојде на орницата за да ја смири настанатата положба и да не извести дека ќе не носат во НР Полска. Претставникот, сакајќи да ја ублажи положбата, рече: Таму, во НР Полска, ќе си ги најдите внучињата и децата што беа ранети, а сега се лекуваат во полските болници. Таму фамилиите ќе се соберат и заедно ќе живејат. На крајот тој рече дека Полска е голема и богата држава, има развиено и голема индустрија. Вие ќе живеете во градови и ќе работите во фабрики. Вашите деца ќе се школуваат и ќе можат да завршат разни занаети, средни и високи школи. Со неговата изјава дека во НР Полска луѓето ќе

ги сретнат преостанатите и преживеаните од своите фамилии и заедно ќе се состанат, стиснатите срца на изгорените луѓе малку попуштија.

ПАТУВАЊЕ СО БРОД ВО НР ПОЛСКА

На 27 август 1949 год., попладнето, во двориштето од болницата дојдоа камиони, и со нив се пренесовме во пристаништето Драч. Како камионите пристигнаа во пристаништето, ние веднаш влегувавме во бродот. На скалите од бродот беше застанат Барба Трајко со неколку свои луѓе и во ноќта во секого sиркаа, младите и здравите ги враќаа назад. Кликата на Захаријадис по овој неуспех и пораз спремаше нови групи од млади и здрави партизани и партизанки, и пак ги пушти во планините од Егејска Македонија, да гинат.

На 28 август взори полскиот брод "Кошчушко" го напушти албанското пристаниште Драч и заплови во сините води од Јадранското Море за НР Полска.

Бродот "Кошчушко" со себе носеше измачени, ожалостени, искасепени луѓе, кои со нив носеа само лоши спомени од завојувачкиот однос на сите сорти Грци управители, вклучувајќи ги комунистите на чело со Захаријадис, кој и во оваа борба го спречи народот од М. Преспа да премине на југословенската граница и да се спаси, и свесно им овозможи на монархофашистите да ги искасапат Македонците и да ги искорени од нивното место, каде со векови живееле. Народот го товари во бродот "Кошчушко", а тој остана да бара виновници за неговите лични неуспеси. Се зафати со Македонија и Југославија и еден број од кадрите на македонското раководство ги затвори и ги казни, божем како главни виновници за овој неуспех.

Со влегувањето во бродот, секој бараше подобро и поудобно место. Во овој брод немаше лоши и добри места, сите беа исти, бродот беше товарен и сите ние се сместивме на душемето. Веднаш по отпловувањето не посети капетанот на бродот. Тој ни рече дека му е голема чест што со неговиот брод носи борци – херои на комунизмот и на интернационализмот, какви ретко ги има во светот. Се извини што не носи со таков ненаменет брод за луѓе и рече дека ќе стори се што е во негова моќ

патувањето да ни биде добро и удобно. Во исто време една медицинска сестра со 2 морнари врвеа по напласканите на душемето луѓе и ги прашуваа дали некој бил болен. Болните морнарите ги носеа во амбулантата од бродот и тука лекарот им даваше помош. Двајца морнари ја зедоа Дора со девојчето и ја сместија во засебна кабина, тука имаше лекарска помош и богата храна, и дадоа нова облека за бебето и за неа. На бродот имаше многу ранети, за нив се грижеше екипа од лекари кои постојано беа над нив. За време ручекот и вечерата сите одевме во ресторанот од бродот, и тука се држеше извесен ред и дисциплина. Бродот пловеше пополека и по 12 дена стигнавме во полското пристаниште Гдиња.

Поголемиот дел од луѓето за првпат гледаа море и острови, како и за прв пат патуваа со брод, па сакаа да гледаат и само да гледаат. Времето беше убаво, морето мирно, над бродот постојано надлетуваа авиони и го следеа. Нам ни беше забрането дење да излегуваме на палубата, ние не ја почитувавме наредбата и на палубата секогаш имаше луѓе.

Со надежта дека во Полска ќе се сретнеме со членови од своите семејства, со менување на амбиентот, на природата, луѓето малку се расположија. Ова расположение беше кратко. Со навлегувањето на бродот во африканските води сонцето пак се испречи пред нас. Луѓето што патутваа со бродот за првпат се сретнуваа со толку високи горештини. Најмногу страдаа жените поради тоа што на нив носеа дебели шајачни облеки. Тие ги соблекоа волнените облеки, и на нив ги оставија само белите и долги кошули, а мажите ги оставија само панталоните. Пот од нас течеше како река и такви какви бевме личевме на некои племе од Африка.

Гибралтарот го минавме ноќе и штом влеговме во водите од Антлантикот пред нас се појави голема бура со дожд и силен ветар. Температурата спадна со околу 20 степени и ние смрзнавме од студ. Тогаш пак ги облековме дебелите и волнени облеки. За да биде лошото уште поголемо, бурата која го имаше зафатено ова подрачје стануваше посилна и посилна. Високите бранови пред бродот се креваа како ридови, бродот одеше нагоре надолу и си мислиш дека бродот ќе го голтне морето.

Многу од жените почнаа да повраќаат. Колку брановите стануваа повисоки бродот повеќе играше, и толку повеќе луѓето повраќаа. Каналот Ламанш го минавме и тогаш на бродот умре Наум Пласков од Герман. Полјаците му направија обред каков е ред во бродот и го спуштија во водите од морето.

Во текот на пловењето на бродот се родија 2 деца. Персоналот од бродот и капетанот беа пресреќни.

НА ПОЛСКАТА ЗЕМЈА

Во полските води бродот пристигна на 9 септември 1949 год. и навечерта се укотви во пристаништето Гдиња. За време на излегувањето од бродот, морнарите им помагаа на старите мажи и жени да слезат по скалите, ранетите ги спуштаа со дигалки. Возот со кој ќе заминеме во внатрешноста на Полска беше поставен на колосекот до пристаништето. Како што излегувавме од бродот веднаш влегувавме во возот. Околу возот чуваше војска. Полските граѓани кои се обидуваа да влезат во возот, војниците ги спречуваа и ние во возот се сместивме без некои потешкотии.

Првата средба со Полјаците на полска земја не ќе може да се доискаже. Пречекот на искреното пријателство и соучество за нашите жртви, како и за нашето прогонување од нашата земја, нашата болка од изгорените души ја пренесоа кај нив и се погрижија да направат се за да ни олеснат. Со тргнувањето на возот од железничката станица, еден Полјак во години помина кај сите нас и се ракуваше со нас. Ни велеше Добре дојдове во Полска. Деца, од оние кои во април 1948 год. преку Југославија беа дојдени во Полска и сега се наоѓаа во домови, Полјаците се погрижија на овој пречек да бидат тука. Од овие деца во секој вагон имаше по неколку и за целото патување со возот не служеа со храна и пијачка. Овие деца беа и првата радост за сите нас, а најмногу за нивните родители што тука ги сретнаа.

На другиот ден возот пристигна во градот Вроцлав. Сите станавме на прозорците и го гледавме градот во кој пред војната живееја неколку стотини илјади жители и беше еден од најубавите градови во Европа, а сега целиот со разурнати

згради и затрупани улици. Еден Полјак ни објасни дека во времето на војната со Германците Полска многу настрада. Таа во германските крематориуми изгуби околу 7.500.000 луѓе, претежно млади мажи и жени, а сега градовите останаа разурнати и разорени. Ние уште веднаш ги засакавме Полјаците, заради тоа што и тие беа измачени и искасапени како нас. Лазор Секулов од Роби, кој знаеше по некој полски збор од Америка, на Полјакот му рече: Нас не мачеа Труците, Германците, Италијаните и Бугарите, ама најмногу Грците. Полјакот, штом слушна дека најмногу не мачеле Грците, возбудено праша: Зар вие не сте Грци? – Не, одврати Лазор. – Ние сме Македонци. – Па вие сте славјански народ, како нас, рече Полјакот и го гушна Лазора. Раководството на КПГ и движењето дури на неколку илјади км оддалечени од Македонија не преставуваше Грци.

По дводневно патување со возот, во близина на градот Катовице, пристигнавме до мала железничка станица, од каде со автобуси бевме пренесени до одморалиштето Менџегуже.

Во Менџегуже Полјаците не пречекаа и веднаш не сместија во убави и удобни хотели во малата живописна планина со густа и борова шума, на самата чехословачка граница. Истиот ден ни ги заменија старите облеки со нови. Во хотелот “Модилас”, најголемиот хотел на одморалиштето, ги сместија селата Герман и Роби, а во помалите другите села. По неколку дена хотелите ги добија имињата од селата од М. Преспа.

Првите недели и месеци најмногу работа имаа поштарите. По стотина писма од разни земји од светот и Полска тие ги носеа по хотелите. Луѓето беа расфрлени по разни земји, и само со писма ја ублажуваа болката. Во почетокот за Југославија писма не можеше да се пушти, поради тоа што луѓето на Захаријадис вршеа проверка и контрола пред поштата и поштенските сандачиња и писмата за Југославија ги враќаа назад. Првите писма за Југославија се испратија преку персоналот од хотелите. Полските раководители, кои управуваа со емигрантите, штом го откриј овој престап презедоа строги мерки и писмата за Југославија се испраќаа редовно.

Во хотелските ресторани се редеа трпези по трипати на ден, како на свадба. На јадењата приготвувани на полски начин луѓето многу бргу се свикнаа, ама на осаменоста не можеа да се привикнат. Тие секој ден чекаа писма, секој ден пуштаа писма по разни земји и држави по светот и секое писмо го топеа со солзи. Секој ден чекаа одобрение да заминат кај некој од својата потесна фамилија. Разбеснетата клика на Захаријадис и во Менџегуже побара да најде виновници за неговиот личен неуспех во Граѓанската војна во Грција. Отпрвин отпочна од македонските кадри и голем број од нив отстрани од КПГ. Некои ги стави и во затвор, како што беше Тане Наумов, Коста Кирков и други. Останатите ги присили да дадат изјави против Југославија и заклетва дека ќе му бидат верни. Оние кои најклеветнички се изјасниј против Југославија и нему му изразија голема доверба, нив ги нарече деца на Захаријадис и ги испрати во разни школи каде завршија високо образование. Другите ги направи слуги, за да го мачат и тука македонското население кое го донесе неколку илјади километри од својот крај. А оние кои не дадоа никакви изјави тие се сметаа исто како што ги сметаше Цаксирас, Гизас и Сарандопулос.

Во Менџегуже останавме 6 месеци и на 20 март 1950 год. го напуштивме одморалиштето. Бевме преместени во совхозите на работа. Го напуштивме одморалиштето во кое Полјаците широко ги отвориј своите прегратки и во најсудбоносните моменти не примија и за целото време не сметаа како свои пријатели, своја крв и свои гости.

За сето тоа Македонците кои беа прифатени во Полска на полскиот народ му се задолжија. Му се задолжија и затоа што за време на Граѓанската војна во Грција тие ја помагаа ДАГ. Во полските болници се лекуваа борци на ДАГ, од кои и Македонци. Македонски деца беа прифатени во неколку домови во Полска, каде се школуваа и завршија средно и високо образование. Во разни школи беа прифатени и други деца кои беа борци на ДАГ и исто и тие завршија средно и високо образование, како и разни занаети во фабриките во кои работеа.

За времето на сталинизмот, Захаријадис побара од раководството на Полска да му одобри формирање на логори, и таму да ги испрати непослушните. Полското раководство тоа не го стори и сето тоа е одраз на еден народ кој не сметаше за свои луѓе и кај него не зеде да ни помогне и да не заштити.

ПАДНАТИ БОРЦИ ОД МАЛА ПРЕСПА ВО ТЕКОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА 1941-1949 ГОД. (* Имињата во списокот се земени од Архивот на ИНИ – Скопје.)

ГЕРМАН

Серафим Ѓаков
Ламбро Петков
Илија Љаов
Коте Голчев
Мијале Поповски
Ристо Никовски
Герман Љаов
Вангел Љаов
Трајко Јанков
Стојан Љангов
Ристо Геров
Вангел Геровски
Стојан Кољачков
Елена Кољачкова
Спасе Кољачков
Коте Т. Петков
Јоше Никин
Симо Секулов
Герман Врлевски
Илија Кузманов
Богоја Нушев
Митре Љангов
Гоче Дојчиновски
Пандо Дупчинов
Елена Дурлова
Коте Дурлов
Гоче Арнаутовски
Митре Пајков
Герман Гроздановски
Митре Питроповски
Крстин Влашки
Вангел Влашки
Атанас Влашки
Стефо Мечкаров
Митре Колев
Илија Нединкин
Атанас Никовски
Павле Ѓаков
Вангел Ѓаков
Васил Ѓаков
Митре Сараѓилов
Петре Јоанов
Доне Димовски
Герман Долгиот
Митре Маџев
Васил Маџев
Трифун Нушев
Никола Бошев
Стојан Бошев
Наум Јанкулов
Никола Поповски
Алексо Поповски
Богоја Лелифанов
Никола Четелев
Цветко Четелев
Богоја Дојчиновски

Германија Пајкова
Танас Киринков
Митре Топалов
Митре Вељајнчин
Богоја Мучкаров
Јоше Топалов
Петре Боглев
Стојан Петкашинов
Ламбро Куфалов
Сандра Куфалова
Танас Пајков
Ристо Т. Асејнчаров
Божин Асејнчаров
Танас Гроздановски
Ристо Т. Гроздановски
Василка Куфалова
Танас Русев
Ахилеа Влашки
Вангел Кајчовски
Кире Грежљов
Доне Кајчовски
Гоче Кипрев
Стојан Кипрев
Митре Маџев
Коте Џуклев
Трајко Сиваков
Алексо Ушлинов
Васил Кајчовски
Вангел К. Ушлинов
Јана Дурлова
Јоше В. Дамовски
Илија Л. Пајков
Тронда Геровска
Ефтим Гаштов
Вангел Ѓаков
Дора Карловска
Павле Шапков

Од бомбардирањето на селото

Стоја Петкова
Ристосија Гинова
Стефо Вељајнчин

СЕЛО РОБИ (* Во списоков недостигаат имињата на загинатите 13 души од с. Медово.)

Фоте Попфотев
Герман Видинов
Васил Мијалчев
Сотир Заровски
Фоте Видинов
Јоше Марков
Методија Ѓаковски
Вангел Демиров
Сократ Попнаумов
Павле Секулов
Митре Бечков
Гоче Георгиев
Гоче Попфотев
Андреа Проданов
Доне Заровски
Никола Николов
Јоше Поповски
Тодор Ѓаковски
Борис Демиров
Вангел Попнаумов
Цветко Мундушев
Фоте Бечков
Васил Бакушов
Босилко Георгиев

Лазор Проданов
Трајан Георгиев
Тронда Попнаумова

СЕЛО СТРКОВО

Пандо Костовски
Васил Костовски
Јане Костовски
Горги Гроздановски
Ставре Темелковски
Гоше Ристовски
Алексо Костадиновски
Сотир Ристовски
Јане В. Ристовски
Митре Ристовски
Трајко Ристовски
Стефана Стефановска
Михаил Миневски
Ристосија Костовска

СЕЛО ПОПЛИ

Јанкула Петровски
Ристо Петровски
Стојан Поповски
Коле Кочовски
Доста Филипова
Павле Беговски
Трајко Тутуновски
Фоте Каранфиловски
Васил Стерјовски
Стојан Томовски
Ристо Миовски
Стојан Димовски
Митре Геровски
Сотира Трајковска
Трајкојца Диманова

СЕЛО РУДАРИ

Гоче Крстевски
Костадинка Костевска
Коста Крстевски
Никола Калевски
Петре Геровски
Вангел Димовски
Митре Христовски
Фоте Христовски
Илија Христовски
Вангел Христовски
Пандо Михаиловски
Спиро Вангеловски
Јоше Геровски
Вангел Геровски
Гоче Каруловски
Павле Каруловски
Јани Михаиловски
Ристо Н. Калевски
Вангел Митревски
Спиро Фотевски
Јоше Фотевски
Фоте Фотевски
Наум Богоевски
Никола Георгиевски
Васил Георгиевски
Ристо Георгиевски
Ставре Калевски
Наум Мијалов

СЕЛО БУКОИК

Ристо Мечкаровски
Вангел Мечкаровски
Ристо Секуловски
Васил Ташковски
Доне Мечкаровски
Танас Секуловски
Митре Секуловски
Митре Ташковски

СЕЛО БЕСФИНА

Киро Гроздановски
Анастас Ангеловски
Коста Ѓорѓовски
Спиро Скендеровски
Ѓорги Скендеровски
Спиро Каповски
Лазо Чолаковски
Коле Кировски
Ристо Скендеровски
Стефана Којева
Севда Ничовска
Гана Ничовска
Тоде Р. Поповски
Ристо Фотевски
Јованче Ничовски
Ило Крстевски
Јани Скендеровски
Петре Дуковски
Горги Чолаковски
Стојан Поповски
Васил Паунин
Митре Л. Скендеровски
Ристана Калковска
Стојна Ванова
Трајко Р. Поповски

СЕЛО ЛОК

Пандо Стефановски
Мијал Новачевски
Стојо Димитровски
Митре Петревски
Видин Спировски
Спиро Ангеловски
Велика Апостолова
Атанас Николовски
Трифун Петревски
Петре Новачевски
Јоже Нашулов
Крстин Петревски
Герман Цветковски
Доне Христовски
Коле Апостоловски
Симо Трајковски
Јосиф Николовски

СЕЛО ДРЕНОВО

Илија Иловски
Васил Кировски
Стојан Атанасовски
Васил Сотировски

Стојана Костовска
Никола Иловски
Леко Иловски
Софија Богданова
Киро Иловски
Михаило Иловски

СЕЛО ГРАЖДЕНО

Филип К. Костовски
Коста Трајанов
Јоше Божинов
Вангел Митрев
Сандра Стојанова
Мијал Р. Калиновски
Филип Д. Кочовски
Тома Д. Трајковски
Леко С. Трајковски
Митре С. Огненовски
Лазо Филипов
Борис К. Цветковски
Петре Р. Ристевски
Илија В. Ристевски
Мијал Ј. Ристевски
Танас Д. Ристевски
Борис Крстинов
Лефтерија Трајанова
Мијал Божинов
Крсто Л. Секуловски
Коте С. Ралевски
Алексо Калинов
Елена Петревска
Борис Г. Дробитски
Герман К. Јанетому
Марко Л. Василевски
Наке Ј. Кочовски
Киро Н. Кочовски
Софија Котева
Фоте К. Несторовски
Зугра Котева
Крсто Г. Несторовски
Борис Ј. Кочовски
Митре Н. Кочовски
Транда С. Кочовска
Тране Ф. Трајковски
Вангел С. Трајковски
Васил Д. Доневски
Климе Гелев
Фоте С. Маркојчин
Фотија Г. Ристевска
Ристо М. Ристевски
Јоше С. Ристевски
Гоче Ф. Ристевски

С. ТРНАА (*Во списокот недостигаат имињата на загинатите борци од селата: Оровник, Орово, Дробитишта, Нивици, Аил, заради немање податоци во ИНИ;од Винени немаше учество – населението се Просфиги (бегалци).)

Коце Куманов
Христо Митровски
Павле Павлев
Христо Пандовски

ПРЕСПА ВО ПЛАМЕН

Патнику што минуваш во нашиот крај
Запри се кај нас и качи се на тумбата Брце
Види го селото Герман
Види ги и другите села
И ќе ти прокрвари твоето срце

О, патнику мој! Зошто дојде сега?
Зошто не дојде порано?
Да видеше Црниче со луѓе преполнето
Да видеше луѓе распеани, луѓе насмеани
О, патнику мој! Зошто не дојде порано?

Да видеше свадби дваесет да чуеше тапани дваесет
Да видеше невести дваесет
Невести со роса утринска капени
Со мајско руво накитени

Несреќен патнику! Зошто дојде сега?
Дојде да видиш жита несобрани сена некосени
Куќи разурнати место разорано
Да видиш четиринаесет јунаци во еден гроб
Седум момчиња во исти гроб
Да видиш многу гробови гроб до гроб

Види: во четиринаесет куќи кукавици кукаат
Куќи кои родија четиринаесет јунаци
Види села со куќи затворени
Секоја куќа јунак
Сите луѓе јунаци

О! патнику!
Си ја видел ли довојката Германија
Ранета и облеана во крв
Неа ја влечат по улиците на Лерин

Проклети маченички затвори
Со железни врати и прозори
Во Орово и Герман, Попли и Лок

Види ги и ќе ти се згрози
Во нив јунаци мачеа
За нив многу мајки плачеа
Ѕидови со трупови од мачени луѓе ѕидани
Ѕидови со крв и солзи премачкани

Патнику што дојде тука
Погледни подалеку
И види ги седумте високи борови
Тие не се борови
Тие се седум млади македонски јунаци
Кои сложно лежат во еден гроб
Погледни и во полето
И види ги житата несобрани, сената некосени
Нема луѓе аргати
Нема кој да бери жита
Нема кој да коси сено

Патнику мили
На Перово облак голем се дигна
Пламен висок се вивна
Татнеж силен се слуша
Оди таму да видиш
Таму се браќата мои
Со душман се фатија гуша до гуша

Момче младо!
На Перово не можам да одам!
Таму се води голема борба
Бомби трештат мајки за синови врештат
Пламени јазици високо се дигат
Земја се тресе и гори
Местото смрди на барут

Момче младо!
На Перово не можам да одам!
Таму на реката мостот е урнат
И реката никој не може да ја мине
Таму многу народ гине
Смртта побеснета се живо коси

И со себе многу народ носи

Во песокот претаат ранети луѓе
На песокот лежат мртви луѓе
Во Езерото се фрлаат луѓе
Од луѓе тече крв
Од оган земјата и водата гори
Целиот езерски брег црвен се стори
Земјата се покри со пламени чад
О, момче младо таму не можам да одам!

О, патнику мој! Зашто дојде сега?
Зошто не дојде порано?
Да видеше Црниче со луѓе преполнето
Да видеше луѓе насмеани, луѓе распеани

О, патнику мој! Зошто дојде порано?

Преспа во легендите и под ропство

КАКО ПРЕСПА ГО ДОБИЛА СВОЕТО ИМЕ

Според раскажувањето на старите Преспани, на денешната површина на Преспанските Езера било плодно поле, со многу села и градот Преспа. Тогаш постоело мало езерце кое се простирало на тромеѓата на југословенско-грчко-албанската граница. Над брегот од малото езерце, во близината на островот Свети Петар, бил градот Преспа. Овој град својот крај го нашол по силен земјотрес што го зафатил овој крај. За името на градот Преспа постои и легенда, во која се вели дека тој бил многу убав, со големи згради и богата со дуќани чаршија. Трговците тргувале со многу градови од светот и на градот му носеле големо богатство и висока култура.

Во градот Преспа живеел богат трговец кој имал ќерка-единачка. Девојката била на 15-16-годишна возраст, со убави очи, руса коса и со достојна става. Нејзината убава носија и раскошен накит ја правеле уште попривлечна, така што секој што ќе ја видел веднаш го запленувала. Таа била гордост како на своите родители, така и на целиот град. Меѓутоа, кога нејзините родители биле најбогати и најсреќни, се случило најлошото – ќерката единачка умрела.

Смртта на младата и убава девојка ги потресла родителите и сите граѓани од градот. Нејзе и бил приреден величествен закоп, на кој присуствувало целото население на градот. Умрената била облечена во скапоцена свилена облека, со многу накити од злато и сребро кои целата ја обвиваа во сјај.

Привлечени од ова несекојдневно богатство, двајцата гробари се договориле вечерта да ја откопаат мртвата девојка и да ги земат сите скапоцености. Штом градот бил во сон дошле на гробот, ја исфрлиле земјата и ја извадиле девојката од него. Бидејќи минало доста време и почнала веќе да пука зора, а тие се уште ја немале свршено работата, го посипале гробот, девојката ја скриле во црквата и набрзина ја слекле. Девојката на гушата носела златна амајлија, која гробарите се обиделе да ја извадат но не можеле тоа да го сторат, па се откажале од неа

и си заминале, носејќи ги со себе ограбените работи. Меѓутоа, тие се договориле вечерта повторно да дојдат и да ја погребат.

Гробарите си отишле секој подома и бидејќи биле многу уморни, веднаш легнале да спијат. Помладиот веднаш заспал. На сон му се појавила девојката, облечена само во здолниште. Во раката држела анџар и му се заканувала дека ќе го заколе ако не и ги врати фустанот и накитот. Тој се разбудил исплашен и повеќе не можел да заспие. Се решил утредента украдените работи да ги врати назад. Постариот гробар не можел да заспие. Нему пред очи му блескала златната амајлија. Тој решил сам да оди во црквата и да се обиде да ја извади од гушата на девојката.

Двајцата гробари не можеле да исчекаат да се стемни. Штом почна да се замрачува, постариот гробар отишол во црквата, запалил кандило и почнал да го одврзува синџирчето на амајлијата, но тоа било многу цврсто врзано и тој се уверил дека не ќе може да го одврзе. Затоа решил да и го пресече вратот на девојката. Го извадил ножот што го носел секогаш во појасот, го наострил од еден камен, ја поткренал умрената на колено и и ја свиткал малку главата, побарал место каде да засече со ножот и колку што се обидел да пресече со ножот, девојката му се слизнала од коленото, паднала на земја и се исправила на нозе. Таа со плашлив глас прашала каде се наоѓа. Од возбуда на гробарот му паднал ножот од рацете и тој просто се вкаменил, така што не можел да и одговори. Во тој миг влегол и другиот гробар. Тој уште повеќе се уплашил од она што го видел. Сите тројца немо гледале еден во друг. По малку стравот попуштил и се разборувале.

- Каде се наоѓам? прашала девојката. Кои сте вие и зошто ме донесовте тука?

Гробарите се ослободиле од стравот и и објаснаа се по ред. И сега тројцата биле радосни што така убаво се се свршило.

Девојчето им се поклонило на гробарите, во знак на благодарност им ги бацувала и нозете и рацете. Потоа ги замолила да ја однесат кај нејзините родители, а за услугата им

ветила дека ќе ги награди богато. Гробарите малку се замислиле, нивните лица се намуртиле и како да им било криво што девојчето се спасило. Тие се сетиле на строгите закони кои за ограбување на мртовец предвидувале казна со изгорување жив.

- Ние тебе ќе те погубиме, рекол постариот гробар.

Девојчето не очекувало такво нешто и се вџашило. Погледнало лево-десно за да види дали може да се спаси, но видело дека тоа не е можно, зашто тие биле двајца и имале оружје. Затоа таа повторно им паднала на колена им ги бацувала нозете, молејќи ги за милост.

- Не може, повторно рекол постариот, ќе те заколеме и тоа веднаш. Притоа се наведнал да го подигне паднатиот нож на земјата. Се доближил до девојчето со цел да го убие.

Девојчето ги раширило рацете и барало милост. Младиот гробар се нажалил, му го оттргнал ножот на својот другар и рекол:

- Чекај, нема да ја погубиме. Ќе и го смениме името и ќе ја продадеме на некој од многубројните трговци.

- Отсега ќе се викаш Преспа, и рекол тој на девојката. Ти не беше мртва, туку само спиеше. Затоа викај се Преспа. Покрај тоа ти ќе земеш заклетва дека за сево ова дури си жива никој нема да дознае.

Девојчето многу се израдувало, повторно паднало на колена, ги раширило рацете и рекло:

- Се заколнувам дека ќе ја исполнам заклетвата.

Истата вечер Преспа, преоблечена во ветва облека и со пресечена коса, била продадена на некои трговци што тогаш поминале низ градот. По десетина дена напорен пат таа стигнала во Цариград. Тука Преспа била одведена на пазарот за купопродажба на робови и продадена за многу пари, на еден

стар но богат трговец, кој живеел сам со својата жена и му била потребна млада робинка за догледување.

Преспа старите господари ги гледала како свои родители. Со отмениот став кон нив таа просто ги запленила, така што тие ја сметале како своја родена ќерка. По нивната смрт таа го наследила целиот имот. Сега Преспа покрај убавината, имала и големо богатство. Но, сепак, таа не била среќна, зашто знаела дека се наоѓа во туѓ крај. Во неа се родила желба што побрзо да се врати во својот роден крај. Желбата за својот роден крај била посилна од се и таа решила да се врати.

Во градот на малото езерце, со широкото и богато поле, во кој Преспа се родила, растела и "умрела", го добила и новото име, пред куќата со црни sидови запрел карван од камили, коњи и неколку слуги кои носеле богати дарови за родителите и роднините. Преспа влегла во својот дом и им се поклонила на своите стари и ужалени родители и им рекла дека таа е нивната ќерка, која пред десет години умрела. Таа им кажала многу уверливи докази од своето детство, им ја покажала и амајлијата што и била подарена од мајка и. И покрај сето тоа старите и ужалени родители во никој случај не и верувале. Преспа била многу упорна во своето настојување, но за жал, нејзините родители не и верувале, ја истерале од куќата и ја пријавиле на властите од градот. На Преспа и било речено во срок од три дена да го напушти градот. Од градските власти Преспа побарала да се провери нејзиниот гроб, и откако добила гаранција од нив дека луѓето што ја откопале од гробот ќе бидат ослободени од секаква казна, тогаш таа ги кажала луѓето што и го спасиле животот. По сите проверки од градските власти, случајот бил прогласен за чудо. Родителите си ја примиле својата ќерка, градот прогласил повеќедневна веселба. Преспа си го задржала новото име, а набргу ја добила и круната од градот. Таа станала позната надалеку, многу луѓе дури и од далечни краишта доаѓала да ја видат. Како знак на настанатото чудо градот го добил нејзиното име – Преспа, а подоцна така била наречени и околината и езарата.

ПРЕСПА СЕ ВИКАЛА РЕКА

Кај сегашното Перово Кула, каде двете Преспански Езера се на отстојание од само 200 м нив ги поврзува река чии води се вливаат од Малото во Големото Езеро. Оваа река е сврзана со минатото на Преспа.

Постарите Преспани раскажуваат дека патот на оваа река бил многу подолг а реката поголема. Имено, реката почнувала од подножјето на планината Врба во близина на с. Лок и завршувала кај завојот на Нивичка Планина во местото Роот, каде сега Езерото е најдлабоко, 40 сажни било мало езерце во кое се вливала реката. Низ подземни пукнатини и канали под планината Галичица од езерцето водата се провлекувала и се вливала во Охридското Езеро.

Тие уверливо раскажуваат дека тогаш Преспа била широко и плодно поле, со многу села како и голем град, градот Преспа. Преспа тогаш се викала Река. Веројатно името го добила поради Голема Река, која почнувала и завршувала во Преспа. И кога градот Преспа со своите села биле најубави и богатата околија живеела убаво, се случило најлошото. Околијата ја зафатил силен земјотрес, се спуштило земјиштето, се појавило многу вода и тогаш градот Преспа и околните села биле рушени до земја, ги поплавила водата и останале под неа засекогаш. Тогаш се урнале и многу села во околијата. Подземните канали и пукнатини под Галичица, по кои истекувала водата, се затрупале и се затнале, и малото езерце, кое го проголтало градот и околните села, почнало да го зголемува своето ниво и да ги поплавува полето и селата. Така настанала трка на поплавување и селење која траела со години и векови, се дури езерото го достигнало сегашното ниво. Во полето имало многу села и сите овие не можеле да се сместат во Преспа така што еден дел од жителите на поплавените села се преселиле и се населиле во сегашните села до Преспа: Желево, Оштима, Рулја, Брезница, и Габреш, а областа се викала Корешта. И поради тоа што ова население дошло од областа која се викала Река, го добиле името Рекарци, кое име се уште го носат.

Во близината на селото Лок, има извор со голема протечна моќ. Оттука почнувала реката во која се вливале изворите кај селата Дреново, Трнаа и Винени. Потоа реките Рударска, Германска и Брајчинска, како и останатите рекички и потоци ја сочинувале Голема Река, чие корито врвело покрај сегашното островче Видринец, продолжувала пред островот Аил, на источната страна сечела низ полето па се доближувала до Наколец, и кај Нивичката Планина при завојот од ридот и во местото Роот се вливала во малото езерце, кое заземало место на тромеѓата од југословенско-грчко-албанската граница. Водата која се вливала во езерцето преку пукнатини и канали, под планината Галичица се вливало во Охридското Езеро. Кај манастирот Св. Наум, во подножјето на планината Галичица извира немало количество вода, која се влива во Охридското Езеро. Вршени се испитувања за да се докаже потеклото на оваа вода и е докажано дека водата доаѓа од Преспанското Езеро. Таков е случајот со водите кои се собираат во рамнината во Попленска Горица. Овие води преку подземни пукнатини и канали под тумбата Горица на должина од околу 1 км се вливаат во Малото Езеро. Во спротивно, оваа рамнина ќе беше блато. Овие пукнатини толку се проширени што на пролетта, кога се мрестат рибите, низ овие подземни канали од другата страна на тумбата, излегуваат големи количества риби скобусти, кои селаните од Попли ги ловат по ендеците.

Големата Река, која го сечела полето за да се влие во тогашното езерце, Преспа ја делела на Горна и Долна. Над реката имало наколку мостови кои ги поврзувале селата и населбите. Поради зачестените есенски дождови, како и топењето на снеговите на пролетта во планините, во реката доаѓало многу вода, која честопати го затнувала речното корито и се изливила од него, го поплавувала полето и на посевите им правела големи штети. Тогашните владетели во Преспа, а подоцна и царот Самуил, за чистење и одржување на коритото го користеле населението од Корештата чие земјиште било пасивно, а за тоа биле ослободени од секакви давачки на државата. Така, за чистење на речното корито овие луѓе престојувале во Преспа во групи и наизменично и седеле по неколку месеци годишно. Со оглед дека овие луѓе со десетлетија го чистеле речното корито, има

претпоставка дека името Рекарци го добиле и од тоа што го чистеле речното корито во Преспа.

Градот Преспа се наоѓал над брегот од езерцето, во близина на островот Св. Петар. Овој град, заедно со уште некои поголеми населби, се развивале уште отпорано. И во почетокот на нашата ера достигнале висок растеж. Како градот бил на патот од некогашниот град Хераклеја за градот Лихница (сегашен Охрид) и Јадранското Море, тој бил многу развиен. Според една легенда, името градот го добил од убавата Преспа, млада девојка која умрела и на другиот ден воскреснала.

Од градот Преспа нема никакви остатоци. Само се споменува неговото име и местото каде бил лоциран. Најмногу тоа го спомнуваат рибарите, кои во овој локалитет ловат риби. Постојат урнатини од некои поголеми населби, како и урнатини од некои тврдини и цркви и други градби, како што се некои калдрми до 2 м под вода.

Голема населба се развивала во локалитетот Латински Гробишта, во непосредна близина на селото Попли. Во оваа населба се топела руда добивана од рудникот Рудари, во непосредна близина на селото Рудари, кое го добило името според рудникот. Од преработената руда се ковало оружје, како и друга опрема за војската. Тогашните владетели во Преспа, па и самиот цар Самуил, во голема мера својата војска ја опремувале со оружје ковано во Преспа. Во ова населба се обликувале бакарни предмети кои служеле за домаќинството. Од населбата сега постојат големи грамади и камења.

Жителите од Попли, чии е овој терен, при обработката на земјиштето честопати наидувале на темели од некогашни градби, како и водоводна канализација. Тие откопувале глинени ќупови од големи размери, разни монети и други метални предмети. Наидувале и на многу гробови и на некои од костурите забележувале поголеми размери во споредба со жителите кои сега живеат во Преспа. Ова по се изгледа ќе да е една од најстарите населби во Преспа, која била чувана од две тврдини – калето Граишта на тумбето Граишта и калето на

малата тумба помеѓу Рудари и населбата. Овие две калиња не се знае кому му припаѓале.

Првиот пораз населбата го добила по навлегувањето на војниците на Василија II во Преспа и оттогаш била запоставена. Сосема ја поништиле Турците. Кога турскиот аскер навлегол на Балканот и дошол во Преспа наишол на отпор и во борбите паднале многу Турце. За да ја одземат тие ја изгореја населбата а населението го исклаа. Преживеаните се населија кај сегашно Попли. Труците не застанале само на тоа. Во близина на Рудари бил манастирот Св. Ѓорѓија. Калуѓерите кои живееле во манастирот на Турците им дале отпор и не се предавале. Манастирот бил опседнат и во опсада останал неколку недели. Кога аскерот го зазел манастирот, калуѓерите ги затвориле секого во засебна ќелија и тука ги држеле се дури умреле за вода и леб. Ова место се вика Ќелје, а ридот над малото манастирче С. Ѓорѓија се вика Калуѓерица.

Во близина на селото Винени, на самиот брег од Малото Езеро, постоела голема населба. Поголемиот дел од нејзините урнатини се наоѓаат под водите од езерото. На самиот брег се урнатини од големата црква С. Ѓорѓија. До оваа населба во непосредна близина од околу 1000 метра, остана малото село со 50-тина куќи селото Винени, кое подоцна, поради навлегување води во селото, е преселено во подножјето од ридот.

Селото Аил сега е лоцирано на северозападната страна од островот. Во старо време ова село било богато, големо и се простирало на источната страна во подножјето од островот.

Покрај селото врвела Големата Река. На спротивната страна од реката имало село, селото Опаа. Кога жените од овие две села на реката ги пореле алиштата, тие преку река правеле разговор. На ова место сега има од 2-3 м вода.

Островчето Видринец, мало островче во Малото Преспанско Езеро, има површина од само неколку хектари. Тоа е голема стена во која има голема пештера. Кога езерото не постоело и пештерата била на суво, летото овчарите штом овците ќе ги напиеле вода на реката, во пештерата од стената ги носеле на

мериз и тука ги молзеле. Во водите околу островчето има многу видри, кои зимата, кога Езерото е замрзнато и покриено со мраз, излегуваат на островчето и се печат на сонцето. Од тоа и името Видринец. Со оглед дека во близина е речното корито, тука има и многу риби, а видрите обезбедуваат доволно храна.

До островчето Видринец се наоѓало селото Бушкани. Оваа населба била голема и играла значајна улога во развојот на занаетчиството. Тука врвел и патот од Корча преку сегашното дреново, па спрема Бушкани за населбите и градот Преспа. Жителите од оваа населба се населиле во селата Оровник, Букоик и Лок.

Селото Опаа, кое се наоѓало наспроти Аил, последно ги напуштило своите куќи и се населило во селата Стрково и Рудари. Од овие фамилии во Рудари сега се Толеви и Мијалови, а во Стрково Костандинови, кои селаните од овие села се уште ги викат Опајците. Во близина на селото Опаа постои месност Градињето, каде сега има до еден и пол метри вода. Од Перово Кула спрема Градињето и Опаа кај месноста Слогот, под вода под 1,5 м има калдрма, околу 500 м.

Селото Наколец неколку пати било преселувано. Така пред последното преселување, кога наоколу селото надошла вода, тие направиле пат со калдрма, и од страната поставиле колје кои им служеле да не се губат од патот и од тоа селото го добило името Наколец.

Селото Дреново се наоѓа на влезот и патот од Корча за Преспа. Во ова село имало неколку анови, каде трговците со своите карвани го одморале и го хранеле својот добиток, па го продолжувале патот. Тука постојат грмади од камења од некогашните анови, а местото се вика Ановите.

Од островот Аил до копното, кај малата тумба Крина, отстојанието од 1,5 м под водата има калдрма висока 1,5 м и широка 3 м. Над калдрмата има околу 1 м вода. Оваа калдрма е од времето на царот Самуил. Тука било створено блато и тој изградил пат од калдрма, а подоцна истата била доградувана.

Во 1935 год. нивото од Големото Езеро опаднало со еден метар во однос на нивото на Малото Езеро.

Жителите од блиските села до Малото Езеро го проширија коритото од реката на Перово Кула, и за неколку часа малата река се претвори во страотна и матна, која уште веднаш сосебе го понесе мостот, кој беше и единствена врска со селата од Д. Преспа и ова население остана отсечено неколку месеци, дури нивоата од двете езера се израмнија и над реката се направи нов мост. Тогаш од водите од Малото Езеро се ослободи голема површина земја и по калдрмата до Аил можеше да се оди со газење. Во некои места на калдрмата се отворени таканаречени премини за чунови, кога опаѓа водата чуновите да можат непречено да преминат.

Мостот и реката на Перово Кула заземаат значајно место во историјата на Македонија. На 14 август 1949 год., кога ДАГ се повлекуваше, а заедно со неа и населението од Мала Преспа, тие беа изложени на масовно касапење од владините авиони. Во овој пресуден момент владината армија вршеше притисок за да навлезе во Преспа, а на партизаните им претстоеше опасност за да бидат пресечени на албанската граница. Навечерта спроти 15 август речното корито беше проширено и за кратко време реката се претвори во голема река, а со тоа го спречи преминот на владините тенкови и војската, која беше присилена по два дена да се префрла со чунови низ Езерото. За тоа време партизаните, а со тоа и населението преминаа во Албанија.

Поради легендите и тврдењата на рибарите дека на дното од езерото има градби, во 1936 год. во М. Преспа беа донесени двајца нуркачи, кои спрема упатствата на рибарите беа спуштени на дното од Малото Езеро. Тие на повеќе места на дното од езерото забележаа остатоци од стари градби – куќи и цркви, а во местото од речното корито извлекоа греди од фојови дрва од некогашните мостови.

Во големиот залив до местото Роот, на брегот од Големото Езеро е с. Нивици, чии жители се занимаваат само со риболов. Во ова село се зборува наречје со акцент на македонски јазик зачуван од најстаро време. Тоа е поради тоа што селото е

сосема отсечено од останатите села од Преспа и се развивало во најголема мера самостојно.

СПОМЕНИ ОД ЦАРОТ САМУИЛ ВО ПРЕСПА

При изборот на престолнина за својата македонска држава цар Самуил не случајно ја избрал Преспа. Тој Преспа ја видел питома и богата со големи населби, богато и плодно поле, со богати пасишта, како и богат лов на риби во малото тогашно езеро и големата река и блатото. А тоа му овозможувало доволно храна за војската и робовите што ги држел во Преспа. Самуил Преспа ја видел и како тврдина која му обезбедувала спокоен престој за војската и управата и спокоен одмор на војската кога се враќала од походите.

Самуил се одлучил Преспа да ја направи престолнина на својата држава и уште веднаш се зафатил со огромни работи во кои сакал државата економски да ја зајакне и културно да ја издигне.

Прво се зафатил со прочистување на речното корито кое којзнае од какви причини било запоставено и од изливањето на водите од коритото низ полето настанало блато. За оваа цел тој го задолжил населението од селата од Корештата, сега таканаречени Рекарци, чие земјиште било пасивно. Овие селани биле задолжени да го исчистат речното корито, и низ полето да направат канали за цедење на водата. И за тоа биле ослободени од секакви давачки на државата.

Овие луѓе, откако го исчистиле речното корито и низ полето ископале канали, тие по некој ред и групно со месеци седеа во Преспа и го одржуваа коритото, а тоа подоцна им стана и обврска која била озаконета и траела подолг период, па и во подоцнежните управи се до поплавувањето на полето од водите и езерата.

Од малата тумба Крина на сегашниот брег на Малото Езеро до островот есента и зимата патот бил многу отежнат поради што тука се створило блато, и приодот до островот бил многу отежнат. Самуил се решил да направи убав пат од калдрма. За

оваа цел тој ги заангажирал робовите, дел од војската и населението од Преспа. Се работело без прекин до завршувањето на патот. Луѓето кои работеле тука - робови, војска, мажи и жени, правеле пат од калдрма широк 3 м и долг 1,5 км. Камењата ги земале од планината до Крина. Луѓето биле поставени во редици и камењата ги предавале од рака на рака. Работата од оваа масовна акција завршила многу бргу. На оваа работа работеле и многу жени, мајки на деца цицалчиња. Малите деца ги чувале стари жени. Една жена чувала 10 деца. Кога ги заспивале, крошните ги врзувале со ортома една за друга па сите заедно ги нишале.

По изградбата на калдрмата и отворањето пат до островот, Самуил таму изградил дворец и се населил. Тука ја пренесол и својата управа. Со отворањето канал низ полето, блатото се исушило, станало плодно. Селаните од Аил се горди со оваа калдрма и ја сметаат за една од најголемите придобивки од царот Самуил, и истите се сметаат за негови потомци. Секој посетител кој ќе дојде на островот прво ќе го однесат да ја види калдрмата а после и другите градби.

Во Преспа Самуил почна да ја гради и да подигнува и делум паметници на културата. По изградбата на дворецот тој ја изгради црквата Св. Аил, исто на островот. Оваа голема и ретко убава црква има 12 олтари и во неа на обредите пееле 12 попови. Самуил црквата ја подигнал по големиот поход и победата против Византијците во близина на Лариса. Кога тој влегол во Лариса и таму ја видел црквата Св. Ахил посакал исто таква црква да изгради и во Преспа. Во Лариса тој однесол мајстори да ја видат црквата, каква подоцна и изградил на островот. Од Лариса Самуил ги донесол коските на патријархот Ахил, во чија чест била изградена оваа црква. Неговите коски ги погребал во еден од олтарите на црквата и и го дал името Св. Аил. Црквата е лоцирана на источната страна на подножјето на островот, и еден дел од неа сега е зафатен од водата од езерото. Од неа сега постојат урнатини.

Старите раскажуваат дека до разурнувањето на црквата во 1918 год., на денот на Св. Аил, покрај многубројното население кое

доаѓало на островот, доаѓале и сите попови од Преспа и пееле во сите олтари на црквата.

Во Првата светска војна во 1918 год. сојузничката војска во состав на Французи, Срби и Грци на тумбата Граишта на 5 км од островот имале поставено топовска батерија. Фронтот со Бугарите бил на ридот Св. Илија и Сливје над Роби и Герман. На денот на Св. Аил на островот бил надојден многу народ и во моментот кога луѓето излегле од црквата таа била бомбардирана. Половина час на црквата и над селото експолдирале џиновски гранати од тешката артилерија на Граишта и црквата целата беше разурната. Се урнаа и неколку куќи од селото. Од насобраното население имаше убиени и ранети.

Со оглед дека од набљудувачницата на Граишта до островот отстојанието е премало, сојузничкиот заеднички штаб можеше да ја разликува бугарската војска од населението кое дошло во црквата заради денот. Што се однесува за стратегиската положба и улогата на островот на овој фронт. Бугарите сакале да дојдат на островот, ама не можеле поради тоа што мостот на Перово, откаде требаше да минат бил во рацете на сојузниците.

Уништувањето на овој драгоцен македонски споменик за преспанското население остана неразјаснета загатка.

Главниот мајстор, под чиј надзор се градела црквата, бил од Велешко и му се спомнува името Јоаким. Овој мајстор во Преспа станал легендарен, затоа што изградил повеќе цркви, како што е црквата “Св. Ѓорѓија” во населбата кај Винени, од која сега постојат само урнатини кои се зафатени од водите на Малото Езеро.

Во подножјето на тумбата Попленска Горица до истекот на водата од подземниот канал на тумбата, мајсторот ја изградил црквата “Св. Јана”, чии урнатини се во водата на езерото. До неа е изградена нова со сосема мали димензии, црква исто така “Св. Јана”. Овој мајстор ја изградил и црквата “Пречиста” во Роби, во исти стил со црквата “Св. Аил”, само во многу помали димензии, и со еден олтар. Оваа црква отпорано е урната и не се

знае зошто. Во урнатините можеа да се видат мермерни столобови и расфрлени мермерни надгробни плочи. До неа е изградена нова во византиски стил, исто така “Св. Пречиста”. На нејзиниот олтар и страничните ѕидови можеа да се видат неколку слоеви од танок малтер еден на друг и секој слој од нови слики сликани во разни временски периоди.

Царот Самуил за неговиот престој во Преспа изградил голем број цркви, ама најмногу на островот и во Роби. На островот ќе ги наброиме црквите “Св. Аил”, “Св. Спас”, “Св. Ѓорѓија”, “Св. Димитрија” и “Св. Богородица”. Оваа последната подоцна стана голем манастир, во кој имаше голем број калуѓери и егумен. Калуѓерите го обработуваа земјиштето кое му припаѓаше на манастирот, држеа големи стада овци и говеда, тие се грижеа и ги одржуваа и другите цркви и островот го имаа означено за свет остров. Кога подоцна во полето во М. Преспа надојдоа води и го поплавија полето и патот до островот, и островот почна да се отсечува, калуѓерите и селаните од Аил, чие село тогаш беше големо, ја доградуваа калдрмата, за да може населението од Преспа да доаѓа на “светата” земја. За доградба на калдрмата помош даваа и другите селани од Преспа. Висината на калдрмата достигна до 1,5 м. Сега над неа има околу 1,5 м вода.

Во 1942 год. Италијаните на Крина поставија своја артилерија. За покривот на бараките на војската ги зедоа ќерамидите од манастирот. Во 1943 год. почина последниот калуѓер кој го одржуваше манастирот.

Во Роби мајсторот Јоаким ги изградил црквите “Св. Пречиста”, “Св. Димитрија”, “Св. Петка” и “Св. Никола”. Последнава Турците ја урнале и на нејзините темели изградиле џамија. Поради некоја голема поплава, што го зафатило селото, џамијата била однесена од водата и на темелите од старата црква селаните пак подигнале нова, ама во помали димензии, исто “Св. Никола”.

Старите раскажуваат дека царот Самуил подигнал црква на тумбата Горица до Роби, црквата “Св. Јован Преспански”. Оваа црква го чувала полето и посевите од невреме. Во 1870 година

селаните од Роби оваа црква ја обновиле и ја направиле поголема. На влезната врата на видно место сосидале надгробна плоча на царот Самуил, која со векови била чувана во црквата "Пречиста" во Роби. Оваа црква станала симбол за преспанското население. На денот на Св. Јован Преспански тука се собирале неколку стотини души од Преспа. Оваа надгробна и спомен-плоча ја зеле Бугарите во I светска војна, во 1918 год. Тие го држеле фронтот над Роби, дошле и на Горица, ја виделе плочата, ја откорнале од ѕидот и заедно со други надгробни плочи од овај период, кои беа чувани во црквата "Пречиста" во Роби и "Св. Герман" во Герман ги товарија во кола и ги однесоа во Бугарија.

Селото Роби своето име го доби поради тоа што во ова време во непосредна близина до оваа голема населба Самуил ги чувал робовите, кои ги запленувал од разни походи против Византија. Во оваа населба поради добрата местоположба и добрата клима уште и добрата вода, Самуил имал свое одморалиште, каде честопати отседнувал и одморал. Поради тоа оваа населба тој ја красел и ја збогатувал со цркви, каде честопати се вршеле обреди и церемонијали, кога тој престојувал во неа. Робовите кои биле во непосредна близина до Роби чувани од војската, работеле на разни работи, и тоа како мајстори за градење на цркви, патишта и други градби. Еден дел работеле и на полето како што беа градињето, чиј приход одел целиот за војската. Над овие градини сега има од 1-1.5 м вода и се наоѓаат во непосредна близина до некогашното село Онаа.

На островот немало вода и биле ископани неколку бунари, ама вода за пиење била донесена од изворите до Винени, на 3 км од островот. Понатаму, се раскажува дека Самуил големо внимание му посветил на сушењето на блатото и чистење на речното корито, над кое изградил неколку мостови за подобро комуницирање на населението и војската. Бил голем работник и за се вршел контрола и надзор. Бил голем и современ стратег и над Византијците извојувал многу победи и во Преспа пренесол многу робови и големо богатство, кое го чувал во неколку подземни тунели на островот.

Примамени од овие раскажувања, во летото 1937 год. на островот се отпочнало со копање и трагање по богатството на царот. Копачите биле под строг надзор на државни органи на Грција. Тие копале на одредени места, спрема исказите на поединци – познавачи на историјата на островот. Трагачите копале едно лето и за ова време успеале да откопаат голем број надгробни плочи испишани со славјанско писмо, како и многу други предмети од тоа време. Надгробните плочи и другите предмети што беа пронајдени за време на копањето, под строга контрола биле спакувани во сандаци и одведени во внатрешноста на Грција. Копачите се надеваа дека ќе го пронајдат гробот на патријархот Ахил за да ги вратат коските во првобитниот гроб во Лариса.

Царот Самуил над Византијците извојувал многу победи и секогаш кога се враќал во Преспа со него носел голем број робови и голем плен. Преспанското население му приредувало величествени дочеци, во црквите се правеле обреди и церемонијали. Затоа овие величествени дочеци, се раскажува дека кога Самуил со својата придружба се појавувал на патот Граишта, на височината од тумбата до калето се палеле големи огнови, од кои чадот се гледал од сите села од Преспа. Во исто време биеле и камбаните од селата и со тоа било означувано неговото пристигнување во престолнината.

За гробот на царот Самуил има две претпоставки. Во едната се вели дека бил погребан на островот во еден од олтарите во црквата “Св. Аил”. Во другата се вели дека бил погребан во Роби, во црквата “Пречиста”. Со оглед дека во Роби честопати отседнувал за да се одмори, откога ги видел своите војници ослепени и во Преспа дошол тешко болен и умрел и поради тоа што во црквата “Пречиста” со векови била чувана неговата надгробна плоча може да се верува дека бил погребан во Роби.

МАЛА ПРЕСПА ПОД ТУРСКО РОПСТВО

- Записи –

При крајот на 17. и почетокот на 18. век, во селата од Преспа, Труците вршеа незапамтени дотогаш насилства и злосторства. Оваа така неиздржлива тиранија над христијанското македонско население, тие ја вршеа и поради тоа луѓето да ги покорат и да им ја наметнат исламската религија, наедно и да ги денационализираат. Убиствата и насилствата беа честа појава. Отворено се вршеше притисок за потурчување.

Исламското малуброjно население, кое беше во неколкуте села, го држеше најплодното земјиште од кое поголемиот дел припаѓаше на неколку шиптарски бегови и аги, на кои им работеа Македонците. Македонското население беше населено по планинските села. Сите планински села беа населени со Македонци со неплодно земјиште, од кое поголемиот дел беше откупено од албанските велепоседници со големи заштеди и заштедите од печалбарството.

Македонското население се занимаваше и со сточарство. Оваа гранка на стопанисување кај Македонците остана уште од порано. Тие многу ја развиле, а тоа се гледа и од големите стада овци, кози и говеда. Секоја фамилија имаше стадо овци и кози. Тие се занимаваа и со риболов. Ги користеа природните богатства на езерата, и од поголемите фамилии беа одредени луѓе кои исклучиво се занимаваа со риболов како и со сточарство. Пазарите во Битола и Корча беа заситени од преспанско сирење, маст, волна, месо и риби. Преспанскиот селанец со овие производи во извесна мера го надополнуваше недостатокот, додека кај Албанците тоа не беше. Тие се занимаваа претежно со земјоделство, а за работа ги користеа Македонците.

Чести беа случаите во летниот период, кога се собира жетвата, велепоседниците Албанци одеа по селата каде живееја Македонци и насила ги земаа младите невести и со недели ги држеа кај нив да им ги жнијат нивјето, и вршат житото, а своите жени и девојки ги чуваа во огради со високи авлии. Во оваа

годиншна доба, македонската жена го доживуваше најниското однесување од господарите Албанци муслимани.

За жената Македонка, во текот на историјата треба најмногу да се каже. Четири работи со кои таа неразделиво се поврзала, сметам дека ја има и најголемата заслуга за зачувување на својата македонска нација; додека таа и подоцна тоа го чинеше и со другите завојувачи. Таа беше најмногу изложена на ниското однесување кај сите завојувачи.

Македонската жена беше голем приврзаник на религијата и доследно ги извршуваше религиозните обреди. Својот македонски јазик за неа беше единствениот јазик, и таа никогаш не сакаше да проговори туѓ јазик, во споредба со својот маж, кој од печалба покрај заштедените пари носел и туѓи зборови: влашки, бугарски, грчки, арнаутски.

Националната носија, таа и е најголемата одлика на македонската жена. Со најголема стрпливост таа ја везела својата облека, на неа нанесувала разнобојни шари, ја кителa и кога ја облекувала, таа била китна китка од најубави цветови и шаренило, додека мажот честопати на главата клавал и црвен фес.

Во работата за опстанок на своите деца, на својот маж му помагала, и кога тој бил присилен да го напушти својот дом и да оди на печалба, верна и достојна ја преземала сета работа на неа и го одржувала своето домаќинство. Понекогаш, по десетина години. Работела на нивјето од бегот, одела и овчарка, берела од планината дрва.

Така вредна и накитена со својата носија, таа станувала привлечна за Албанците муслимани. На албанските мажи турската власт им имаше дадено оружје и неограничени права и тие секогаш кога ќе им затребаше против Македонците употребуваа и оружје. Овие неограничени права најмногу тие ги користеа за присвојување на македонски жени за задоволување на своите страсти. Се случуваа убиства на Македонците мажи кои се ставаа во заштита на честа на своите семејства. Албанци од понискиот сталеж, а тие беа најмногу,

грабеа македонски девојки не за себе, туку за некого од богатите Албанци, од што земаа и големи суми на пари.

Во одбрана на својата бит Македонецот ја имаше религијата. Христијанското население се одржуваше во големи фамилијарни заедници кои понекогаш достигнуваа и до педесетина членови фамилија. Свештениците беа иницијатори за организирање на верските веселби, како што беа панаѓурите, каде се собираше народот од целото село, или од повеќе села. Овие веселби се претвораа во народни обележја. Свештениците понекогаш играа улога на учители и советници, а понекогаш својот положај го користеа за збогатување.

За да се даде појасна слика за настаните во овој и подоцнежниот период до исчезнувањето на Албанците од Преспа, ќе се потрудам да изнесам некои од овие настани само од селото Роби.

Во долниот дел од Преспа, кој се наоѓа под Грција се наоѓаат 18 села, меѓу кои и селото Роби, веднаш до самата граница со СР Македонија. Оваа населба, спрема легендите за старото минато, датира уште пред престојот на царот Самуил во Преспа. Царот Самуил во оваа населба ги чувал своите робови запленувани од разните походи над Византијците и од тоа населбата го добила името Роби. Во населбата Самуил изградил повеќе цркви. Урнатини од тогашните цркви со мермерни столбови и сега можат да се видат. Сега во селото има четири цркви од кои и црквата “Св. Никола”.

Во годините 1780-1820 година во Роби живееја десетина македонски фамилии и повеќето од нив броеја по триесет и четириесет членови фамилија. Нешто помалку живееја и албански фамилии и го држеа поголемиот дел од плодното поле, од кое фактички голем дел му припаѓаше на бегот, млад Арнаутин кој го наследил чифликот од татко си. Бегот нивјето ги даваше под наем, а ги работеа и Македонците и Арнаутите.

Македонците имаа мал дел земја која беше помалку плодна или воопшто неплодна. Тие држеа големи стада овци и кози, беа и рибари и имаа поголеми приходи од Арнаутите. По полските и

другите работи, работеа мажите и жените. Арнаутите своите жени ги чуваа во високи авлии.

Со доаѓањето во селото на младиот Арнаутин – бегот, насилствата и злосторствата се зголемија. Бегот пред тоа служел во турскиот аскер, и беше зел учество во многу борби од војните што ги водела турската држава со разни земји. Воспитан од државата и верата, не можел да гледа христијани и "неверници" во Турската империја. Сакал да биде многу богат, да живее во раскошен конак и харем со жени од повеќе нации и вери. Прав исламски заповедник во тогашно време. Поткрепуван од своите власти и самиот преземал акции и вршел голем притисок за исламизирање на населението. Македонското население му давало голем отпор со многу жртви. Попот Ѓорѓија од селото го користел својот положај и ги охрабрувал селаните да не се даваат на Албанците, ама самиот се жртвувал.

Младиот бег Алија наредил црквата "Св. Никола" да се урне и на нејзините темели да се подигне џамија, и до џамијата мефтеп (училиште). Сеганите и попот Ѓорѓија се обиделе бегот да го спречат но не можеле, тој имал сила и тоа го сторил. Бегот селаните сосила ги натерал децата да ги пуштаат во турското училиште да го изучуваат коранот, крал свои луѓе и го убиле попот Ѓорѓија затоа што попот не им давал децата да одат во турското училиште и да учат друга вера. Самиот попот децата ги собирал во црквата и ги учел да пеат црковни псалми и сметање. Бегот не застанал на тоа, штом го убил попот, тој една од ќерките на попот, Ристана, ја грабил за својот харем.

Бегот Алија и уште неколку видни Арнаути од селото ги повикале селаните во конакот и им рекле отсечно: Имате муфлет три дена, и за овие три дена да ни кажите дека ќе станите муслимани. Црквите ќе ги рушиме и на нивните темели ќе изградиме џамии, руфетот ќе го смените, жените ќе облечат наш руфет, ќе направиме голема свеченост на која ќе присуствуваат претставници од нашата држава и вера од Битола и Јанина. Кој не ќе го стори тоа ќе биде ставен под нож.

Селаните се згрижиле како никогаш дотогаш. Се собрале во црквата и секој по нешто велел и на крајот се одлучиле да одат кај бегот и да го молат, да му паднат на колења и да му дадат се што ќе посака тој, само верата да не ја сменат. Одредиле неколку постари мажи, и мажите отишле кај бегот. Бегот ги примил и тие понизно, дури до земја, му се поклониле и му рекле: Бегу, на душа ти, на вера ти, каил да не се сториш, нација и вера да смениме. И вашата вера и нација се добри, ништо лошо за тоа не велиме, ама бог така ни наредил и така сакаме да останиме. Не сакаме волјата негова да ја измениме. Нашата вера и нација, нашите стари ни ја оставија во наши раце, и ние исто така каква ни ја оставија тие така сакаме да им ја оставиме на оние по нас. Инаку ќе сториме голем грев спрема бога и спрема нашите поколенија. Сакај се што ќе посакаш, се што ќе рече твојата уста, се ќе исполниме, само нација и вера да не смениме.

Бегот седел со скрстени нозе и пиел кафе и внимателно ги слушал луѓето кои понизно го молеле. Го пуштил филџанот со кафе, станал простум и рекол: Штом дојдовте кај мене, јас на себе ја земам грижата и да Ви ја олеснам работата. Се замислил малку и продолжил. Ете, рече тој, јазикот нека остани, ама верата ќе ја смените. И почна да објаснува. Рече нивната вера била подобра од сите вери на светот, та и од христијанската. Тој наведе дека и други Македонци христијани се откажале од својата вера и ја прифатиле муслиманската, се кажал и самиот дека и тој не е Турчин, туку Арнаутин и потеклото му е од албанското село Фрашер. Ги раширил рацете и рекол: Ја примив муслиманската вера и станав бег. И се раскикотил.

Претставниците од селото со бегот се натегале и се пазареле и од него барале и нацијата и верата да не ја менуваат, туку бегот нека бара голем рушвет, пари нека бара колку сака, тие се ќе исполнат. Тогаш бегот им рекол: Мадам така е работата, Вие ќе станете мои чифлигари, вашите нивја ќе ми ги препишете мене и пак вие ќе ги работите, ама јас ќе бидам сајбија а вие чифлигари. Ја земам целосно грижата за вас на себе, и никој од другите аги и бегови на Вас не ќе може да стави рака. Тројцата претставници од селото се опулија еден во друг и без да речат

збор станаа, му се поклонија на бегот и излегоа од конакот. Бегот им сторил чест и ги испратил до дворот.

Меѓу другите Арнаути во селото бил и Таип, човек во години и достоинствен. Со каурите истиот никогаш не се замерил, и на бајрам и рамазан во неговата куќа гости му оделе и Каури, а и тој на нивните верски и други празници им одел дома и им ги честел празниците. Таип ги гледал нечесните дела на своите сонародници што ги правеле на Каурите и велел: Турците се уште во себе го имаат оној воинствен и завојувачки дух, и за сето што му го прават на Каурите Алах ќе ги казни. Оти тој Алах, е Алах и за муслиманите и за Каурите, и поденакво ги сака и едните и другите. Оти Алах самиот си направил и Турци и Каури и така со повеќе нации и вери земјата повеќе личела, била поубава. На своите пријатели Каури Таип им велел да се борат за нацијата и верата, оти тоа било дадено од господ и бил голем грев да си сменел нација и вера. Кај него иделе и Арнаути и Каури, и тој и на едните и на другите им ја претскажувал среќата и несреќата.

Селаните навечерта се собрале по куќите по неколку заедно, а по дента по нивјето. Зборувале, зборувале и никој не сакал да се откаже од нацијата, та нити од вера. Тие велеле за нација и вера глава се дава. Некој си Огнен Нивички, кој во Роби бил доселен од селото Нивици, рекол: “Кога работата дошла дотука, што има да чекаме појќе. Ајде да земиме оружје и да се биеме со Турците, па кој ќе победи нека победи. Гласот ќе се чуе насекаде па и во Стамбол, кој ќе загини нека загини, сите нема да загиниме. Ама и нацијата и верата и нивјето ќе ни останат. Нека живеат тие што ќе останат живи. Жените по куќите плачеле и ределе како на отепани луѓе, како немало да одат во црквата и на умрените да даваат задужбини, како нема да си ги служат празниците, а тие ќе бидат затворени во хареми и лицата ќе им бидат покриени со фереџиња и нивните толку убави носии не ќе можат да си ги носат.

Положбата била многу лоша и очајна, се рушел еден цел поредок кој со векови се градел и се применувал. Мажите се собрале во црквата и донесле одлука на бегот да му ги дадат нивјето, и им олеснало. Па на вечерта легнале и се наспале.

Таип со голема болка го дознал аберот дека Каурите на бегот ќе му ги дадат нивјето и ќе му станат чифлигари. Тој на Каурите им рекол: Сега на бегот му станавте робови. Тој Вас нема да Ве брани, Арнаутите пак ќе Ви прават зулуми и ќе Ви ги грабнуваат чупите и Вас ќе Ве оперват, и тоа ќе го прави и самиот бегот, оти тие имаат оружје и власт, а Вие немате ништо. Таип на бегот му претскажувал дека ќе биди нападнат и ќе умре тогаш кога најмногу ќе сака да живее. Имотот, му рекол, ветрот ти го донесол, а водата ќе ти го одземе. За муслиманите претскажал дека уште малу ќе си одат дење, а Македонците ќе си одат ноќе. Тој рекол дека ќе има и војна и многу народ ќе гини. Сите претскажувања на Таип се остварија во разни временски периоди.

Најдо Мундушев, глава на фамилија од триесетина души синови, снаи и внуци, кога селаните се собрале во црквата тој им рекол: Држете се да се држиме и на Арнаутите ништо да не им даваме, нити нација, нити вера, та и нивјето. Тие сега плашат, страшат, така ќе ви направјме, вака ќе ви направјме, ништо нема да ни направат. Ќе операт некого од нас, нека операт. Сите нема да не операт, па и досега тие опервале, и нивјето да му ги дајме пак ќе оперват. На Најда му се придружи Огнен. Тие се обидоа селаните да ги убедат да не му ги даваат нивјето на бегот, ама не можеа. Селаните биле многу исплашени од заканувањата од Арнаутите. Најдо и Огнен не му ги дадоа нивјето на бегот.

Бегот ги зел сите мажи од селото чии имоти се водеа на нив и ќе му ги преведеле нему, за сите обезбедил коњи, сите заедно се качиле на коњите и ги одвел во Јанина, оти во Јанина бил пашалукот, и само тука сопстениците на нивјето можеле на бегот да му ги отстапат своите имоти, Најдо и Огнен заедно со другите селани не отишле во Јанина, и на бегот своите нивје не му ги дале. Сите оние селани што му ги дадоа нивјето на бегот, му станаа чифлигари, и сега своите нивје пак самите ги обработуваа, а приходот го делеа наполу со бегот.

Во селото бегот изградил конак каков дотогаш во Преспа немало. Околу конакот засадил шуми, како и овошки кои даваа

добар плод. Во својот харем донесол жени, млади убави, од кои и Каурки, за кои дал многу пари. Спрема чифлигарите станал суров, исто и спрема Арнаутите. Најда и Огнена ги присилил да им ги земе нивјето, но тие упорно не му ги давале. Бегот им се заканил со убиство и на Најда му го убил син му Темелко и една од внуките, Ристана од синот Илија ја грабнал и ја присвоил. Се обидел да го убие и другиот син Наума, и само го ранил во ногата. Наум дури умрел на стари години кривел од ногата. Бегот се заканил дека овие две фамилии ќе ги поништи, и така двете фамилии го напуштија селото, ја напуштија Преспа. Тие отишле во Сараѓол, Кожанско, тука бегот не можел да им пакости. Селаните на бегот му го работеа чифлигот, бегот секој ден станувал се побогат и побогат и со своите убави и витки жени живеел раскошно во својот конак. Арнаутите од селото почнале да му завидуваат. Тој за својата безбедност во служба кај него зел неколку сејмени, кои оделе со него и го чувале.

Со ослободувањето на Грција од Труците и во Македонија се измени положбата. Дотогашниот притисок за исламизирање и сосила земање на имоти, како и големата тиранија попушти, и на муслиманите како да им влезе страв од истото такво востание од Македонците. Некои од велепоседниците постепено земјата почнале да ја продаваат за пари, така и бегот од Роби почна да бара купци за својата одземена од селаните земја.

Првиот кој откупил дел од чифлигот од бегот, бил попот Наум од Нивици, кој се населил во Роби. Овој поп под својата надлежност имал дваесетина села од Преспа и во нив одржувал верски обреди. Бегот од неговиот чифлиг одобрил да купуваат и неговите чифлигари, и така голем број мажи од селото и од Преспа се простиле со своите фамилии и тргнале по светот да бараат работа за поголема заработувачка. Печалбари од Преспа стигнале во Влашко, Анадол, па дури и во Русија. Голем број од овие луѓе, кои по светот тргнале за заработувачка за својот опстанок, дошле и во Грција, на Пелопонез, во областа Мора (Морја) каде за време востанието се бореле и многу Македонци од овие краишта а земјата била опустошена и требало да се обновува.

Најдо Мундушев со својата фамилија дојде во Сараѓол и по неколку години умрел. Умрел од мерак за својот син Темелко и за својата внука Ристана, што не дознал за нејзината судбина, како и од мерак за своите нивје и куќи што ги оставил, а тука, каде дојде, требало одново да почне. Тој сето тоа не можел да го преболи и да го прежали. Наум и Илија, двата синови на Најда, како и внуците од Темелка во Сараѓол останале цели 30 години, и кога положбата во Преспа се смирила, тие сосе фамилии се вратиле пак назад во родното село. Нивјето од бегот преку уќуматот во Битола му ги зедоа, за сето тоа имале докази (тапии). Наум и Илија со своите фамилии останале во Роби, а синот од Темелка со својата фамилија се насели во Герман. Интересно е да се каже и ова што фамилијата од Темелка, која се насели во Герман, како прекар од селаните од ова село го доби Сараѓулови, поради тоа што дошле од Сараѓол. Фамилијата Сараѓулови од Герман со фамилијата Мундушеви од Роби и преку тоа што изминале толку години родбински појаси, и сега родбинството го имаат запазено. Повеќепати било случено помеѓу младите да се договараат за бракови, ама старите не давале.

Попот Наум за разлика од претходниот поп Ѓорѓија, кој својот живот го положил да ја зачува својата нација и вера, овој својот положај го користел и за богатење. Под своја надлежност имал дваесетина села и редовно во секое село не можел да ја врши својата служба, верските обреди. Тој си разработил план и по овој план ги навикнал и своите верници. Кај попот Наума во Роби секој ден иделе верници од неговата енорија, каде тој бил обврзан да ги врши верските обреди. Луѓето што иделе понизно му се поклонувале, му бацувале рака и го известувале дека фиљан од едеси кое село умрел и попот да дојде да го изврши погребот. Други иделе и го известувале дека на фиљан синот во недела ќе се жени, па попот да дојде и да ги венча младите. Овие со нив носеле погачи, карти вино. Трети иделе и го известувале дека фаљан има син, ќерка, и в недела да дојдел попот да го изврши кршевањето на новороденчето. Попот не можел, па не одел нити кај едни нити кај други. Тој им велел: Одете, погребете го умрениот, невестата земете ја и на

новороденчето ставете му го името и гостете се. Јас оттука ќе му ги испејам молитвите, и ги запишувал во големиот тефтер.

Попот Наум од неговиот план не отстапувал. Тој двапати годишно, пролетта и есента, се качувал на коњот, со него го земал момокот и тргнувал по селата. Селаните од секое село во кое стигнувал го чекале со големи почести. Питропите од црквите му обезбедувале сместување при највидните фамилии каде му се правело богата гозба, а го придружувале највидните селани. Тој ден за селото бил голем празник. Попот во црквата одржувал обред, на вечерта го отворал големиот тефтер и оние кои биле запишани во него го плаќале борџот, за умрениот, за венчавката и за крштевакта, наедно му ги носеле и подароците за венчавката и за крштевањето чорапи, а за умрениот шамии. На попот никој не му борџел и така попот Наум со големи почести и бакшиши и собирање многу пари, ги обиколувал селата и кога се враќал, коњот бил натоварен и со дисаќи во кои имало многу грошеви и меџидии. По секое враќање во својата обиколка по селата од бегот купувал по некоја нива.

Во близина на селото, на самиот влез во него, од бегот попот купил голема нива за ефтини пари. Во нивата имало многу камења од кои големи и мали. Наутрото попот станувал, ја земал патерицата и одел на нива. Патниците кои врвеле по патот покрај нивата се поздравувале со попот, му бацувале и рака. Попот ги задржувал на мал разговор, се собирале повеќе патници, и попот наоѓал начин патниците да ги натера да му помагаат за тркалање на камења од нивата, каде понекогаш ги задржувал по цел ден. И така попот ја исчистил нивата од камењата и околу неа направил висока од камења ограда.

Во својот харем бегот држел млади и убави жени. Во базенот во бавчата со висока ограда, со засебно наместена соба, се капеле убавите жени. Бегот седел оптегнат на миндерот под сенката на овошките, пушел нарѓуле и гледал во витките снаги на голите жени. Околу него забрмчи оса и таа се залепи на неговиот образ и осилото му го закачи во образот. Бегот списка од болка, спискаа и жените и потрчаа кај него. Лицето од бегот веднаш отече, очите и видот му се фатија. Жените бегот го однесоа во конакот и дури тогаш бегот се сетил дека не е Тручин туку

Арнаутин и побарал да го носат во неговото родно место, во Фрашер во Албанија. Тука сакал да му излезе душата, сакал да биде погребан во семејните гробишта. Дваесетина мажи, чифлигари од Роби, го кренаа на носило и го однесоа во Фрашер, 150-тина км оддалечено од Роби. Далеку од неговиот конак и од неговиот чифлик. Бегот по патот умрел, еден од неговите три синови, најмалиот, го наследил чифлигот и конакот, а другите двајца отидоа на другите чифлизи. Бегот имал и други чифлизи, бил богат. Жените останаа во Фрашер да го жалат.

Печалбарството во Преспа беше прилично засилено. Едни печалбари се враќаа од печалба, а други одеа, и секој кој се враќаше спечалените пари веднаш му ги даваше на бегот за парче земја. Печалбарите купуваа нивје од бегот, купуваа и од другите Арнаути. Некои од Турците, кои не можеа да дојдат до пари, немаа нивје да продадат, тие беа во состојба година и две да чекаат и кога ќе дојдеше моментот ќе го искористеа.

Лазор Бечков од Роби се врати од печалба од Влашко. Уште тој не стигнал да му ги однесе парите на бегот за нивата за која Лазор толку години останал во Влашко, навечерта кај него влегол Рустем, полјак во селото. Рустем нарамо носел мартинка а во појасот кама. Се поздравил со Лазора и Рустем седнал на малото столче. Го прашал Лазора кога си дојде и како си помина на гурбет и му рекол: Лазоре, вечер кај тебе ќе бидам за вечера. Пеќи, му одговорил Лазор, да бидеш. Е, тогаш рекол Рустем: Вечерата ќе го правит онаа младата невеста, една кокошка ќе го варит а една кокишка ќе го печит. Лазор имал две снаи, од кои момчињата биле на печалба во Влашко, и Лазор се вратил дома да купи троа земја и да го врти домаќинството. Откако вечерале, Рустем на Лазора му рекол: Е, Лазоре, сполај ти за вечерата, ама сега да ти кажам зошто дојдов. Татко ти твој на татко ми мој му борџел една лира, толку време не ти велев, ама сега ќе ми ја дадеш. Лазор се вџашил и рекол дека не знае за таква работа, оти татко му пред да умре ништо не му рекол, ја прашал мајка му и таа не знаела. И Лазор не ја признавал лирата. Рустем се налутил, станал простум, ја смолкнал камата од појасот и викнал: Пезевенк еден, јас лажам за една лира? Лирата, оти сега душата ќе ти ја смолкнам. Лазорица и

невестите спискале и Лазор видел-невидел и му рекол: Ќе ти ја дадам лирата. И на Лазорица и рекол да донесе една лира. Турчинот тогаш рекол: Чекај малу, тоа не е една лира туку пет лири, оти има фајде на неа. Лазор се препирал дека гледал Рустем сакал да го опљачка, ама видел-невидели му дал пет лири и Рустем си отишол.

Рустем ги зел петте лири и на својот роднина Нељат му се пофалил дека од Лазора зел 5 лири и му ги покажал. Нељат помислил дека и тој од Лазора може да земе пари. Не расмислувал многу: ја фрлил мартинката преку рамо, камата во појасот и тој како Рустема отишол кај Лазора. Се поздравил со него и седнал на столчето. И уште веднаш му објаснил зошто дошол. Тој му рекол дека татко му на Лазора на неговиот татко му должел 5 лири, и Нељат сега дошол по парите. Лазор се препирал исто како и со Рустема и образложувал дека нити татко му нити тој самиот не му должел пари на никого, ниту на Нељата. Нељат се растресол и се топорел да го удри Лазора. Во тој момент во одајата влегле неколку мажи од комшиите, кои ги доведе една од снаите на Лазора. Нељат и сега се натопорил, ама еден од мажите му рекол: Ти само еден ќе опериш, ама ние парчиња ќе те направиме и телото во вреќа ќе ти го собериме и во езерото ќе ти го фрлиме. И сите со секирите во рацете биле спремни да се нафрлат на Нељата. Нељат се исплашил, дури ножот од рацете му паднал и испребледен од страв ја напуштил куќата на Лазора.

На Петровден 1840-тата година Преспа ја зафати лошо време. Црни и густи облаци со густи светкавици и силни грмотевици. Најмногу невремето и лошото се свило во селата Герман и Роби и ридовите над овие села. Надошла многу вода и го поплавила селото Роби и целото поле. Кога првите води се појавиле по коритото на реката, од силниот притисок на водата, пред неа на педесетина метри се корнеле дрвја и камења, а мостовите како да биле од хартија. Водата кога навлегла во Роби ја збришала џамијата и мефтепот, многу куќи и конакот на бегот, и зад неа оставила пустош со грамади камења. Дотогашното корито од реката, чија вода се влевала во Малото Езеро, сега правецот го менила кон Големото Езеро. Во оваа поплава животите ги изгубија неколку селани од Герман и Роби, многу овци и кози,

како и говеда. Се вели дека на ридовите над селата се пронашле риби од езерата кои бурата сосе вода ги однесла високо на овие ридови.

По неколку години селаните од Роби се собрале и донесле одлука: на старите темели од црквата "Св. Никола" на која Арнаутите имаа изградено џамија, а сега водата ја однела џамијата, пак да изградат црква. Селаните ја донесле одлуката и се заколнале дека ако треба и крв ќе дадат и црквата Св. Никола пак ќе ја обноват. Ова им го соопштија и на Арнаутите. Тие и бегот не се сложиле, тие рекле: Кога работата е спорна да не се гради нити џамија нити црква. Попот Фоти на селаните му рекол да бидат спремни и кога тој ќе рече црквата ќе се изгради и така станало на муслимански празник. Тие ја почнале црквата, ја покриле, во неа ставиле икони и ги запалиле кандилата. Арнаутите се побуниле, се обиделе да ја рушат. Попот влегол во црквата и од неа не излегувал. Арнаутите се пожалиле во Битола, оттаму дошле луѓе, го разгледале случајот и црквата "Свети Никола" останала.

Селаните охрабрени од обновата на црквата "Св. Никола", тие малото црквиче "Св. Јован" на тумбата Горица од Роби го обновиле, на него направиле голема црква и го прогласиле за манастир "Св. Јован Преспански". За да му дадат поголемо значење на манастирот, како на денот на Св. Јован се собирал повеќе народ, тие на видно место, на влезната врата на ѕидот ја сосидале надгробната плоча на царот Самуил, која со векови била чувана во црквата "Пречиста" во Роби. На надгробната плоча судбината завршила во I светска војна, кога бугарските војници дошле на тумбата Горица и ја виделе плочата, кога тие ја откорнале и ја однесле во Бугарија, во непознат правец.

Во 1875 година, под влијание на владиката од Битола, во Роби дојде грчки учител, некој си Христидис и децата ги учел грчко писмо. Учитлот што ги учел децата грчко писмо бил битолчанец и македонскиот јазик го знаел како и другите Македонци. Тој во Роби останал неколку години, ама за ова време децата ги учел грчко писмо со македонски текстови. Попот Фоти и селаните од учителот побарале децата да ги учи македонско писмо и така учителот го напуштил селото. Попот

беше повикан кај владиката во Битола и тој му рекол: И Грците се рисјани, ама тие си зборат грчки и си учат по грчки, а ние сме Македонци и сакаме нашите деца да ни учат по македонски. Владиката на попот му рекол дека е анатемисан, а попот му одвратил: Јас не ти служам тебе, свети владико, му служам на господ, на верата и на народот.

Арнаутите не прекратиле со малтретирањето на населението, а најмногу со вршење пљачки и грабење на чупи, вршеле и убиства. Во 1880 година младиот, на 30-тина години бег во Роби, Арслан со своите сејмени качени на коњите и наоружени дошле во лозјето на Крстина Крстинов. Крстин со својот син Петре и ќерка му Дафина го прашеле лозјето. Труците слегле од коњите и се обиделе да ја земат Дафина. Настанала мешаница, сејмените го раниле Петрета, оти Петре им излегол пред нив и ја бранел сестра му. Тука пристигнале и други селани и ја бранеле Дафина. По неколку дена кај бегот му отишле неколку мина од селото и му рекле: Да го напуштиш селото и да си бараш чаре, оти селаните, како што се сега, знаеш, ќе те операт. Бегот се исплашил и го напуштил селото, чифлигот го оставиле на милост и немилост.

Попот Фоте, за разлика од попот Наума, бил побожен и чесен. Строго се придржувал на правилата од религијата а воведувал и свои. Со него секогаш носел оружје, и бил спремен да го употреби кога биле во прашање религијата и нацијата, а селаните му биле послушни. Во црквата водел свој режим. Со ветви и нечисти алишта, како и со опинци никому не му давал причесна. Од Битола купил чевли, сошил и нова ќурдија и ги држел во црквата. Кога на Божик и Велигден на селаните им давал причесна, селаните ги терал да се облекуваат во скорните и ќурдијата, за да им даде причесна. На снегот и ветрот тие чекале еден по еден и со ред да ја облечат ќурдијата и скорните па да одат пред попот да земат причесна.

Во 1892 година Стефана Бакушова се враќала од вода. Алија со уште неколку Арнаути негови пријатели и роднини чупата ја грабнале и ја носеле сосила во својата куќа; Стефана се противела, тие сосила ја тргале. Стефана имаше тројца браќа и уште со неколку селани се втурија да им ја одземат Стефана. Во

расправијата Митре, постариот брат на Стефана, со пиштолот го уби Алија. Стефана им ја отнаја од Арнаутите, и уште веднаш Митре, со помалиот брат Петрета, избегале од селото и по извесно време отишле во Анадол и тука се криеле. Долго време за нив не се знаело каде се. Митре по неколку време т.е. неколку години умрел, Петре се женил со мештанка. Во Роби Петре се вратил по 30 години, кога ја искористил спогодбата помеѓу Грција и Турција за размена на малцинствата, и се вратил со двата сина во Роби.

Во 1901 година Спиро Петков – Лопатаро, ја вадел својата нива засадена со мисерка (пченка.) Орхан, Албанец со многу нивје, кого Албанците го викале Ага, и неговите внучиња излегувале на улица и на Македонците мавале со камења. Никој не можел да се пожали. Овој ден Орхан дошол да ја види својата нива која граничела со нивата од Спиро и била и таа засадена со мисерка. Орхан на Спира му ја пресекол водата, ја пуштил во својата нива, седнал на секот и запалил цигара. На Спира му секнала водата и Спиро излегол на секот. Тука го нашол Орхана и го прашал кој му ја пресече водата. Орхан му рекол: Сиктер, бре, домус един, со тебе јас не сакам да зборам. Спиро не чекал повеќе: Го удрил Орхана по глава со мотиката, му ја разделил главата и Орхан се превртел во водата. Спиро веднаш отишол дома, со него ја зел жената и децата и побегнал в планина. Им се придружил на комитите, и тој стана комита. Спиро бил распореден во четата во која беше војвода Коте од Рулја, кој подоцна се предал на грчките андарти и се борел на нивната страна. Во Илинденското востание во 1903 година Спиро загинал како комита.

За Илинденското востание, населението од Преспа уште од порано се спремаше. Самите селани со доброволен прилог, како и со помош од печалбарите од Америка кои и самите не изостанаа од оваа света борба за слободата на својот крај, набавиле оружје и муниција, и во пресудниот момент беше спремно за востание. Сите мажи способни за оружје зедоа пушки и отишле во планината и се распоредија по четите. Организацијата испрати апел до Македонците во Америка, и во Преспа пристигнаа родољубиви Преспани и тие се вклучија во четите за да земат учество во оружената борба. На денот на

востанието, Албанците беа известени дека Македонците се дигнати на востание и ги предупредија дека секој кој ќе се обиде да крене глава и да излезе пред нив ќе се пука. Тие се исплашија и се затворија по куќите. Првите дена по селата беше штама. Никој од Албанците не можеше да се види. Населението беше затворено по куќите. Само по некој од комитите врвеше по патот и ги одржуваше врските со другите чети, за понатамошните настани ништо не се знаеше.

Во Преспа дојде турски аскер и положбата веднаш се измени. Аскерот се смести во местото помеѓу селата Стрково и Рудари и се спремаше за напад на комитите кои го држеа ридот над Стрково и Рудари. Со појавата на трускиот аскер, Албанците селани од Преспа се охрабрија и се нафрлија на македонското население. Македонските семејства од комитите беа известени веднаш по доаѓањето на турскиот аскер да ги напуштат селата и да им се придружат во планината кај нив и тоа тие го сторија. Поголемиот дел од семејствата избегаа в планина кај комитите, а еден дел се скрија во трските од чаирот од Малото Езеро. Постари и болни мажи и жени кои останаа по куќите со голем бес и дивјаштво беа истепани од Албанците. Во Попли имаше случај една жена, која беше на пороѓање и не можеше да излезе од куќата, побеснетите Албанци дивјачки ја распарале, го извадиле детето од утробата и го издигнале на бајонет, а мајка му веднаш умрела. Ги запалија селата Роби и Попли.

Четата на Петрета Љаов од Герман, во чии состав биле четници од преспанските села, го држеле ридот над Стрково – четниците биле построени на ридот. Беше икиндија (* Време околу 16 часот, попладневна муслиманска молитва.) и аскерот извршил јуриш на комитите. Четниците Турците ги пречекаа со силен оган и Турците имаа голем број убиени и ранети. Беа изненадени од големиот хероизам на комитите и добрата организираност и аскерот се повлекол. Неколку дена била тишина. Аскерот сега бил засилен со топови и пак извршил јуриш. Овој пат на четниците експлодираа и ѓулиња, аскерот се доближувал до нив, тој броел неколку илјади, а комитите само една чета. Четниците и сега се бореле храбро и аскерот со голема мака се пробивал по угорнината. Петре војводата ја видел опасноста од Турците и наредил четниците да го

напуштат ридот и да се соберат кај големата стена над ридот над Стрково. Четниците се собрале кај стената, ранетите ги преврзале и една група од неколку четници ги пренесле во позадината, во Германската Планина. Останатите четници и војводата се избациле и уште еднаш се заколнале на смрт или слобода, ги бациле пушките и Петре ја издал последната наредба: Една група од 20-тина четници да ја држи стената и штом се замрачи да ја напуштат и да се соберат на означеното место каде ќе добијат наредба.

Дваесетина млади момчиња од преспанските села се распоредиле по скалестите камења од стената, и аскерот го држеле на пусија. Момчињата се бореле и времето врвело. Сонцето се наведнало над планината и се заковало. Гулињата експлодирале на стената и разбиените камења се сипеле како дожд. Аскерот се искачувал до стената, момчињата пред нив ја гледале наредбата од својот војвода. Колку непријателот се приближувал до нив и тие со него беа очи во очи, во нив мечтата за слободата стануваше уште поголема. Хероизмот растеше со голема потенција. Стената со скалестите камења и со овенатите лисја на испржените гранки од смреките, таа како да беше цела Македонија и тие ја бранеа.

Настанала тишина, аскерот запрел. По еден час, еден вод од аскерот ја заобиколил стената и се искачил на неа. Комитите лежеле на камењата со пушките стиснати во нив. Стената беше облеана во крв, и поради тоа оваа стена оттогаш се вика Црвена Стена. Испржената ретка трева од Кофил се навали над нивните снаги и направи покров. Црвените диви каранфили се навалија и тие направија посмртен венец. На вечерта во тишината пилињата се собрале на високите камења над нив и запеале жалосна посмртна песна.

По неколку дена блиските роднини дошле кај Стената и ги зеле своите деца. Тие не можеле да ги препознаат. Неколку дена жешкото сонце печело на нив и тие биле надуени и поцрнати, а ги препознале по облеката. Ги погребале без почести. По селата имало аскер. На борците херои кои животот го положиле за слободата на својот народ не им се направија споменици. Мајките одеа на нивните гробови и плачеа со низок глас, да не

ги чујат Арнаутите а подоцна и Грците. Во Преспа беше прогласена општа жалост. Жените, старите и младите, жени, белите дотогаш со везови шамии ги заменија со црни. Ги заменија и везаните кусалиња и кошули со едноставни и прости. Во селата од Преспа народната носија е наједноставна во однос на народните носии од други области на Македонија. И со оваа облека жените од Преспа ја овековечија големата жалост.

По големата борба на Црвени Стени над ридот над Стрково, во Преспа се јави башибозук. Турците пљачкале и вршеле насилства, од селата зеле многу луѓе кои ги затвориле во катиљаната (* зандана, затвор) од Битола. Во злокобниот затвор во Битола лежеа родољуби од Преспа се до 1908 година, а со Уриетот луѓето беа отпуштени на слобода.

Записи од Мала Преспа

ДАФИНА

Пред портата на Неделко Мечкаровски, чупата на Неделка Стојанка, и чупата на Златета Зелкароски Менка, ги пуштија стомните на земја и се потпреа на големиот камен до портата. Улицата беше угорница, жените секогаш кога се враќаа од чешма, тука кај каменот ги спуштаа стомните за да одморат и да го завршат незавршениот разговор од чешмата.

Двете чупи се потпреа на каменот и го продолжија разговорот за Дафина сирачката. Така ја викаа Дафина нејзините врснички. Зашто таа Дафина уште мала, на десетина години чупе, мајка и умре и ја остави сираче.

- Не се седи од мајка ми, рече Стојанка, за се нешто и ќе ми рече: Дафина така, Дафина вака, така ја фалел попот, вака ја фалел попот, сега пак ја фалел и Дојчин бакалџијата. Домаќинка, умна, ставита, чупа што како неа во селото немало друга и сега овие нашите збеснаја. Дафина креват, Дафина пушват.

- Немој, не ми вели за Дафина, футата од појасот ќе и загини. Се местат сега и попот и Огнен за синој му да ја земат за снаа и затоа ја фалат. Нека си ги видат прво своите синој дали им се за женење, уште смргули им течат од носојте. Тие биле за Дафина. Таа е поголема од нив. Таа се сака со Никола Босилков, и сите велат дека со него се затворала по плевните.

Чупите беа занесени во разговорот и портата Мечкарова се отвори. Од неа излезе Неделкојца и веднаш им се опсука на чупите:

- Црн да ви е образот, кучки едни, што време е сега? Не ви е страф од Арнаутите, ќе ве кренат магарки едни, аро ве изело. – И со сукалото се обиде да мавне по Стојанка. Стојанка се настрани и сукалото удри во каменот и се скрши. Жената уште повеќе се налути и со засилен глас:

- Се лутите кога ви велиме за Дафина, на малото прсте не можете да и се фатите. Од секаде стројници и гредат, а з вас, кукајци едни, дали досега некој ропнал на портата.

- Ти што седиш, кобило една, - и се опсука на Менка. – Ене ја мајка ти и таа те чека. – И Стојанка ја истурка во дворот и пак ја опсипа со клетви:

- Немој да му се јавиш пред татко ти, со секирата на прагот ќе ти ја посечи главата. Софрата е кладена, луѓето вечераат, ќе му залетни јадењето, ќе се задават, нема вода да се напијат, а ти ми седиш на улица, кучко една.

Мајка и на Менка, Златејца, и таа беше излезена на портата. И кога до неа дојде ќерка и и таа како Неделкојца ја опсипа со клетви:

- Кај си мори ќерко? Секоја вечер – кој чека чупи – јас и Неделкојца чекаме, се кријам од комшиите да не ме пулат. Црн да ви е образот, да ви се затри името. Да ве нема да барате. – И ја истурка во дворот.

Мајка и на Дафина, Петра, жената на Крстина Нивички, Крстиница, умре млада и двете деца Петрета и Дафина ги остави мали, и Крстина млад на триесетина години вдовец. На трите години, кога на Крстиница Крстин и правеше ред, Секулица Кожовска на Крстина му рече:

- Крстине, на Крстиница и стори голема чест. Сите редој и ги стори. Овој и беше последниот. Сега да си са жениш, во куќата да си донесиш стопанка и да ти ги прибери дечињата, и тебе ќе те кевердиса. Ене ја Грозда на Сребрета, и таа е вдовица; жената си е добра, да си ја земиш.

- Секулице, право да ти кажам, одврати Крстин, ти знаеш како се зедовме со Петра. Со голема севда се зедовме, ама кога не ми било касмет, три години поминав без неа, сега не се женам, и на нашата севда и на венчанијата не и газам. Нека се знае дека со Петра бевме земени со севда, нека ми се живи дечињата. Од

маките сега тие излегоја, ене ја сега Дафина, машала, наеднаш се фркна, а Петрета уште некоја година ќе си го оженам.

- Море, тревен Крстине, дека рече дека со Петра се зедовте со севда, - и го потрпна со раката, - како вчера да беше. Сите бевме во Герман на Германден, и кога рекоа дека Петра побегнала по Крстина Нивички, сите така останавме. Оти ти беше сиромав, и сирак, а од кај Петра беа богати. Господ да ја прости, бозната, што беше беше, убава преубава, најубава од сите нас беше Петра. И како ќе ја изеди земјата нејзината убавина? Сите беќари од селото по неа вртевте и стројници пушвавте, и ти беше убав, устрело не те фркаше, и сега не те фрка. Си велиш, Крстине, се зедовте со севда. Ние со Секула не се зедовме со севда, ама сега да знаеш многу се сакаме, еден без друг не можеме. Еден ден Секула да не е дома ми се чини светот ќе загини, а и тој без мене не можи да седи. Ти да си се ожениш, да си ја земиш Грозда, па и вие ќе се сакате.

- Секулице, право да ти кажам, кој ми е пријател за женење да не ми вели.

Тој ден што се спободи Крстиница, со Крстина заедно на нива жниеја пченица. Кога дојде времето за ручок, Крстиница на Крстина му рече:

- Нешчо ми се лоши, меот ми гори како на оган и ногата ми е укочена, ти ручај. – И таа легна под врбата.

До вечерта Крстин сам жниеше и одвреме-навреме ќе ја погледаше Крстиница, ама нејзе се полошо и стануваше. Крстин се исплаши и се втури низ полето да најде некого со кола да ја однесат жената дома. Во близина жниеше Најдо со Најдојца. Крстин отиде кај нив, вџашен и пеплосан. Најдојца се стокми да го праша, а Крстин со луѓето не успеал ни да се поздрави и да им рече “аирлија работа”.

- Крстиница многу ми е болна, - рече со заплашен глас.

- Како тоа? – одврати Најдојца. Сабајле нели заедно гредевме на работа, по патот прајвме муабет, жената беше добра.

- Добра беше, ама сега е многу болна, прајте чаре да ја зајсиме дома, да не ми умри на нива и да се пострамам.

Најдо со Најдојца ги зедоа торбите и букалата, срповите ги пикнаа во полозите и со брзина отидоа кај Крстиница, кај врбата.

- Многу се плашите вие со Најдојца, и рече Најдо.

-Господјне, прајте колај и носете ме дома, да си ги видам дечината, оти ќе ви умрам тука, на нивата. Одошто ќе умрам ќе умрам, душата си ја познав, ми се посекоа и нозете, појќе не ме крепат.

- Ех, што си кревка, таква ми е и Најдојца, троа ќе ја заболи главата и одма – умирам и ќе почни: Тебе за мене не ти е гајле, ти друга ќе си земиш. Ако се умираше така ко што велите вие, досега Најдојца стопати ќе беше умрена, и јас ќе бев преженет.

- Таму те боли забот тебе, се вмеша Најдојца, остај ги сега тие твојте катаежните, а пулиш жената е болна. Да не видите умрени тогаш ќе завервате. – И подвикна: Прајте чаре, жената да ја зајсиме дома.

- Меот, господјне ми изгоре, целиот ми е запален и ме боли, рака на него не се клава, десната нога ми е фатена, и гласот сосема го намалив.

- Студени крпи, рече Најдо.Трчај Најдојце, искисни ја шамијата со вода во ендекот.

И Најдојца се втури и се врати со водена шамија и ја стави на меот од Крстиница.

- Се сеќаваш, Крстине, во Мора, на оној Гркот, што му бичевме. Исто и тој како на Крстиница, меот му гореше, а ногата му беше укочена. Доктурот на меот му калваше студени крпи и по неколку дена стана.

Двајцата мажи се пошушкаја и Најдо се втури низ полето и по кратко време се врати со Секула, а со нив носеа и запрежна кола. За ова време Најдојца на мевот и ги менуваше крпите со студено и Крстиница и рече:

- У, жено, да ти се живи дечињата, очите ми се опулија, како сакаше господ да дојдиш. – И се подисправи малку.

Во колата можите ставија трева и ја сместија болната. На колата се качи и Најдојца и главата и ја зеде во својот скут. Во дворот на Крстина Нивички мажите стигнаа и од колата ја слегоа жената и ја сместија во малото одајче. Крстин од ковчегот го изваде наресеното веленце, го посла на рогозината и ја положија болната.

Низ селото се разнесе гласот дека Крстиница од поле на кола ја донесоа болна и ќе умреше ако тука во близина не се згодеше Секула со колата и воловите. Жените се втурија да ја видат и во одајчето влегоа Секулица Кожоска, Златејца Мечкароска, Грозда, попаѓата и Огненица. Неколку мали дечиња се испикаја низ жените. Секулица се развика по нив и тие избегаа.

Крстиница лежеше свиткана на шареното со реси веленце, што самата си го имаше исткаено, до неа беа Петре и Дафина. Таа дечињата ги држише за рачиња и не ги оставаше од неа да се померат. Од очите и се стркалаа солзи и со намален глас им велеше:

- Ангелчина на мајка. Мајка ќе ве остави сирачиња.

- Доста жено ги плашиш дечињата, како ќе си ги оставела сирачиња? Утре како билбилка ќе станиш, и рече Секулица. И лани така не исплаши, ама веднаш си стана.

- Лани станав, сега не ставам, нозете потечени ми се.

Одајчето стана задушливо, Секулица го отвори прозорчето за да влезе свеж воздух. Во одајчето влезе Ѓурѓа бајачката. Сите жени и сторија пат и таа дојде до болната. Ја праша што ја боли. Крстиница и кажа. Ѓурѓа прво рече да се затвори прозорот,

после нареди сите да излезат, во одајчето да останат Најдојца и Крстин.

Ѓурѓа беше стара жена, со жубри на лицето, ама таа уште од порано целата грижа за лекување на своите соселани, децата, жените а понекогаш и мажи ја имаше земено на себе. Таа ги лекуваше како умееше и можеше. Селаните милеа ако еден ден урме Ѓурѓа и не ќе има кој да им дава совети и лекарства и тие ќе умрат. Ѓурѓа се доближа до болната и сите присутни чекаа да ја фати за рака и да ја крене на нозе. На Крстиница Ѓурѓа и ги породи двете деца и едно и пометна. Таа ги породуваше и другите жени од селото. И пометнувањето и беше доверено на Ѓурѓа. Оваа сериозна и доверена работа се трудеше да ја сврши најстручно и најсовесно. На трудните жени што сакаа да ги пометнат децата таа им даваше лекови што самата ги приготвуваше од разни корења од горчливи тревје. Ги триеше по стомакот и ги употребуваше сите нејзини стручни знаења, ги тераше одоздола да ставаат клечки од кибрит. Жените ги пиеја нејзините горчливи билки, ги клаваа клечките и се виткаа од болки и при грубото масирање на стомакот. Многу од нив својот живот го завршуваа заедно со својото пород. Ѓурѓа сакаше од сесрце и душа да им помогне на жените кои немало што да прават, та и се препуштале нејзе. Ама понекогаш господ бил посилен од Ѓурѓа. Тој не сакал на жените да им помогне, сакал да ги казни.

Ѓурѓа се нафати да го излекува Сребрета Зелкароски. Сребре Зелкаровски, млад на 25-26 години отиде на гурбет во Влашко и работал на пампурите во пристаништето во Галац. Тешко се разболе и романските лекари му рекоа дека неговата болест во Романија не може да се излекува, туку да стане и да се врати во својот крај, и секоја пролет кога овците ги носат во планина на бачило и тој да оди со нив и целото лето да останува на бачило и млеко да пие колку може, и да спие на чистиот воздух заедно со овците. И, Сребре се врати во селото. Сребре имаше офтика, и кашлицата непрекидно го душеше. Ѓурѓа му препорача кога ќе го извадат лебот од фурната, тој да легне ничкум и со топлите пешници да го обложат или да го покријат со веленце. Од веленцето да излегува пареа. Сребре направи како што му рече Ѓурѓа, и после тоа почнал да крвави и по некоја недела

умре. Неговата жена Грозда, која ја имаше земено бегалка, ја остави млада вдовица.

На Крстиница Ѓурѓа и нареди да легне наплешти и нозете да ги собере, ја разгрна кај мевот, со раката мевот и го поалка, и и рече:

Малото срце ти е. Сега ќе ти завиткам попок (* папок), ќе ти кладам грне и ќе ти помини.

Крстин со душа чекаше што ќе рече Ѓурѓа и сега како да му олесна.

- Ти тето Ѓурѓо знаеш. Само да ми стани Крстиница, а јас што е најбашно за тебе.

- Што си се исплашил толку, - му се опсука на Крстина, - жена да беше покуражлија ќе беше, а не што си маж.

По неколку минути попокот беше завиткан и грнето со пареа беше поставено на мевот и го одреди времето до кога работите да се држат така како што ги наместила таа, и ја даде последната препорака: на мевот од Крстиница без прекин да се стават топли полопки.

Целата ноќ Крстин на мевот од жена си ставаше топли полопки, Крстиница се виткаше од болки и го молеше Крстина на мевот да и става студени крпи, како што рече Најдо, ама Крстин остана доследен на она што го рече Ѓурѓа и по некој ден Крстиница ја даде душата, умре. Дафина, иако од мала остана сираче, целиот товар од куќата и падна нејзе, таа предвреме стана домаќинка.

На Крстовден имаше слава, мажите од селото му идеа на визита за славата и името. Дафина сама беше домаќинка и гостите и пријателите што идеа на визита сама ги пречекуваше и ги испраќаше. За ручок Крстин задржа повеќе гости, од кои Најдо Босилков, Секула Кожоски, попот и Огнен. На софрата Крстин имаше поставено богати јадења, од кои и печени мрши (* Месо печено од овца, прасе.), а Дафина гостите ги служеше од убаво-

најубаво. Огнен прв пат ја виде софрата на Крстина и му стана чудно. Ебаго мајката, си рече, надвор луѓето ги пулиш и од нивните алишта нема да фати куче, а ваму ти редат трпеза и од пиле млеко. И од Дафина очите не му се оттргнуваа. Ќе ја побарам за снаа, за сина ми Ѓорѓија. Што ако е Крстин сиромав, а јас богат, кога Огненица моја таква трпеза не може да нареди. Ќе има луѓе што ќе речат: види Огнен со кого стана сват. Нека речат. Јас цвеќето ќе го земам, коренот ќе го оставам, стига во куќата ќе кладам невеста алтан, па кој ќе ја види ќе речи: Бравос на Огнена, го жена синот, ама во куќата кладе невеста и пол. Се намисли малку и си рече: Мајката, добро е да земам невеста од богата куќа, чорбаџија како мене, и двајцата со сватот ќе се погодиме бара-бар. Ама тогаш ќе треба да правам големи арџој, и тоа многу ќе ме чини. Тој нема да биди како Крстина, под дваесет лири не ми ја дава тој мене чупата, ами другите арџој? Тоа е многу. Со Крстина колај ќе поминам. Најпосле, што има Крстин да ми бара пари? Тој треба мене да ми дај, а не јас нему. Зар малу е тоа што ќе ја клам ќерка му со Огненица под сенка да седи и нема да ја печи сонцето и да и се пришти устата од водата од ендеците. Чекај Огнене, не е тоа така, треба да си напрајш есап.

Мислите му ги прекина Секула, кога го крена грнето со вино и рече:

- Ајде, Огнене, земи да се напиеме, не му се мисли пустињата. Јади да јадиме, на Крстина да му се плодат овците и по две да му родват – близначки, да има за вгодина кога пак ќе му дојдиме.

- Да дојдите, да дојдите, - одврати Крстин, - за тоа се тие, за јадење на такви денови.

Секула, од печената мрша ја одвои опашката и му ја даде на попот, на Огнена му даде плешка и со ред на другите им даде големи парчиња месо.

- Ние сиромасите така ни е убаво, продолжи Секула, да си се собериме и сите заедно да се најајме и да се напиеме и го наткрена грнето со вино, а вие, да речам зенгините, и се заврти

кај Огнена, одма ќе го земите калемот и ќе направите есап. Току и току чини мршата, току виното и ракијата, току другите работи и сето тоа ќе ви се види скапо и ќе седите со жените затворени дома. А ние не знаеме да правиме есап, ќе влезиме во крдарот, и која овца е најјака неа ќе ја заколиме, и ги рашири рацете. И вака на трпезата и раќијата и виното не ги мериме, дури што има во бочката ќе пиеме, празниците си ги чуваме и си ги споменваме, обичаите си ги праеме и се знаеме дека сме Македонци.

- Блосоен да ми си, Секула, рече попот и загриза од месото од опашката, така се држи вера, така се држи нација. Тебе, Огнене, никогаш не сум те видел како сега со нашите да седиш и да се собериш.

- Отсега ќе се берам попче.

- Да се бериш и во црква да грејш, само Огненица ја пуљам во црквата, тебе никогаш не можам да те видам, отсем на Божик и Велигден. Појќе те пулам со бегот и со неговите сејмени.

Огнен се засрами малку.

На Поклади во црквата имаше многу мажи и жени од селото. До псалтирот беше застанат Крстин и пееше. До него и покачен на столче Спиро на попот Лука мрмореше, и од време на време ќе подвикнеше со несмасен глас. Огнен и тој дошол во црквата, беше обуен во високи скорни и на него облечен новиот ќурк, и седеше во столот до псалтирот, и од време на време и тој ќе смрмореше покрај Крстина. Попот Лука на овој бележит ден ја облекол новата антерија, а преку гуша го фрлил новиот петрахил. Тој, попот Лука, ги пееше сите псалми, тропари и апостоли, ама не знаеше да пишува, и кога требаше да се потпиши клаваше крвче. Па и пеењето многу – многу не му одеше, тој си пееше пополека, ама саламски, и луѓето во црквата ги држеше со саати. Јас, велеше тој, ништо не изоставам и се ќе си испеам. Сето тоа ет напишано за севишниот и јас ќе го испејам и тој да го чуе. Попот помина со потирот и сите се прекрстија. Питропот ја затресе темјалницата (* Кадилницата.), од неа излезе чад, жените се наведнаа да

помирисаат од темјанот, мажите потслегоа од столовите, и му се поклонија на попот, Огнен се наведна до земјата.

До попаѓата седеше Секулица Кожоска и на глас на попаѓата и рече:

- Попаѓе, жено, Спиро твој јет што пеј со Крстина?

- Тој е, одврати попаѓата.

Машала, жено, детето пораснало, сега да си го жениш.

- Ќе си го женам, ама се мислам која чупа да ја земам. Многу чупи ми даваат, ама јас одбервам. Оти детето ќе го пуштиме во Орид да стани поп, на невестата да биди убава, како за попаѓа.

- Така е, жено, така е, да си одбериш како за попска куќа, елбети, таја треба да биди убава, попаѓа ќе биди како ти што си убава.

- Секулице, прау да ти кажам и детето ми чини, јас не го фаљам како Огненица што го фали Ѓорѓија, мојот Спиро и дома само пее, ќе се затвори во одајата, пред него ќе ја земи еванѓелијата и само да му го чујеш гласот ко клаподан, поубав, дури и од татко му. Ене го, го слушам, од Крстина поубаво пее. И попот, жено, многу ми го учи, ама и многу ми го кара. Немој току да ми го караш детето, му велам, ми се чини детето од карање не можи да ми порасни. Попот ми вели: Остај го детето на мене, јас знам како треба да изгледа попско дете.

- Што не си ја земиш Дафина на Крстина Нивички? Што чупа јет, блазе каде ќе влезит. Ако ти је мало детето ќе ти пораснит, попот кога растеше таков беше, ама ене го сега, устрелот не го фрка.

Зад попаѓата седеа Огненица, Нелкојца и Златејца, и жените зборуваа на цел глас.

- Жено, Огненице, рече Златејца, Спиро на попот ти пеел со Крстина. Слушајте го што убаво пее, поубаво од татко му.

- Сега попот ќе го пушти во Орид, и тој поп да стани како него, додаде Нелкојца. Тоа си оди по колено: татко му поп и син му поп, попството си јет наследство.

- Да не ми падни за фалба, ама Спиро на мојот Ѓорѓија не можи на малото прсте да му се фатит, увредена и на цел глас, за да чуе и попаѓата и другите жени до неа, рече Огненица. – Ѓорѓија мој, златен на мајка, многу ми јет умен. Секоја вечер со татко му дури ношја седат над тефтерот и пишат-бришат и само есапи прават. Што ми је умен, многу ми јет умен. Татко му го штука и збор не му одвелва. Му велам на Огнена: многу ни јет умно детето, само како ќе не служи среќата, дали ќе си погодиме невеста како што сакам јас. Прау да ти кажам сон не ме фатва од кедер.

- Е, мори жено, кедер велите берите вие богатите, што Ви дават чупи од секаде, затоа што сакаш да одберваш. Кој ќе ги земи нашите, што сме сиромаси?

- Не се прави со сила будала, се вмеша Златејца и ја потупна со лактот Нелкојца. И на нашите касметот му седи, и ушче поарно ќе се наместат од кај Огнена и од кај попот. Нека ми је жива Менка, ако и е писано да го земи Ѓорѓија на Огненица и Спира на попаѓата, поарно да се отпиши и дома нека ми седи. Злате има нивје нека работи и нека јади, јас чупата моја не ја мажам како Огненица и попаѓата што зедоа мажи за богатство. Ако и дадам маж ќе и дадам маж и кога со него ќе излези да и личи, а не како Спира и Ѓорѓија, како пупурници. И Огнен со таим (* Таин, турц. следување.) да им дава леб. Мојата ет учена ко кобила везден да цвака. Кој ти се постра на чупата твоја, со трн да замавнам ко Менка сто ќе соберам.

Сите главјето (** Главјето – главите.) ги свртија кај жените кои викаа на висок глас. Секула се развика:

- Што ет ова, црква али пазар? Ако сакате да ги жените и да ги мажите децата одете си дома, а нас остајте не да чујеме што пејат луѓето.

- Е, не можам јас, и рече Најдојца на Сребрејца, кои беа застанати зад попаѓата и Огненица. Не можам да се прчам како нив. Никола мој, ене го на мегдан ет, и Ѓорѓија и Спира во устата ги зема и на ридот ги носи. Нака го фалат другите, јас не го фалам. Ми гредат стројници, од каде не ми гредат. На сите нака му се живи, никоја не кудам. Сите си се добри, ама јас сега не го женам. И ко Огненица не прам, во црквата сите да ја слушат.

- Не знам, жено не знам, како можат току да се фалат. Па што ги фалат и мажите? Тие не се мажи за фалење. Јас имав маж и чинеше колку сите мажи од селото, ама кога не ми бил касмет. Нити јас не бев како Огненица, и сега Огнен да ми се заканува оти ќе ми ги пушчел сејмените на бегот. Нека и ги пушчи сејмените на жена му, а не мене.

- Како тоа, мори пуста, зошто да ти ги пуштел сејмените? Што му стори ти на Огнена.

- Ништо не му сторив, ама кога ќе останиш откриена како мене, секој од тебе ќе сака да гофни. Да ти кажам, од тебе не кријам: Бев во дуќанот кај Огнена, ојдов да земам масло и шеќер, во дуќанот бевме сами и тој почна да ми се преправа. Ми дојде до мене и ја да ме фати. Да го фати лошо за најмилото. И песот крастав ми вели: та си била вдојца, та си била убава, најубава од сите жени, како Огненица да јет подолна од мене, и што друго не ми рече и ја пушти раката да ме фати. Јас го турнав и му реков: Не ти фтасва Огненица, убава, преубава, штом си сакал убава. Ама тој решил и ме чекал и веднаш го кладе лостот на вратата и ми се закани дека ќе ми ги пушти сејмените и, да ти кажам прау Најдојце, видов не видов му застанав. И сега ми јет влезен страв да не сум трудна. Што ќе чинам, жено, уште тоа да ме најди. Ете така тоа мусо магаре, па на попот му се поклонува доземи. Го виде како му се поклони?

- Ко ти велев да се мажиш, да си го земиш Крстина, тогаш ти одберваше. Не а мазни Крстин, перката ко Сребрета, ене го дека пее на псалтирот, само гласот му чини за све.

- Најдојце, не е така, Крстин не сакаше да се женит. Јас и сега да го земам Крстина. Мене ми рекоа и други за оваа работа, ама Крстин рече: јас не се женам, на севдата со Петра и на венчанијата не му газам. А и попот, да ти кажам, не е поарен од Огнена.

- Шо му остана работата, одврати Најдојца. По цел ден седат и тие работи ги бркаат.

- Да ти кажам за попот и тој ми направи ко Огнена. Дојде дома да крсти вода. Секогаш, мори жено, ќе крстеше вода и ќе си одеше, сега што му текна, ме попрска со босилекот и јас му бацив рака како секогаш, и тој ме фати за рака. Попче, попче, му реков, поубава је попаѓата од мене. Ако, ми вели, ти ми се бендисваш, и јас ни две ни три му се опсукав: Ако си дојден да крстиш вода, крсти и оди си, оти сега ќе се развикам и сите комши ќе се соберат. Да видиш ти попот, дали тој јет попот. Аман Сребрејце, заман Сребрејце, да не ми го сториш тоа оти да одам во Езерото да се фрлам. А јас порано, знаеш, поп човек кога ќе ти дојди во куќата сум го држела и за ручок. Проскурник сум печела во црепна и кокошка сум фатвала, и ете што сакал тој да ми направе. А сега ќе дојди на брзина ќе спее, ќе ги попрска стисојте и ќе излези. Не сака пари да му фрлам во котлето.

- Да ти кажам прау, Сребрејце, не му имам зилје, нити на Огненица, нити на попаѓата, па нити на парите што ги имат, да му се посерам во нив. Вистина сне сиромаси, ама Најдо мој ми јет, чесен пречесен. И Сребре таков ми беше, за тоа тој око не вртеше.

Секула пак се развика и рече:

- Ќе ве истерам надвор од црквата. Црквата ја направивте пазар. Ако грејте тука седете како луѓе, ако не, не гредејте.

Попаѓата дојде од црква фуркосана, и од лутина целата се тресеше и се зави во ложникот. Попот и тој дојде, ја виде попаѓата завиткана во ложникот, се доближа до неа и ја опита:

- Да не те почудија во црквата?!

Таа не зборуваше. Попот ја кладе раката на челото да види да не има оган, попаѓата му ја отфрли раката и пак се покри со ложникот. Попот се замисли малку и рече:

- Почудена си, ќе треба да ти испејам некоја молитва и ќе ти помини. Попаѓата потстана од ложникот и му се опсука:

- Да му пејш ти на оние што ги печат проскурници и ти фатват кокошки, а не мене.

- Досега попаѓе таквие работи не си ми рекла, јас сум поп-чоек, одам по сите куќи по селото, елбети, некогаш и ќе останам и за ручок. Луѓето ме честат и како да ги одбијам, службата ми је таква.

- Арно ми велеше татко ми, ама јас не си го послушав, попаѓа сакав да бидам, тој убаво ми велеше и така било: еднаш во неделата ќе одиш црква, и другите дена ќе седиш и еднаш во месецот со котлето ќе поминиш по куќите, ќе попрскаш, и што праеш друго? Да не те опра работата. Кажи ми дали си спотнал некогаш? Селаните готово вршено, сеено, во амбарот житото ќе ти го донесат, и ми одиш во црквата и на луѓето му пејш, така да прајте, вака да прајте, а самиот не го прајш. А јас црна, нака црнејам дома. Срцето ми са кини кога ги пуљам моите врснички како си одат на работа, заедно со своите мажи, и тије му се чесни пречесни дури зилје да му имаш. А ти се уједиса со Огнена и си ги менвате ороспијте, и фали ми се мене: литургија ти носам, под сенка те клаов да седиш. Никој за јадење досега не умрел, па нити од сонцето изгорел. Ене го татко ми, не ет поп, ама каков домаќин ет, па и другите сељани не се попој, и сите живејат, никој досега не ви дојде со Огнена на портата да ви бара леб.

Огненица и таја дојде дома фуркосана. Ги отвори вратите од одајте, и се претеруваше од одаја во одаја. Место не ја береше, чекаше да дојде Огнен. Огнен дома си дојде доцна. Ја отвори вратата и Огненица, која беше надуена од бес, и нестрпливо го чекаше за да му се нафрли и да се ослободи, од бесот, поради

зборовите што ги чу денес во црквата од Грозда, па и од другите жени, таа уште веднаш му се опсука како некоја стрвница:

- Зошто ти мене тука ме донесе: за алајка, само гашчите да ти ги перам. Од каков домаќин сум јас и каквие момчиња мене ме сакаа, ти добро го знаеш. А те зедов тебе за црн оган не чиниш. А сега Најдојца да се фали: сиромаси сне, ама Најдо кога ни е чесен пречесен ми ет. А ти си се уједисал со попот и би глејте по ороспијте, да дај господ да не се вратиш дома. Да се поарни тије од мене не ми јет мака, ама одиш кај една никаква што не прам кабул на улица да ја сретнам, и уште ми гредиш дома. Досега те имав за маж, отсега немој појќе да ми се доближиш до мене. На таква жена што имаш како мене си кандисал да одиш по ороспиите. А мори будала, јас што те држам тебе, какви мажи има во селото да ти је мерак да ги пулиш, не сакам на татко ми да му ја црнам сендрата. Ами за тебе и јас како тебе да тргнам по тие патишта, па тогаш да видиш како било горко. Ќе штукам јас татко, пули каде има софра, како другите да не јадат на софра, ама тогаш јас не знаев дека софрата не се клава во постела, во постелата треба маж што ќе те сака и што ќе го сакаш. Кај мене појќе немој да ми грејш, таму кај си го копаше виделото, таму да му одиш, тие да ти прават ручок, вечера и гаштите да му ги дајш да ти ги исперат. И со раката му стори: Немој, немој, појќе да ми грејш. И се затвори во одајата.

Огнен сосила ја отвори вратата. Вратата силно ропна на ѕидот и тој влезе во одајата кај Огненица. Огнен вџашен и фуркосан од односот на жена си, и со глас што сакаше да ја покори и рече:

- Што ти јет мори жено, зар и ти имаш од мене да се пожалиш? Шо те кладов да седиш, да јадиш и да пијеш, и од добро седење те фатва бес.

- Мене бес ме фатва? Да те фати и да те не пушти. Ти си збеснал со парите и не знајш шо прајш. Само со тефтерот седиш, пари даваш, фајде бериш, и на селаните му ги земаш овците и воловите, ако некој не можи на време да ти ги врати парите. И тие нека ни го колнат детето. А сега се фати и по ороспиите.

- Ајде жено, тргни се оттука и не брбори многу, оти да не те удрам. Многу ми се мешаш во моите работи.

- Да не се мешам, аа-а-а? А жените нака зборват по црквите!

- Штукај ги ти шчо велат жените. Тие ќе ти дадат да јадиш, тие сакаат да не расилат, да не видат на лошо. Те кладов да седиш и да јадиш и да пијеш и уште не ти е арно. Оти не ги зеде тије шчо ги кажваш, туку ќе пиеше вода од ендеците и ќе гореше на сонцето ко гуштер.

- А ти многу убо ми напрај, ме кладе да седам и секој ден носи ми ги сејмените на бегот, да ми намигаат, и да не можам да ги изнапијам со ракија. А знајш да кажваш за софрата на Крстина Нивички: Таква софра не сум видел. Ми донесе ти некогаш некој гости чесни, та јас не сум ти ги пречекала.

Огнен се разлути, и раката ја крена да ја удри жена си и и рече:

- Бегај од пред мене, да не те пулам! Бегај оти ќе те удрам. И се втури по неа. Огненица исплашена за да не ја удри, се затвори во другата одаја. – Бре, будала жена, ми се меѓа во мојте работи и та тера со сила да ја удриш.

Крстин Нивички и Најдо Босилков беа пријатели. Пријателството кое ги сврза уште кога двајцата заедно беа на бичкија во Мора, тије го чуваја. Кога на Крстина му умре Крстиница, тогаш Најдојца многу му се најде, и Крстин велеше дека на Најдојца нема никогаш да и го заборави. Како често пати овие две фамилии беа заедно, често пати и нивјето заедно ги работеа. Ако Крстин одеше за дрва во планина, ќе набереше и за магарето на Најда. Ако пак најдо одеше на нива да ора, ќе ја изораше и нивата на Крстина, и не се прегледуваа, кој поголема работа ќе сврши. Оваа близина на двете фамилии се одрази и помеѓу синот на Најда Никола и ќерката на Крстина. Отпрвин, кога децата беа мали, помеѓу нив имаше пријателство и другарство. Подоцна, кога тие пораснаа поголеми, се засакаа и помеѓу нив се појави љубов. Нивната љубов одден-наден стануваше посилна и посилна и тие ќе се земат. Ама Менка и Стојанка не мислеа така: тие секогаш гледаа да им напакостат и

везден ги озборуваа. Никола и Дафина се заколнаа да се земат и пред нивната љубов никој пречка не ќе излези.

Најдојца ги пулеше младите дека се сакаат и како да ја фаќаше страв, како нешто да и се претскажуваше дека оваа искрена љубов на чистите млади срца не ќе има добар крај и затоа таа на Најда му велеше:

- Ајде да му ја побараме за Никола Дафина, оти чупата је убава и колку расте поубава станува. Подобро да си ја земиме сега, дури што је помала, оти подоцна и други ќе ја барат.

Најдо не можеше да ги гледа работите како што ги гледаше Најдојца. Најдо не сакаше девојката да ја бара, кога Крстин уште не го оженил Петрета, кој е поголем од неа. Тој на Најдојца и велеше:

- Нака го жени Крстин Петрета, нака донесат дома невеста, да има кој да му прај измет на луѓето, та после ќе прајме муабет за Дафина.

Крстин се посвати со Секула Кожоски и за сина му Петрета ја зеде Фанија на Секула. На свадбата му беше дојдено цело село, меѓу нив попот со попаѓата и синот Спиро, Огнен со Огненица и синот Ѓорѓија. Најдо со Најдојца и Никола беа дојдени еден ден порано и помагаа за многу работи. Најдојца лупеше компири и кромид и им помагаше на готвачите. На вечерта имаше голема веселба и во дворот во ороto се фати Дафина, а до неа и Никола. Најдојца со кромидот недоолупен, со ножот во рацете и со футата испадната меѓу нозе, се втруи да ги види младите и очите со другата рака ги триеше од лутината од кромидот.

- А мори, и пукнало пердето на оваа, важната – и рече Стојанка на Менка. Уште не се ни свршени и види ги, заедно во орото. Кај се мајките да ја видат. На изедоја, да се знае: Дафина вака, Дафина така, и стројници му гредат од секаде. Ене ја, ќе го земи Никола и нејзе како нас ќе и се пришти устата и ќе гори на сонцето.

По вечерата во орото се фатија зетот, невестата, до нив Дафина и други. Гостите со ред на гајдаџиите им лепеа пари. Огненица го дупна Огнена и тој да плати. Огнен почна да се бара во џамаданот и никако од него да извади пари. Огненица ја фати срам, се заврти, од џепот го изваде мушаменото ќесе и на гајдаџиите му залепи еден меџит. Попаѓата и таа плати.

На одење на гостите невестата на сите им даде дарови. На Огнена на рамо му фрли чорапи, Огнен пак ги пикна рацете во џамаданот и одвај од него изваде еден грош. Огненица пак го изваде мушаменото ќесе и на невестата и зетот им даде по меџит, а на Дафина лира. Огнен смрмори нешто, Огненица му стори ишарет и тој замолча. На другиот ден по свадбата, уште од сабајле жените ги кладоа котлите на реката и ги запалија огништата за да ги исперат алиштата. И уште рацете не ги брцнале во водата, околу Најдојца се собраа Нелкојца, Златејца и Грозда. Најдојца на жените почна да им раскажува за свадбата и невестата како донесла многу дарој, и како била многу умна и домаќинка.

- Многу руво донесе, - продолжи Најдојца. Кога го спремила, кога ги навезла току кошули, да ги видите како со рака да не се фатени.

- И јас готово го имам рувото за мојата се вмеша Нелкојца, се ми је стокмено, уште на коњот да ја качам Стојанка.

- И јас готово го имам, додаде Златејца.

Најдојца разговорот го префрли за себе:

- И јас сега ќе си го женам Никола, тие со Петрета во една вода се крстени.

- И јас мојата ќе ја мажам, појќе не ја држам, упадна Нелкојца. Нелко ми вели, женско чедо си дојде на времето, извај го од куќата, тоа јет смрдено месо.

- Така е, Нелкојце, и Злате така ми вели, и јас мојата не ја држам. Шчом се најде прва прилика одма ја давам. Ама мојата

блазе каде ќе оди, куќата ќе му ја отвори. – И мојата таква је, блазе каде ќе влези, све знае да работи, и домашна и полска работа, и гости ќе ти пречека, се ќе ти стори. Јазикот и е троа долг, ама лутиот коњ го вади враот.

- Јас мојот не го фалам како што ги фалат другите, мојот на мегдан јет и сите го пулат. Јас не можам како Огненица и попаѓата да се прчам во црквата. Никола мој, златен на мајка, касметот му седи. Сосила невеста не му давам, која си ја сака тој, неја нека си ја земи.

Грозда за цело време што зборуваа жените стрпливо ги слушаше. Се доближа до Најдојца, ја фати под рака, ја тргна настрана и и рече:

- Жено, Најдојце, штрукнав дека ќе си ја земела Дафина за Никола. Е, мори Најдојце, само тоа да можиш да го сториш, да испукат и попаѓата и Огненица, оти многу се прчат.

- Прау да ти кажам, Гроздо, ќе си ја земам. Децата многу ми се севдосани и не ги делам од севдата. Ама да ти кажам сега не ја земам. Наесен ќе ја земам, оти Крстин сега многу се поарчи со свадбата на Петрета.

Грозда набрзина ги испра алиштата, ги однесе дома, ги спрострe на јажето и со трчање отиде кај Огненица. Огненица ја виде Грозда и се вџаши. Ама Грозда веднаш се снајде и и рече:

- Жено, ќе ти кажам многу важна работа. Денес на реката од Најдојца разбрав дека за Никола ќе ја земала Дафина и се им било готово, ама Крстин многу се поарчил со свадбата на Петрета и ќе причекат до есен. Огненице, штукај да ти кажем, продолжи Грозда. Дафина не јет за куќата на Најдојца, таја јет за тебе, и вие двете ќе се погодите и само да ве пулат луѓето. Вистина, Ѓорѓија ти је троа мал, ама ќе ти порасни, ќе си дојди во времето и ќе се стори.

- А мори Гроздо, сестро златна, од кога му велам на овој мојот будалата, ама тој има една глава сто секири не ја сечат. Ми са затворил во дуќанот и само со него се расправа. Ништо друго не

му треба: тефтерот и сејмените на бегот. Е, прау, да ти кажам, мори Гроздо, ти умре Сребре, ама дури што ти беше жив поминавте, и сега што го немаш дека (* Каде) еден ти два. Ама јас црна шчо ако имам маж, тој не е маж, тоје sвер. Откако го зедов само синџири кинам! – И од очите и се стркалаа солзи. Го извади шамичето да ги избриши и со липање продолжи:

- И сега Најдојца да ја земи Дафина, дури сега кажи ми што да правам, во која матна да одам и да се давам.

- Слушај, Огненице, јас ќе ти свршам работа. Дури ме имаш ти мене шамијата турни ја на едно око. Сама ќе му одам кај Крстина. Дома ќе му одам и јас знаеш малку така малу вака, и се искрши пред Огненица. Со Крстина работата е сигурна, само ти кажав: тој со свадбата многу се поарчи. За тоа лесно, само ти пули да свршиш работа и Дафина да ја прекаилиме за Ѓорѓија. Дафина дома ќе ти ја дојсам сама да си сториш муабет.

- Ако ти тоа ми го сториш, јас ќе ти платам колку си тешка. Отиде во другата одаја, се врати и на Гозда и даде неколку златници и и рече: - Земи ги и кај треба давај.

Грозда излезе откај Огненица и прау отиде кај попаѓата. Попаѓата се вџаши како и Огненица.

- Немав намера да дојдам, рече Грозда, ама на реката чув нешто и реков: на попаѓата ќе и кажам. И заедно влегоа во одајата. Попаѓата и даде столче и Грозда седна среде одаја, а до неа седна и попаѓата.

- Денес на реката разбрав дека наесен Најдојца сигур за Никола ќе ја земела Дафина. А Огненица клашла луѓе, му дашла и пари да ја вртат Дафина за Ѓорѓија нејзин. И реков: Дафина не јет нити за Најдојца, нити за Огненица. Дафина јет за тебе. Чупата је растена без мајка, сираче, со тебе ќе си помини како со вистинска мајка и затоа дојдов да ти кажам.

- Сполајти многу, мори Гроздо, господ да ти дај со горје и планиње. Овој мојо, ако је поп, не ги знае овие работи. Огненица имала пари та јас немам. Ако јет за пари колку пари

ќе треба ќе дајме. Ако била работата за пари. Само да најме чојек да сврши работа.

- Јас, и се удри по градите Грозда. Дафина дома ќе ти ја дојсам и сама да си направјш муабет, а за Крстина лесна работа. Сама ќе му одам дома. – И нејзе и се искрши, како и на Огненица. Попаѓата се насмеа:

- Само ти, Гроздо, ако свршиш работа, на друг немам доверба. И таа, како и Огненица, и даде неколку жолтици да и се најдат, Грозда да дава кај треба, а подоцна ќе даде и други.

Грозда најде погодно време, се облече во новата облека, на главата ја подврза и ја подискриви шамијата, неколку пати се опули во огледалото, пак се намести и му отиде кај Крстина. Крстин беше сам дома и кога ја виде Грозда ќевердисана и подмладена и сама да му дојде кога тој не мислел на неа, нему жилите му се потсекоа и целиот избунет му рече:

- Ела си, мори Гроздо, ела си, и и даде столче да седне.

- Те видов, Крстине, сам и дојдов, зазборува Грозда. Зар не сакаш да ти гредам?

- Како да не сум сакал, пустењето. Први пат ми гредиш и да не сум те сакал. Кој не те сака тебе, па и јас да не те сакам?

Лицето на Грозда беше румено и сега уште повеќе се зарумени. Таа стана од столчето, се доближа до Крстина и му рече:

- Крстине, навистина си многу вреден, сите те фалат, па и мене и го загреја срцето. Во црквата појќе за тебе гредам да ти го штукам гласот, кога пееш.

- Толку убав глас имам, мори Гроздо?

- Мене многу убав ми се пули. Во последно време, само на тебе мислам, се нешто во главата ми се врти и секоја вечер на сон те пуљам: и како да сме биле млади и заедно сме оделе. И се

доближа до него. Му ја фрли раката преку рамо на Крстина, а нему му поминаа морници. Грозда му рече:

- Кога останав вдовица си реков: Крстина ќе го земам за маж и никој друг.

- Што не си рекла досега, мори Гроздо? И ја тргна до него и заборави на Петра. Крстин ја заборави, и венчанијата ја изгази, и од тој ден честопати и одеше дома на Грозда.

Крстин кај Грозда остана за вечера и за спиење. Таа му спреми убава вечера и низ разговор му рече:

- Чупата ти се стори за мажење, зашто не му ја дајш на попот за Спира? Попска куќа, само литургии ќе јади и дома ќе седи. – Ако не му ја даваш на попот, тогаш дај му ја на Огнена за Ѓорѓија . Огнен богат пребогат, парите не си ги знае колку ги има. Чупата ќе ти живее рает, ќе ти ги миросва коските.

Крстин на Грозда нејќел да и го расипе атерот кога по толку години од умирачката на Петра ги врвел жални и со големи маки. Ама Крстин знае дека Дафина негова се сака со Никола на својот најверен пријател Најда, и многупати намислил да му речи за девојката и не му рекол. Крстин се помислил малку и и одвратил:

- Од мене не ет расипано. Попот си је домаќин, попаѓата си је домаќинка, што се вели попска куќа. И Огнен си јет домаќин, Огненица такуѓере. Огнен богат пребогат, парите не си ги знае колку ги има. Јас не сум сакал ќерка ми да влези во куќа иманлија (* Богата.), богата? Кој татко не сака чедото своје да си го намести? Ама се бидува со севда. Ти знаеш кога мене ме зеде Петра, татко и не ја даваше. Ама Петра побегна по мене и ме зеде. Од мене не ет расипано, ама тука го има зборот само Дафина.

Дафина се враќаше од чешма. Грозда ја чекаше пред портата и ја подвикна да влезе во дворот. Дафина влезе во дворот на Грозда. Грозда прво и помогна Дафина од рамењата да ги слезе

буклињата, после љубезно се поздрави со неа, ја праша за невестата и и рече:

- Чупо, сега тебе ти јет редот. И, како што си убава, пули да влезиш во некоја иманлија куќа. Да не се праеш будала да одиш во сиромашна, секој ден да одиш в поле, сонцето да те горит и од устата да ти излегват корички. Дафина веднаш и одврати:

- Шчо ќе јет касмет стрино.

- Не, не стринина, касметот треба да си го бараш. Тој не грej самиот.

- Кој да ми го побара, мори стрино, касметот мене, мајка ми шчо јет под плоча? На кого му јет жал за мене да ми бара касмет. – И од очите и гргнаа солзи.

- Убава на стрина, немој да ми плачиш, срцето ми го киниш. И јас како тебе растев сираче и знам како ет. За тебе, чупа на стрина, - и ја погали по главата, - од куќата на Огнена бакалџијата и куќата на попот нема поарни и поиманлии. Огнен парите не си ги знае, а Огненица убава преубава, и таа како тебе. И попот иманлија преиманлија, и попаѓата ет убава. Ѓорѓија и Спиро се троа заив, ама ко ќе си дојдат во годините да видиш ко капедани ќе се сорат. Ти пули сега од овие две места едно да си одбериш, оти местата да не ти ги фати некоја друга, па да се праеш пишман за целиот живот.

- Е, мори стрино, никоја стрaчка не остнала без опашка и јас да останам без момче. Ако не се најди поарно, ќе се најди полошо.

- Не, не стринина, со златници пупани ќе ми играш, а не како сега, да немаш еден грош во џепот.

По неколку дена Грозда успеа Дафина да ја прекаили и скришум да ја одведе кај Огненица. Огненица ги рашири рацете и ја прими.

- Златна, и рече, јас ќе ти бидам мајка, и и ги покажа шарените одаи со мусандри и послани со ќилими. – Се што пулиш за тебе

ет, и рече. Си поприкажуваа малу и на испраќање во раката и кладе неколку златници.

Грозда Дафина ја одведе и кај попаѓата. Попаѓата уште пољубезно ја прими од Огненица. Таа и рече дека Спиро ќе стани поп и Дафина ќе биде попаѓа, како неа, сите жени ќе ја честеле, и на трпезите ќе седнувала начело. На испраќање и таа, како Огненица, и кладе неколку златници врака.

Грозда ги посоветува и попаѓата и Огненица, Крстина со младоженците да го поканат на вечера. Огненица прва го покани. И на другата вечер Крстин со младите беше нагости кај Огнена. Огненица на трпезата имаше поставено се нешто, од убаво најубаво, милите гости ги изнагости, а на Огнена му рече:

- Такви гости ми се носат, а не ми ги носиш сејмените.

За целото време таа го фалеше Ѓорѓија дека ги знае сите есапи, дека знае и во тефтерот од татко му да пиши.

По неколку дена Крстин со младите за вечера беше и кај попот. Со попот тие направија еден кијамет-муабет, од кој повеќе муабетот беше за црквените работи, оти и двајцата пееја во црквата. Софрата на попаѓата не беше подолна од софрата на Огненица Попаѓата го исфали Спира и уште малу фалеше да го натера да испее некој псалм.

По гозбите Грозда отиде кај Огненица и ја посоветува самата таа со Огнена да одат кај Крстина и да му ја побараат девојката, Крстин ќе им ја даде. Зборот ќе го дадат и капарот ќе го дадат и за оваа веридба, никој друг да не знае. Оти, ако пуштат стројник и ако одат по редот, целото село ќе ги разбери, ќе разбере и Најдојца и работата можела да се расипе. Грозда отиде и кај попаѓата и исто и неа ја посоветува.

Во мракот Огнен со Огненица отидоа кај Крстина. Огнен за капар со него носеше голема пара – пендолира, и кога ќе за фрли на софрата да блесне и на Крстина да му се земи сеста. Огнен влезе кај Крстина. Дафина ги пречека, ги смести во одајата и им баци рака. Рака му баџија и невестата и Петре.

Крстин дојде и со Огнена разврзаа муабет. Крстин расправаше како со Најда заедно биле на бичкија во Мора (* Пелопонез – Грција.), како бичеле тополи и кога немало работа за бичење, тие оделе и по други работи, копале и на лозјата. Огнен расправаше за сејмените, како на бегот му крадат жито и го носат на дуќанот на Огнена за да пијат ракија. Огнен се стокми на Крстина да му кажи зошто се дојдени и колку ја отвори устата, и рече:

- Крстине, знај дека со Огненица ...

И во дворот песот загрме и Крстин веднаш стана, излезе во дворот и се врати со попот и попаѓата.

Огненица ги виде луѓето и се попари. Попот се поздрави со Огнена, се поздрави и со Огненица. Огнен му го препушти местото и попот седна на челото од софрата. Од кога се поздрави и Крстина, Дафина и младите, Крстин седна и разговорот се префрли кај попот и Крстина. Тие имаа што да зборуваат, нив ги сврзуваше црквата. Огнен, како да ги познаваше нивните работи, го одобруваше разговорот. Огненица и попаѓата разговорот го отпочнаа за своите синови, и како да ги имаа ставено на натпревар, која кого повеќе да го пофали. И едните и другите заедно станаа да си одат, оти работата ќе станеше сомнителна. На одење попот рече:

- Ете, така ет убаво да си се бериме, да си прикажуваме и да се сакаме.

Двете жени попаѓата и Огненица беа како изгорени.

Дафина се оттргна од Никола и го одбегнуваше. Никола беше потресен од напуштањето на неговата сакана, со која за скоро ќе стапеа во брак. Гроздината тајна не можеше да се сокрие и таа излезе на мегдан. Сега сета работа ја видоа Стојанка и Менка, тие на чешмата ги носеа сите вести собрани преку дента, и од чешмата вестите ги ширеја низ селото. Златејца и Нелкојца се караа со своите ќерки да не направат и тие како Дафина, оти главите на прагот ќе им ги пресечат.

- Не сме важни није, велеа девојките. Важните така прават.

Попот отиде во дуќанот кај Огнена, и Огнен му рече:

- Попче, почна да ми се мешаш во моите работи. Се мешаш таму каде не ти јет работа. Си ја барал чупата на Крстина, а знаеш дека јас ќе станам сват со Крстина. – И со раката и прстот му запрети. – Немој појќе да ми прајш такви збрки. Владиката каде да јет ќе дојди всело, та да не ти ја избричам брадата. Си почнал пари со фајде да му даваш на луѓето. Попот си ја зеде патерицата, ја наведна главата и излезе од дуќанот.

На крлешката па Ѓурѓовден беа собрани сите чупи од селото, меѓу нив Дафина, Стојанка и Менка. На ортомата фрлена на големата ветка од оревот на крлешката се качи Дафина и една чупа ја закрла. Девојките ја запеаја песната:

Ѓурѓе, Ѓурѓе ле,
чија е оваа на крлашка,
таткино ем мајкино,
ќе го фрлам во дворови,
во дворови на Огнена,
ќе го фрлам во скутови,
во скутови на Ѓорѓија.

Дафина се опули лево-десно и опулот и се судри со очите на Никола, и веднаш и се стори како на неа да падна целото небо и да ја поплати. Таа побара да слезе оти умот и се врти и слезе од крлешката. Никола беше дотеран и најубав од сите ергени што беа дојдени на крлешка. А Ѓорѓија и Спиро крај него изгледаа како покиснати мачиња. Девојките селски се вртеа околу Никола.

Дафина слезе од крлешката и застана настрана сама. Таа ги гледаше девојките како зборуваат со Никола, а Ѓорѓија и Спиро спрема Никола и се гледаа грди и одвратни. Таа си рече: Што сторив јас, си го оставив Никола да ми литни од раците, сите во мене се пулат и за мене зборат: Ене ја онаа важната, току години се сакаше со Никола, сега друг ќе земи. Господи, што ти сторив, прости ми. На кого да му кажам, кој ќе ми помогни. Ах,

златна мајчице, каде ми си. Зошто денес дојдов тука, за да се понижам пред овие што око не свртував на нив, и да им го сторам ќефот на Стојанка и Менка. Мајчице мила, зошто луѓето измислија крлешки? Каде да одам да се скријам, никој да не ме гледа. Ме измамија, ме измами Грозда, таја ми го заврти умот. Дафина пак погледа во Никола, и при секое погледнување тој и стануваше поубав и поубав, и сега таа уште повеќе го засака од порано. – Како не дојди до мене, си рече. Ќе му речам: сега те сакам повеќе од секогаш.

Срцето на Никола беше рането. Дафина гледаше во него и со нејзиниот поглед од него бараше да и прости. Не ти е искрен опулот, не си ти достојна мене да ме земиш; јас те сакав- ти ме измами. Очите на Дафина не се оттргнува од Никола. Никола ја гледаше убава, најубава од сите девојки, ја гледаше нажалена и невесела, и нему му се нажали и тој попушти. Ја измамија за богатството, ја имзамија. Ако ми се врати ќе ја земам и се ќе и простам.

Бегот од селото беше млад, на триесетина години. Татко му умрел и го оставил мало дете кое тука пораснало во селото. Неговиот дедо многу ги измачил христијаните, тој со сила им ги зел нивјето, ги натерал да му бидат чифлигари и да работат за него. На Дафина бегот фрлил око уште кога таа била мала. Си рекол: Сега ет уште мала, кога ќе порасне бегот ќе ја земи за жена. Бегот разбрал дека. Огнен, неговиот пријател, се токмел Дафина да ја земи за снаа, за сина му Ѓорѓија, разбрал и за попот. И нему време за чекање не му останало. Тој барал чаре да ја грабне Дафина и на своите сејмени им наредил да ја вардат.

Со пиштолите во појасите, двајцата сејмени, Беќир и Осман, со денови вардеа и еден ден на својот господар му дадоа абер. Бегот веднаш се качил на коњот, по него и сејмените и ги потераја коњите да ја стигнат Дафина, која со зелникот во тепсијата на глава тргнала да им однесе ручок на аргатите на нива.

Кај тесниот пат со капини, сливи, врби и скреби на крстопатот кај Вириштa, каде се мешаат пет патишта, од кој три одат за

селото и два за полето, пред да стигне тука Дафина ги виде Арнаутите и веднаш предосети дека тие така бесни трчаат по неа и си рече: Леле, што да правам. Ќе ме грабнат. Господи, помогни ми да куртулам од ова лошо. Пред неа се појави мајка и и рече: Брзо влегувај во трапчето. Дафина влезе во малото трапче, покриено со грмушки од сливи, врби, капини и скреби се пикна во грмушките и тука се засолна.

Тројцата Арнаути со коњите излегоа на ширинката од крстопатот и тамам сметаја дека тука Дафина ќе ја стигнат неа ја немаше. Ги затегнале уздите од коњите кои се завртеа неколку пати, проговорија неколку арнаутски зборови ги удрија коњите по патот за полето, дојдоа до нивата на Крстина, Дафина ја немаше на нивата. Се вратија назад. Бегот се раскара со сејмените дека го измамија и се вратија пак во конакот.

Дафина поседа малку во грмушките и откога се се смири излезе од трапчето и низ нивјето со големо внимание отиде на нивата кај татка си, целата испребледена и исплашена од страв. Преоблечена во машки алишта Петре ја донесе дома.

Бегот беше млад и неискусен, а сејмените пијаници. И кога денес на својот господар тие требаше да му свршат најважната работа, беа пијани. Бегот ја пропушти Дафина да му избега од рацете кога тој беше најсигурен дека ќе ја има во својот конак. Тој се затвори во конакот и од него не излегувал. Никого не примал кај него и со никого не правел муабет. Само мислел и правел планови како да ја грабни Дафина, а сејмените пак ги ставил да ја вардат.

Случајот со Дафина и со Арнаутите Петре му го раскажал на Никола, и двајцата се заколнале на бегот да му платат. Се опремија со огнено оружје и оружјето го носеа со нив. Го чекаа бегот на пусија за да се пресметаат со него.

Дафина дома поседа неколку недели, скриена и пак почна да оди по полето на работа, ама сега секогаш беше со невестата и Петре. Попаѓата и Огненица на Грозда и ветија големи рушвети Грозда Дафина да ја побегна кај нив. Грозда се обиде тоа да го стори, а Дафина и рече: - Стрино, подобро ќе ти беше, кога ти

умре стрико Сребре, да си се омажеше и да си приберешe фамилија, своја фамилија, а не да ги бркаш овиje работи и да растураш чужди фамилии.

Дафина се мачеше и се размислуваше да побегне по Никола, ама на кого тоа да му го каже. Дали Никола ќе ја прими? Дафина се мачеше и се топеше од мерак. Никола разбра за случајот со бегот, и тој се реши Дафина да ја земе бегалка и да ја откине од ноктите на овој страстен завојувач, оти бегот ако не ја грабнел Дафина сега, тој ќе ја грабне друг пат. И Никола како и Дафина беа во голема мака и во неизвесност.

Дафина се сретна со Никола и му рече:

- Не сум јас крива, немав мајка да ме поучи. Ме зеде на душа, Грозда. Му падна во прегратките и се договорија наредната вечер да бега по него.

На другиот ден Крстин со Петрета, невестата и Дафина го прашеа лозјето. Најдо со Најдојца и Никола, во близина на нив и тие прашеа лозје. Петре со двете млади жени прашеа и потпевнуваа, Крстин настрана од нив ги лачеше неплодните ластари. Дафина запре со пеењето и на невестата и рече:

- Многу лошо соне пулев ноќеска. Го пулев бегот со сејмените качени на коњите и ме бркаја крз лозјата, а јас коку да можам да бегам и тије, а да ме втасаат и пред мене топола. Висока топола, и јас се искачив на тополата. Арнаутите со секири почнаја да ја сечат тополата. Јас на врвот на тополата да се тресам како пиле. Тополата се навали и се запре на друга топола до неја. Шчо ти кажвам, ми се треси снагата како прат.

- Сонето не ти е добро, одговори невестата, нешто ќе ти се случи. И од капината низ преминот од лозјето, качен на коњот влезе бегот, а по него и сејмените, и тие качени на коњите, излегоа пред нив.

Тројцата Арнаути ги поттргнаа уздите од коњите, коњите се завртија и ги искршија ластарите од копачките. Бегот слезе од коњот и, без да се поздрави со домаќинот, се доближа до

Дафина, се обиде да ја фати за рака. Дафина му ја отфрли раката, а тој пак се обиде да ја фати и и рече: - Во Вирипггта ми се скри, ама сега ќе одиш со мене. Бегот ќе те носи на конак, ќе те клај да седиш во баш шарена одаја, и слугинки да ти служат а не да одиш на оној смргулка на Огнен.

Дафина пак го турна и му рече: - Бегај оттука, јас Арнаутин не земам, и верата и нацијата не си менвам.

На Петрета косата му стана и тој повеќе не чекаше. Крвта му зовре и од пазувата го изваде пиштолот и како звер се нафрли на бегот. Му ја тргна раката од сестра му и му рече: - Сестра ми Арнаутин нема да земи. Сега ја опервам и жива не ти ја давам. И пиштолот го поднамести во раката. Во тој пресуден момент еден од сејмените исплашен Петре да не пука на бегот, пукна на Петрета и Петре се струполи на земја, тешко ранет во градите. Двете жени списнаа.

Никола ги виде Арнаутите кои дојдоа во лозјето на Крстина и го спреми пиштолот за пукање. Кога го чу пукањето од Аранутите и писокот на жените, тој веднаш се најде пред нив и без да чека и да се расправа со ним, се нафрли на сејменот што пукаше. Го кутна наземи, го разоружа и почна да го мава. Најдо и Крстин се нафрлија на бегот. Жените го заобиколија другиот сејмен и со мотиките почнаја да маваат по него. Веднаш настана голема мешаница, Аранаути и Каури се фатија за гуша и се борат на живот и смрт. Петре оптегнат колку долг толку широк, лежи на земја и не може да им помогне.

Од лозјата од повеќе страни пристигнаа и други селани. Дојде Секула со Секулица, Неделко со Неделкојца, Злате со Златејца. Секула го фати бегот, му го зеде пиштолот, го фрли настрана и бегот го стресе за рамена. Настана голема мешаница, Арнаутите се исплашија, се качија на коњите и побегнаа за в село. Селаните свикаа по нив.

Бегот се затвори во конакот, се затворија и другите Арнаути по своите куќи. Секула и Никола Петрета го однесоа на носило, помагаа и другите мажи. Пред да стигнат во селото напомош идеа и другите селани. Со секири и вили сите отидоа кај бегот и

го заобиколија конакот. Почнаа да викаат и да го предизвикуваат бегот.

Никола Дафина не ја остави да оди кај Крстина, си ја зеде со него. Најдојца невестата си ја пречека, си ја баци во челото и со Најда и младите отидоа кај Петрета да го видат.

Бегот и неколкуте Арнаути од селото многу се исплашија, се затворија во куќите и не излегуваа од нив, и покрај тоа што во селото дојдоа и заптии.

По неколку дена Секула со неколку селани отидоа кај бегот и му рекоа: - Дојдовме од името на селаните да ти кажиме: На селото му направи голем срам. Да си бараш чаре, оти селаните крвта од Петрета во лозјето ќе си ја земат. Не ет сега времето кога твојот дедо насила ги земал нивјето, ги одбервал најубавите девојки за својот харем и ги клавал луѓето да му работат на чифлигот. Сега по планините има кумити.

Бегот се исплаши и по неколку месеци го напушти селото и назад пак не се врати.

ДИНКА

Во широкиот двор на Дојчина Џеповски, до авлијата, Динка седеше на малото столче и ја везеше невестинската кошула. Лицето беше го завиткала со бел тулбен, со жолти гизви на крајниците. Лицето Динка го чуваше од сонцето, оти секоја година од пролетното сонце и се правеа на лицето прејки. Невестинската кошула Динка ја везеше цела година, мајка и и викаше оти уште не ја извезала, и Динка се спреми до авлијата да вези.

Со голема стрпливост го дупеше платното и ги префрлуваше конците во бои, од кои одден наден убавата шара се правеше поголема и поубава. Динка ја везеше кошулата и одвреме навреме тивко запеваше и пак престануваше со песната. Мислите и одеа на Мартина и ќе го донесеше пред неа. Со Мартина тие цели три години се љубеа и сега последниот збор чекаа да го даде нејзиниот татко и тие да се свршат. Штом се свршат Мартин и дома ќе дојде. Тие тогаш заедно ќе одат и на ливада, и ќе соберат киселец. Заедно ќе соберат и китка од разнобојни цветови, тие и во орото заедно ќе се фатат. Ја подисправи главата и запре со везењето. Татко ми не ме дава, а јас го сакам. И колку татко и беше поупорен кај Динка, љубовта спрема Мартина стануваше поголема. Во нејзината фамилија постапките беа многу строги, и последниот збор за нејзината судбина требаше да го даде нејзиниот татко Дојчин.

Динка со Мартина се љубеа и нивната љубов беше само да се видат оддалеку и она што сакаа да си пренесат врските помеѓу нив ги одржуваше нејзината пријателка Грозда. Мартин беше од сирамашна фамилија и Дојчин не сакаше да ја даде за него. Тој, Дојчин, чорбаџија во селото, а ќерка му да ја мажи во толку сиромашна фамилија. Дојчиница му рече дека од кај Мартина спремаат стројник да ја бараат Динка. А и младите се љубат. Тогаш Дојчин се разлути и ќе искршеше и суво и сурово и уште малку што не ја удри Дојчиница.

- Тоа не можи. Јас таму сват не одам. Тие мене не можат да ме пречекаат. Јас имам мој еснаф, чорбаџиски еснаф, и таму не ја

давам чупата. Остави ти тоа, тие што се сакаат. Јас што ќе речам, а не Динка што сака.

- Ама ти не мислиш дака таа можи да побегни по него и да ни клајш срам?

- Нека бега по тој ќелеш и нека оди аргатка по чуждите нивје.

Гроздана, пријателката на Динка, честопати ја советуваше и и велеше:

- Ако си за бегање, бегај и немој да чекаш, оти татко ти ќе те врши за друг. Ене ја Ѓувеза, ќе бегам, не ќе бегам, татко и ја сврши за Секула и сега пишман ет ко кучка што не побегна.

Динка ја везеше кошулата, потпеваше, ги размислуваше сите овие работи и не можеше да се одлучи за бегање. Крцкањето од големата врата од дворот и прекина мислите. Ја крена главата за да види кој ја отвори вратата и веднаш стана и со брзина кошулата стуткана ја кладе на столчето.Се растрча кај гостите и рече:

- Чу, ти си Димитрија! Како е Дољa? Го праша, му ја зеде уздата од коњот, се поздрави и со неговиот сопатник Митрета и нему му ја зеде уздата од неговиот коњ и коњите ги одведе под тремот. Ги извади уздите од нив и им фрли сено да јадат.

Двајцата гости, Димитрија и Митре, ги оставија коњите на Динка, се искачија по скалата со басамаци од камења и влегоа во куќата. Се поздравија со Дојчина и со Дојчиница и во одајата се вкрстија на килимот на рогозината.

Гостите се вкрстија на килимот и Дојчин го праша Димитрија како се Дољa и децата. Се сврте кај Митрета и него го праша како му е фамилијата и стариот Петре, старешина на фамилија од четириесетина души. Дојчиница и Динка ја донесоа софрата и на неа поставија ракија и ја наполнија со мисури (* Вагани, дрвени паници.), со сирење и други мезиња. Дојчин го продолжи разговорот, гостите ги праша како напредува бериќетот, за лозјата, за овците како се со млеко и за риболовот.

Тој праша и за Арнаутите дали прават зулуми, или се заплашија од појавата на комитите.

– Не се како порано, одврати Митре, ама Арнаутин си е Арнаутин; колку да се прави волкот јагне, тоа не бидува. Одвреме навреме пак ќе направат некоја бељa.

На гостите им се постави ручок и за време ручокот, тие го накреваа грнето со вино и наздравуваа, да се роди богат род на пченица и грозје, овците да имаат многу млеко, и езерата да имаат богат лов на риба, како и на комитите господ да им помогне и да им даде сила и да се ослободиме од вековното ропство.

Гостите и домаќинот ручаа и Динка со мајка и ја кренаа софрата. Динка замети и од килимот ги исчисти трошките. Донесе кршени ореви и грнето пак го наполни со вино. Димитрија се поднамести малку и рече:

- Дојчине, дојдовме да дајме збор за Динка. Ќе ја земиме во Роби во фамилијата на Петрета.

Дојчин се подзамисли малу и рече:

- Аирлија нека е, за кај Петрета не правам збор, дадена му е.

Митре од џамаданот изваде една лира, Дојчин на килимот ја спростре шарената шамија и Митре капарот го фрли во шамијата. Дојчин капарот го зеде и рече:

- Аирлија да ет! Го стави во мушаменото и со гајтан префрлено преку гушата ќесе, ќесето го пикна во џамаданот. Стана простум, простум станаа и гостите, ги подадоа и ги стиснаа рацете, се избација и рекоа: Аирлија да ет, да се ќердосаат, и пак седнаа и ги скрстија нозете. Со ред го накренаа грнето со вино и секој блосоеше. Се договорија, “зборвање” да прават и да не пуштаат дарови. Не сакал Петре да се пуштаат дарови оти со даровите требало да дојдат млади невести и чупи, патот далечен, многу села во кои имало и Арнаути и Турци: ќе му текне на некој будала да му се закани на младите и да ги срами.

Петре рекол на сватот да му се дадат 10 лири за невестата, а Дојчин одврати:

Не, многу е тоа, само пет, ќерка ми за пари не ја продавам, ама адетот и редот ќе го задржиме. И разговорот за момент се прекина.

Дојчин, човек со ќурдија и бела со клинови кошула, џамадан и клашни подврзани со киска, со синови и ќерки, нивје, ливаѓе, лозја и крдар овци, прав македонски чорбаџија. Секогаш кога седеше на трпеза и разговараше, ги пребројуваше жолтите од килибар бројници. Сега ја викна Динка. Динка влезе во одајата и пред татка си и пред гостите пристојно застана. Дојчин и рече:

- Ќерко, знај дека те свршив. Сега баци му рака на гостите. Те свршив за брат му на Митрета, и покажа кон гостинот. Ќе бидиш заедно со сестра ти Дољa во Роби.

Динка поцрвена, дури до ушите и им баци рака првин на татка си и со ред на гостите. Тие и дадоа пари и Дојчин пак и рече:

- Ќерко, да знаеш, те давам во куќа имајлија, богата, фамилија од сој и големо име, само да ти е добра среќата. И и нареди:

- Оди сега и со мајка ти спремете џуфки и се друго што треба, оти на луѓето му се брза, патот е далечен, луѓето ќе ги фати ношјата.

Аберот што и дојде невдоапица на Динка, ја возбуди и црвенилото што го имаше зафатено лицето дури до ушите не и спаѓаше. Таа им баци рака и излезе од одајата со гостите. Пред да излезе уште еднаш се погледа во Митрета и си рече: Ако је ко брата си не јет лош, и кај мајка и отиде со плачење. Дојчиница се обиде да ја смири ќерка си:

- Немој, ќерко, да ми плачиш, татко ти не те дава што годе. Тој те сврши во куќа иманлија, чорбаџиска, богата, со свекор, свекрва, золви, девери, јатрви, стрикој и стрини, фамилија од четириесетина души, што ми сакаш поарно. А детето било од

убаво поубаво, од добро подобро. Ќе си бидиш и со сестра ти Доља заедно. Димитрија многу ни ја исфали фамилијата. Златна на мајка. – И ја подурдри по рамо. – Оди ми сега, направи џуфки, а за даројте јас ќе спремам и немој да ми плачиш, оти на луѓето му се брза. Патот му е далечен, ќе и фати ношјата, по патот има арамии. Не можам да мислам и за тоа.

Динка го засили плачењето, ги избриша солзите од очите и со плачлив глас рече:

- Се кренале преку десет села да барат невеста. Тој не чини. Ако чинеше тије не гредеја дури тука, дури на другиот крај на Преспа. Тие удриле на повеќе врати, па дојдиа дури тука. – И отсечно со повисок глас рече: Јас не одам во Роби, и него не го земам. И во Езерени има ергени. Кога ќе нема ергени во Езерени, тогаш ќе излезам оттука. Биле богати, чорбаџии и со име. Никој досега за јадење не умрел. Ене ги луѓето, седат пред портата и од татко ми чекат да им дајт да јадат. Секој си работи и сам се рани.

Се навали на ношвите и рацете ги пикна во појасот. Дојчиница дојде до неа и почна да ја смирува:

- Немој, ќерко, немој златна на мајка, немој на татка ти да му клајш таков срам, туку оди ми и направ ги џуфките. – Динка сега почна и на глас да плачи и со нозете да тупа:

- Тамо не одам, и него не го земам. Невидено момче, да ви појчи главата, јас не земам.

Дојчиница виде дека ќерка и не попушта ни на зборот што татко и пред малку го даде не се слага, а за тоа тој зеде и капар:

- Станвај, кучко, таа подвикна, сега ќе го викнам татко ти. Јас не го дадов зборот, тој го даде, расправај се со него. Тој не го вратва зборот назат. – И се спреми да оди да го викни Дојчина. – И мене не ми беше арно кога ме свршија за татко ти, и јас тупав и викав како ти сега, ама си останав со тупањето и викањето и си го зедов татко ти. Што да праев, тој ми бил касметот. И тебе ти ет касметот, и него ќе го земиш.

Од острите зборови на Дојчиница Динка се исплаши. Киниса да оди и на одење рече:

- Џуфки ќе направам, и дарој ќе спремам, ама во Роби не одам, ќе побегнам по друг и него не го земам. Ти реков и пак ќе ти речам, невидено момче не земам. Со него јас ќе треба да живеам, а не вие и сама ќе си изберам момче.

Динка ги направи џуфките и даровите, ги спреми и ги однесе во одајата кај гостите. Уште еднаш на гостите им баци рака и ги испрати до големата порта од дворот. Димитрија ја зеде торбата со џуфките и во неа даровите, ја обеси на коњот, и двајцата се качија на коњите. Уште еднаш го накренаја грнето со вино и се поздравија и си заминаа.

Сонцето се скри зад планината Галичица, и за малку ќе падне мрак. Од Езерени до Роби пат долг околу 30 км патниците по патот ги потераа коњите. Тие знаеја дека по овој пат ноќе е ризично, поради тоа што на патот излегуваат арамии и ги пљачкаат минувачите, а понекогаш дури убиваат. По патот тие се брзаа, ама и тоа не им помогна.

На Маркова Нога, отсекогаш тука на ова место ноќе излегуваа арамии, тие со саати чекаа да помине некој патник, и д стане нивни плен. И оваа вечер, кога двајцата патници стигнаа на Маркова Нога, на стотина метри од големите камења над брегот од Езерото, коњите застанаа, ги начулија ушите и почнаа да фрчат; ги свртија главите спрема камењата и од местото не се помрднуваа. Димитрија тогаш рече:

- Одиме напред. И да се вратиме тие ќе пукаат по нас.

Ги затегнаа уздите, со петиците ги удрија коњите по мевовите и го продолжија патот. Штом се доближија до големите камења, пред нив се исправија две фигури со завиткани лица и им се заканија со мартинките. Им наредија да слезат од коњите и рацете да ги држат кренати нагоре, оти веднаш пукаат.

Тука, кај ова место, кај овие камења, со векови овие чести насилници беа страв и трепет за минувачите. Едни умираа, други се местеа и секогаш во темните ноќи зад камењата ги имаше и никој не можеше да кажи на колку несреќни луѓе за гушата им беа врзани камења и беа спуштени во водите од езерото и трагата никој не ја открил.

За ова место во Преспа постои и легенда, во која се раскажува дека Марко Крали во Преспа одел честопати и им помагал на немоќните луѓе пред турските насилства. Еднаш тој бил во Преспа – се правело свадба и тој бил на свадбата. Невестата се земала од кај Љубојно и ја носеле во селата од кај Роби. Кога сватовите со невестата се враќале и стигнале кај големите камења излегле Турци и се обиделе на Каурите да им ја земат невестата. Тие не знаеле дека со сватовите бил и Марко Крали, се направила крвава борба и насилниците одвај избегале и не им успеа на Каурите да им ја одземат невестата. Во легендата се вели дека, кога Марко Крали се борел со насилниците, силата му била толку голема што тој со ногата удрил на еден од овие камења и на каменот оставил стапалка. Исто се вели дека и неговиот коњ оставил на каменот стапалка. На големите камења на брегот од Езерото на Маркова Нога можат да се видат отпечатоци кои му се препишуваат на Марко Кралета и неговиот коњ, заради што го добило и името Маркова Нога.

Двајцата патници видоа дека пред нив стои опасност од луѓе-нелуѓе кои ги замаскирале своите лица, ги фрлиле мартинките преку рамо и во темната ноќ зад камењата фатиле пусија и го чекат својот плен. А патниците, и покрај тоа што знаат дека од секоја капина, секој камен, и во секое време може да искочи некој и да им го одземе животот, тие не се исплашиле. Арнаутскиот јазик го зборуваа исто како и Арнаутите и без да слезат од коњите Димитрија им рече дека идат од Битола и одат кај бегот во Роби, оти му биле блиски роднини, а тој, бегот, вечерва ги чекал. Од џамаданот изваде неколку меџидии и ги фрли пред арамиите. Ги праша за колку време ќе стигнат до Роби. Арнаутските насилници беа прости луѓе, од селата. Тие се исплашија од патниците и бегот, оти сметаа дека патниците, штом биле Арнаути и тргнале по патот ноќе и наоружани, тие уште веднаш побегнаа и парите од земја не ги зедоа. До Роби

патот бил краток и за петнаесетина минути тие стигнаа до селото. По патот Димитрија на Митрета му рече:

- Егиди, будали Арнаути! Што можат да ти направат: за неколку мецидии животот ќе ти го одземат. Коте не знаеше дека неговиот брат Митре и Димитрија, внукот на попот Наума, зетот од Дојчина за сестра и на Динка, денеска ја решија судбината негова и на Динка.

Тој Коте, како секој ден и овој стана рано, се подистегна малу и со трчање отиде на долиштето. Лицето го испласка со вода и го избриша со полата од волнената ќурдија. Од триењето лицето му се порумени како преспанско јаболко. Коте не се врати дома. Неговата мајка му го подаде вургитот (* Овчарска торба, јанта.) со леб, во него имаше само леб и неколку главици кромид за него и за татко му Стерјо, како и грутки месени од трици за кучињата. Коте ја подаде раката и од дирекот го зеде крлукот, сам го имаше направено од зелениково дрво. Го фрли вургитот преку рамо и тргна за кај бачилото. Татко му на Котета, Стерјо беше професионален бач и овчар. Тој уште од мало дете го фрлил вургитот преку рамо, го зел крлукот во рацете и гајдата под мишка и се дури остаре и повеќе не можеше да оди тој пасеше овци и го преработуваше млекото. Овие денови Стерјо ги стави овците во бачилото и го преработи првото млеко, од кое направи сирење меко и јако, како и маст и урда. Затоа, мајка му на Котета во вургитот имаше само леб и кромид, оти друга храна на бачилото имаше колку ми сакаш.

Коте наврши 16 години и го пуштиле во Анадол на печалба. Тука во Анадол Коте останал 3 години и за цело ова време носел кал на двајца мајстори. Се работело секој ден, и недели и празници, од утро до вечер. По секое завршување на работата Коте ја чистел копанката од калта, како и мистриите и чеканите од мајсторите ги миел со вода. Ја земал торбата преку рамо и одел по куќите да пита леб за него и за мајсторите. Кога Коте се вратил дома по 3 години донесол 10 заштедени лири. Кога на вечерта на околу широката софра наседнаа со вкрстени нозе десетина постари мажи и го чекаа Петрета да отпочне да јаде, па да почнат и тие, тогаш Коте ги изваде 10-те лири и ги кладе на софрата. Петре, старешина на четириесетина души фамилија,

и стар на 80 години, ги зеде парите и ги кладе во мушаменото ќесе кое го држеше преку гуша обесено со гајтан, и како што беше вкрстен на софрата, стана простум, Котета го баци во челото и му рече: Блосоен да ми си. На другиот ден Петре отиде кај бегот и со 10 лири купи од него една нива.

Фамилијата на Петре ја сочинуваа: браќа, братучеди, синови, снаи и бнуци. Командувањето во фамилијата тој го имал во свои реце и неговиот збор во оваа фамилија бил и закон. Распоредот за работа го правел тој, и секој ден одредувал за наредниот ден кој каде ќе работи. Во својата фамилија имал одредено луѓе и за стални работи, како што беше Стерјо, под чија комјанда се одгледуваа овците, стадо од 250 глави. Спиро беше рибар. Целиот свој век го спроведе со рибарење и ловење риби од езерата. Јован имаше на располагање 3 коњи, тој се грижеше за снабдување со дрва, а летото кога се вршеа житата, тој командуваше со вршењето. Неколку мажи беа орачи и тие се грижеа за орањето, сеидбата, косењето на ливаѓето и жетвата. Во фамилијата на Петрета во амбарите новото жито се фрлаше на старо. Каците со сирење во секое време на годината беа полни, секој ден во куќата се расторвараа кошеви со риби. Тој имаше и отповеќе, кое го носеше на пазарот во Битола, Арнаутите немале смелост да му направат пакост.

Во неговата фамилија имало десетина млади момчиња, невести и чупи. За времето кога зимата ноќите се големи и по полските работи нема што да се работи, по вечерата секоја вечер младите внуци на Петрета се береа во големата одаја, чии греди од фојово дрво беа дебели и до 40 см во пречник, тие пееја песни, се фаќаа и во оро. Стерјо со гајдата секогаш бил на располагање, иако стар, ама и Петре се фаќал во орото. Петре се грижел за својата фамилија, ја бранел честа негова и на својата нација и вера.

Кога една зима, во снег до колена, варел ракија и младите невести и мажи со котли ја носеле комината на казанот и врвеле покрај кафеаната, неколку сејмени од бегот седеле во кафеаната, играле скамбиљ и зееле во младите и убави моми кои ја носеа комината и дофрлија неколку зборови. Петре уште веднаш дознал за муабетот на сејмените. Нареди веднаш да се

прекине варењето на ракијата. На другиот ден нареди во дворот да се ископа бунар, бунарот се ископа и со водата од бунарот неколку жени и мажи со ред од бунарот со кофи вадеа вода и го снабдуваа казанот и така ја довари прекинатата ракија.

Кога се обновуваше манастирот “Св. Јован Преспански” на тумбата Горица до Роби, тој го одреди Ѓорѓија со колата за целото време на мајсторите да им носи камење и вода. Беше иницијатор надгробната плоча на царот Самуил, која со векови била чувана во црквата “Пречиста” во Роби, да се стави на видно место: на влезната врата на манастирот.

Како секој ден и овој Коте ги пасеше овците по ридот, врв Илија, и свиреше со гајдата од татко му и на вечерта дома стигна доцна. Тој помина по улицата и под пенџерот од куќата на Благуна. Секоја вечер Коте врвеше под пенџерот за да се видат со Благуна го чекаше. Коте Благуна ја сакаше и без неа животот ќе му беше сиромашен и празен. Никој Котета не го праша што сака тој. Тука одлучуваше Петре, заедно со постарите мажи од фамилијата. Коте помина под пенџерот од Благуна, таа беше на пенџерот се опулија еден врз друг. Коте си замина задоволен за својата куќа.

Ја отвори големата порта од дворот и влезе внатре. Во дворот беа Петкана, Стефана, Ѓурѓа и други од младите моми и невести, и сите на појасите ги имаја џуфките од босиљок завиткани со црвено предено, а на нив шеќери. И исто ги имаа облечено и шарените наручиња, а на нив и гизви. Коте ги виде џуфките, се доближа до Петкана и и рече:

- Која ет сега оваа, сигурно ти си Петкано. Ајде, Петкано, да се ќердосаш и на моја глава да се врати.

Петкана го фати Котета за рака, му ја стисна раката рече:

- Ти се врати, готово ет, за тебе се џуфкуте. И продолжи. Сега, Коте, барај пајтони: дури во Езерени ќе не носиш. Лицето на Котета веднаш се спепелоса и рече:

- Какво Езерени, каде е тоа, сигурно е во езерото.

- Ама невеста ти свршија, многу била убава, додаде Ѓурѓа. Само ти барај пајтони да не носиш, оти без пајтони таму не ќе не примаат.

- Зошчо пајтони, одврати Коте, ако тоа е во езерото. За таму чунки требаат, а не пајтони.

- Не, се вмеша Стефана, било до Ресен и невестата се носела по градско. Сега и тебе ќе ти го смени рувото, ќе ти ја исфрли ќурдијата и ќе те облечи во градска облека. Кој ќе ги паси овците?

- Остајте ме, мори Стефано, од кај јас градска, мене ќе ме земи градска, овчар. Кажи, мори Петкано, која граѓанка досега зешла овчар? Таа сака да седи дома, кој ќе оди на нива. Петкана и Стефана Котета го фатија под рака и сите заедно отидоа дома, а на вечерта имаше голема веселба.

Доцна вечерта веселбата заврши и Коте си легна во постелата да спие. Тој од него не ја соблече ќурдијата, не ги соблече нити чорапите. Од испотените и неизмиени нозе на кои чорапите беа залепени на нив, го вјана миризба. Беше свикнат на оваа миризба, главата ја држеше покриена со козиненото веленце, ги затвори очите и пред него ја донесе Динка. Увава, и облечена во градска облека, онака како што му рече Стефана. Тој се исплаши кога пред него ја виде Динка убава и облечена во облека, замислена, а ја немал видено, и си рече: Таа мене кога ќе ме види облечен во ќурдија нема да ме бендиса. Го отфрли од главата веленцето и се заврти од другата страна. Срцето почна силно да му чука. Што ќе правам ако навистина како што рече и Стефана се носи со градска облека. Тоа ет вистина, Стефана не ме мами, нејзе и казал Митре. Тој ја виде. Како ќе изгледа тоа, градска облека и на свадбата сите ќе се пулат во неа како на мечка. Кога ќе оди на чешма за вода сите ќе излегваат да ја пулат и јас да ја пулам во градска облека. Коте, сето тоа не можеше да си го објасни, неговата невеста да биди облечена во градска облека, и тука во оваа голема фамилија која има десетина млади невести и чупи само таа да се носи во фустани. Умот од главата ќе му искочеше, сон не го фаќаше. Во

фустани нека се носи, ќе ги поноси малу и ќе ги смени, ами ако не знае да работи по полето, да праши, да жние, па можи и да не ќе сака да оди по поле, тогаш што ќе правам? Ништо, - рече Коте. Јас сум маж и нема да ја оставам да носи фустани. Си имаме ние наша носија. И таа ќе се облечи како нашите жени, и на нива ќе оди, ако не знае ќе се научи. И Петкана, Ѓурѓа и Стефана не знаеја ама се наукоа. Се откри, го избриша челото од потта што го имаше вјанало, се заврти во постелата, пак се покри и се обиде да заспие.

Коте ги стискаше очите, се мачеше да заспие и не можеше. Пред него беше Динка во градска облека и сега двајцата шетаа по чаршијата од Ресен, и веднаш му се изгуби. Зошто се сакавме со Благуна толку години и се сретна со Благуна пред нејзината врата и и рече: Не сум јас крив Благуно, мене никој не ме опита. Кога навечерта поминав под твојот пенџер и ојдов дома, џуфките ги најдов закачени на појасите на Петкана, Ѓурѓа и Стефана, и сега кој можи да излези пред Петрета, па да речи не ја сакам Динка, Благуна ја сакам. И Митре се сакаше со Мара толку години, ама Петре сам ојде во Граждено и го сврши за друга. Од оџак јас сакам невеста да донесам во мојата куќа, рекол Петре. Митре потупа малу и си легна на брашното. Пред Петрета кој можи да излези, Митре сам си потупа, сам си отупа. Целата ноќ Коте, се вртеше во постелата и не можеше да заспие, и колку во зори го фатил сонот и заспал, мајка му го разбуди. Ставај, му викна, теосуна, кога ќе одиш на бачило. Татко ти ќе те чека да му зајсиш леб?!

Тој ден Коте овците ги однесе високо на ридот и оттука целиот ден се пулеше кон Ресен. Коте пулеше многу села, ама кое е Езерени кој да му кажи. Многу ноќи тој не спиел и ги врвел со Динка и Благуна, а овците секој ден ги носел високо на ридот и долго ги пулел селата кај Ресен. На вечерта кога се враќал дома Петкана, Стефана и Ѓурѓа го задиркувале за фустаните и убавината на Динка, и за градската облека што ќе му ја сошијат за зет. Штом облечеш градска облека тие му рекоа, ќе треба и писар да станиш. Коте не се лутел на своите братучеди и тие кога беа сами зборуваа секакви шеги. Коте, еднаш се враќаше од овци и крлукот го имаше преку рамо. Петкана го виде и му викна: Ej ти, така не одат градските!

Коте почна да се застрамува и да се прибира, поубаво да се облекува, на уртото се миел со сапун, лицето го бришел со бела крпа. Петкана си зеде на себе да го искастри, така кога ќе оди кај "градските" да не е подолен од нив.

Петре сакаше свадбата да ја направи на Митровден поради тоа што тогаш се завршени полските работи, тогаш има и вино и ракија и поради тоа го пушти Митрета во Езерени да се договорат со сватот Дојчина. Митре да оди и во Ресен и да договори и неколку пајтони, поради тоа што свадбарите ќе врват низ повеќе села па да се види чија е свадба. Од Езерени Митре ќе продолжи за Битола, тука тој ќе одеше на кувенџија, да порача ќостеци, пафти, ѓердани и прстен за невестата. Коте и тој сакаше со Митрета да оди во Езерени и да ја види Динка. Ама кој го прашува Котета што сака Коте.

Динка ги испрати луѓето што ја свршија против нејзината волја, се врати дома со навирени очи и очите не ќерка си со навирени очи и овенато лице и срцето и се кинеше од жал, зашто не можеше да и помогне оти татко и ја даваше против нејзината волја, за човек кого не го видела и не го знае, туку само на зборот од зетот Димитрија и името на фамилијата на Петрета. Динка, повеќе пати на мајка си и рече дека во Роби не оди. Свршувачката за неа не е меродавна. Таа и рече дека е спремна да бега по Мартина и капарот на луѓето со време да му го вратат, оти да не мислат на неа и совреме за детето да си бараат друга невеста. Тврдото срце на Дојчина не попушташе. Дојчин велеше нека пули каде има парче леб, а не каде се мазни перката и мевот го виткаат со вител, Динка конечно се реши да бега по Мартина бегалка. Во една торба кладе неколку ситни алишта, и чекаше на него кога ќе се замрачи да помини покрај нејзината куќа, да потсвирни, таа да излезе на малото врате и да оди по него. Дојчиница сомневаше дека ќерка и ќе бега по Мартина и ја куландрисваше, и на пресудниот момент, на Динка и пропадна планот. Мајка и ја фати пред да го отвори вратничето, помеѓу ќерка и мајка настана кавга, Динка спрсна во езерото и во водата се фрли за да се дави. По неа потрча Дојчиница и братот Ефтим. Ефтим влезе во езерото по неа и ја

извади од езерото и со кола ја донесоа дома. При оваа положба, Дојчин попушти и се реши капарот да се врати назад и вршењето да се одврши.

Митре и Димитрија уште во зори се качија на коњите и ги потераа по патот за Езерени и Ресен. Кај ливаѓето од Наколец се сретнаа со Ефтима. Двајцата коњаници ги запреа коњите и слегоа од нив. Се поздравија со Ефтима, се вкрстија на ливадинката и ги извадоа кутиите со тутун. Завиткаа цигари и ги запалија, коњите ги оставија да пасат по зелената трева од ливадите, и Димитрија го опита Ефтима: - Ефтиме, ајрлија, каде си тргнал со торбата на рамо, таков далечен пат пешки?

Ефтим кинисал по патот и по пат ги опитвал патниците и аргатите по нивјето за селото Роби кој и самиот не го знаел. На Димитрија Ефтим му одврати и му рече: - Уту Димитрија, одам во Роби. Одам да му го вратам капарот и даројте, оти Динка не сака. Цела недела само плачи, а сега плачи и мајка и така ме пушчија да му го вратам капарот и даројте. Димитрија смирено го слушаше Ефтима, и кога Ефтим заврши и му рече: - Станвај и кинисвај пред нас, на Митровден прајме свадба, знае Динка што е добро, а што не.

Тоа го рече Димитрија и сега тројцата заедно го продолжија патот за Езерени.

На денот на Митровден, уште од зори кумот го наостри бричот на дебелиот ремен, го сапуниса лицето од Котета и ги собра ретките влакна од реткото лице. Петкана, Ѓурѓа и Стефана како и другите поседалки околу зетот пееја свадбарски песни. Со бакарниот ибрик Петкана му потури вода на Котета и тој се изми и Петкана му рече: - Сега Коте ќе те видам кај “градските”, а Коте: Ќе ме видиш Петкано, ќе ме видиш, и тие ќе ме видат, - одврати насмеано Коте. – Неколку пајтони со зетот и сватовите тргнаа по патот за Езерени, а барјакот со бела шамија и црвено јаболко на дрвото уште оддалеку се пулеше.

Убавата панорама на долгиот пат на брегот од езерото, пат долг 30 км Котета не го возбудуваше. Тој не се возбуди нити од пајтоните и од жолтите зингурки на коњите кој по целиот пат

sвонеа, а тој првпат беше се качил на пајтон. Целото време Коте се мислеше за Динка. Дали таа ќе биди убава како што рече Митре, и дали ќе биди поубава од Благуна, како ќе изгледа облечена во фустаните. Овие мисли него го мачеа и од време на време и ќе издивнеше. Младите свадбари се преправаа пијани, картите со вино ги креваа високо и пееја свадбарски песни. Гајдаџиите и тие целиот пат свиреа со гајдите. Малите деца од селата по кои врвеа свадбарите одмаваа со рацете по нив.

Пајтоните со сватовите стигнаа во Езерени и големата врата од дворот широко се отвори за да влезат сватовите и зетот. Сите сватови од кај невестата се тргнаа и сите сакаа да го видат зетот. Неколку млади мажи опасани во бели месали ги пречекаа сватовите, едни од нив ги земаа и ги местеа коњите под тремот и им фрлаа сено да јадат.

Коте облечен во зетовско руво што му го сошил стрико му Ристо, и како самиот беше убав, кога слезе од пајтонот на насобраните свадбари што го чекаа да го видат му го запре здивот, а пријателките на Динка сите ги фрлија зилје за убавината на Котета и за нејзината среќа да земи толку убаво момче. Една од нив рекла: - Да ме земе мене, веднаш одам по него. Коте беше убав и привлечен и секоја чупа можеше да биди занесена од него.

Сватовите наседнаа на долгите трпези, Дојчин и Петре ја зедоа погачата да ја кршат и секој се трудеше да скрши поголемо парче погача. Така беше редот. Сватовите и од двете страни ги силеа и му викаа, абре, абре, секој на својата страна. Побратимите ја зедоа торбата со невестинските дарови и отидоа во кералот за да и ги дадат даровите. Нив ги запреа поседалките и по кратко пазарење, побратимите од џепот извадоа по еден грош и вратата беше отворена.

На очите на Динка уште имаше солзи. Таа го облече невестинското руво, против нејзината волја и се оддаде на самата среќа. Една нејзина пријателка која го виде Котета кога слезе од пајтонот, се втури кај Динка и и рече: - Динко, слекувај го рувото и дај ми го јас ќе го облечам место тебе, јас ќе одам за Котета. Зошто да плачиш, земи си го Мартина и остани во

Езерени. Мене не ми е важно Езерени, важен ми е тој што ќе го земам и со него ќе живеам целиот живот. – Динка ја чу пријателката и се вкамноса, не знаеше што да и одговори. – Што чекаш, пак рече младата чупа. Слекувај го рувото и дај ми го да го облечам јас и да се сторам невеста место тебе.

Зборовите на младата чупа во срцето на Динка родија надеж. Онаа Динка која за цело време плачеше и се спремаше да бега по Мартина, и за малку ќе го прекинеше животот, сега наеднаш пред неа и се појави човек каков сакаше да има, пред неа застана човекот и таа веднаш се вљуби во него. И малуто време што и преостана, сега се претвори во ден, месец, година. Динка сакаше да го виде Котета, па да поверува и на нејзините очи.

Во дворот се кладе голема погача и на неа чаша со вино, околу неа наседнаа најблиските роднини од невестата. Сите тие во чашата фрлија кој грош, кој петаче, дури од чашата почна да се претура виното. За ова време гајдите свиреа, а младите езеренски ергени виеја оро. Невестата на своите најблиски роднини на рамо им калваше дарови. Кумот ја зеде чашата со вино ја тури во раката од невестата, виното се изли, парите останаа во раката, некои петачина паднаа од раката и ги собраа малите дечања. Кумот од џепот изваде еден грош и ја дарва невестата. Таа му баци рака. Гајдаџиите ја свиреа песната "Ќерка од мајка се дели", кумот нареди невестата да се смести во пајтонот, сватовите ги чукнаа грнињата и наздравија, пајтоните тргнаа за Роби.

По патот на враќање крз селата по кој врвеа свадбарите, пријателите на Петрета излегуваа на патот и со полни грнија со вино му ја честитаа свадбата, така што дури стигнаа во Роби, главјето ги врзаа и по целиот пат пееја и рацете со грнчињата ги креваа високо.

По долгиот пат од брегот над езерото, пат долг, бескраен пат, Динка се возеше во пајтонот и од неа од едната страна седеше Коте, а од другата побратимот Коте Германски, така што таа седеше меѓу два Котевци и не знаеше кој е нејзиниот Коте. Свадбарските песни и веселбата на нејзината придружба како и синозелените и мирни води од езерето со безброј езерски

пилиња, кои се бркаа низ водите од езерото, а понекогаш исплашени од вревата на свадбарите во булици лазеа и ја пласкаа водата. Динка не можеа да ја расположат. Нејзиното срце и сега беше стиснато. Овој пат таа се наоѓаше во најлошото: од двајцата Котевци кои седеа до неа и сега Динка не знаеше кој ќе биде нејзин маж. Таа претпазливо и со дикат под превезот се потпулваше во едниот и во другиот и си велеше: "Да е овој, да е оној", и не можеше да открие кој е нејзиниот Коте.

Триесет километри пат таа со дикат се потпулваше под превезот и како Коте беше поубав од побратимот таа си рече: "Како не ет оној поубавиот ќе бидам најсреќна на светот". Таа сега и без да сака очите и се вртеа кај поубавиот Коте, и сакаше само да го пули. Таа дури и се вљуби во него: Што ќе правам ако тој не ќе ми биди маж и ми биди оној другиот, подобро да не го видев, дури тогаш ќе бидам најнесреќна во светот. Се окуражи малу и си рече: "Зошто другарка ми ми рече во кералот соблекувај го рувото, јас ќе одам место тебе по него, можи и мојте очи поинаку гледаат". И го изваде шамичето да ги исчисти очите. Коте и тој подоко се потпулваше во Динка. Превезот и го криеше лицето и Коте не можеше да и го види. Да беше сам со неа во пајтонот ќе и го тргнеше превезот и ќе ја видеше, и неговото срце беше стиснато. Достојниот став на Динка и нејзиниот однос Котета го заплени, тој си рекол: таква жена сакав јас, а не како Благуна, ко лапајца, само зборува и заборави на лицето на Динка кое не можеше да и го види. Зошто ја сакав толку години Благуна и само на неа мислев, и Коте беше среќен, а Динка како сега да ја одбираше среќата. Коњите брзаа, патот нејзе не и врвеше и се чинеше дол, бескраен.

На патот кај Горица на два километри од Роби беа дојдени млади ергени и моми за да ја видат невестата која ќе беше облечена во градска облека. Динка не беше облечена во фустани како што му рекоа на Котета, не беше нити во волнени шегуње, како што се носеше во Роби, таа беше облечена во минтани. Кај големата црничка на влезот за Роби, пајтоните со невестата запреа. Свекрвата на главата на невестата и кладе бела риза и ја баци во челото. Пред вратата од црквата

пајтоните запреа, невестата слезе, слегоа и другите свадбари. Тука имаше многу луѓе кои чекаа и сите заедно влегоа во црквата. Кога Динка слегла од пајтонот и ногата ја клала на земјата се прекрстила и си рекла: “Како не имам среќа маж да ми биде оној поубавиот. Ако тој не ми биди поарно да не живеам.”

Венчавката ја изврши попот Димитри во црквата пред олтарот, тој ги построи младите, онака како што е ред. Го кладе прво Котета и му рече: - Ајде Коте земи си ја до тебе невестата!

Коте ја фати Динка за рака, до нив ги кладе побратимот и кумот. Коте ја фати Динка за рака и по снагата од Динка како да помина нешто што Динка ја направи најсреќна во светот. Нејзиното срце почна силно да чука од радост, и уште што не извика: - Ќе го сакам, ќе го сакам од се срце ќе го сакам, и ќе му бидам негова за целиот живот. Ќе ја сакам и неговата мајка, жената што роди човек мене да ме усреќи за целиот живот. Ќе ги сакам и сите оние кои го изгледаа и го порастија, ќе ја сакам и сестра ми Дољa која беше причина да дојдам во Роби.

Зашто плачев толку време и на моите родители им праев само расправии, толку пати мајка ми се караше со татко ми и со недели седеа лути за мене, - така си мислела Динка за време на венчавката. На средселото беше поставена цела трпеза од софри и под нив рогозини и килими на кои сите постари гости наседнаа и ги скрстија нозете, а на долниот крај на трпезата простум застанаа зетот и невестата.

Кумот седеше на чело, а пред него на трпезата имаше голема печена јагула и завиткана во тепција и во устата црвена плотица со шеќер. Целата трпеза беше преполнета со печени мрши од кои гостите со раце го кинеа месото и се служеа. Измеџиите со бели месали опасани на нив им даваа грнинја со вино на наседнатите гости и на оние кои наоколу од трпезата седеа простум.

Кумот од џепот извади чиста шамија и ја рашири на трпезата, од мушаменото ќесе изваде една лира и ја потфрли на шамијата и рече да се ќердосаат. Сите присутни на кумот му честитаа и

му рекоа да ти се плодат и секој го изваде мушаменото ќесе и откога ги одвиткаја гајтаните од ќесето еден по еден на шамијата фрлија кој грош, кој петаче, а имаше кои фрлаа и меџидии.

Кумот ги собра парите и откога ги изброи ги врза во шамијата, стана, отиде кај невестата и и ги даде нејзе. Невестата му баци рака. Потоа тој го фати за рамо Котета, невестата по нив, Петкана, Стефана, Ѓурѓа и кумот го заводи орото и сите со ред се редеа еден по еден. Околу орото се насобра многу народ и го стеснаа орото, на гајдаџите сите им фрлаа пари.

Кумот рече доста и сите заедно тргнаа за куќата на Котета. Измеџиите и уште неколку други мажи ги кренаа на рамо софрите и рогозините и килимите и ги однесоа дома. Тие ги кренаа котлите со вино, сирењето, јаболката и другите работи што ги донесоа селаните на водата.

Кога невестата влегуваше во дворот кај Котета беа отворени и двете страни на големата врата, а кога стигна пред вратата од куќата пред неа се построија петнаесетина мали дечиња. На сите овие деца невестата му даде кому чорапчиња, кому футиња.

Свекрвата излезе од куќата а на глава со едната рака ја поткрепуваше погачата кладена во сито, а со другата сипеше шеќери и леблебии. Три пати заврти околу младите и нешто зборуваше. Невестата од својот џеб изваде шамија со шеќери и шеќерите ги расфрла меѓу луѓето и ги собраа шеќерките. Невестата пречекори за да го премине прагот, го турна со ногата грнето кое беше пред неа и влезе во куќата. Во исто време кога таа влегуваше во вратата од куќата, на вратата двајца мажи држеа јарем и таа помина под јаремот.

На вечерта, на свадбата имаше многу гости од селото и од околните села.

Побратимите, тие водеа грижа за младите. Тие им донесоа јадење и кога на гостите му кладоа вечера тогаш младите ги оставија сами во ќералот како што беше редот.

Во ќералот постелата беше наместена. Динка се настрани и почна да се соблекува, на неа остави само здолниште. Коте и тој се соблече и се доближи до Динка и и се пулеше во лицето и очите, ја гушна и ја баци, па легнаа во постелата и пак се гушнаа, и се бацуваа и се гушкаа, а тоа се претвори во љубовна игра која траеше повеќе од еден час.

Побратимите од задоцнувањето почнаа да се загрижуваат, се плашеа да не ет нешто во врска со честа на невестата. Почнаа да тропаат на вратата, Коте со невестата станаа, се облекоа и ја отвориј вратата. Побратимите влегоа во ќералот и ја побараа кошулата да ја видат честа. Коте им ја даде кошулата испрскана со крв. Побратимите задоволни веднаш ги повикаа најблиските роднини за да видат и тие, оти можеше да се случи, што е тоа многу редок случај во Преспа, невестата да не е чесна па на другиот ден да ја вратат кај татка си качена на магаре. Кога вечерата заврши и сите гости вечераа младите излегоа од ќералот и отидоа во големата одаја, во која беше и кумот.

Кумот стана веднаш го фати Котета за рака а невестата до него и орото започна. Во орото, ако стар, ама се фати и Петре, по него и сите најблиски роднини. На Стерја му обесија еден голем ѕвонец и на сите што беа во орото им обесија венци од кромид, низи од пиперки и клјукашки, а на свекрвата и ја запалија шамијата. Неколку мажи во одајата донесоа едно теле и го кладоа да го коли кумот, кумот се повлече од орото и од побратимите побара да ги донесат и да ги кладат на трпезата сите работи кои останаа од водата на сретселото. Тој бараше да се донесат печената јагула, печените мрши, медот, јаболката и се друго. Кумот беше строг. Зеде јаже и на побатимите им се закани дека ќе ги беси ако не ги донесат работите. Тој им нареди на ражен да му испечат грав и да му го донесат, во спротивно ќе ги беси. Побратимите донесоа грав печен на ражен и сите работи од сретселото и се отпочна веселбата која траеше до зори.

ЗА АФТОРОТ

Коста МУНДУШЕВ е роден 1914 год. во село Роби, Мала Преспа (Грција) во земјоделско семејство. Основно образование завршува во родното село. Од октомври 1940 до април 1941 год. во грчката армија се бори на првата линија против Италијаните во Албанија. Во 1943-1944 год. активно се вклучува во движењето за ослободување и го помага. Во 1944 год. остана инвалид од десната рака од експлозија на бомба. Во Граѓанската војна во Грција, од мај 1947 год. активно се вклучува во редовите на ДАГ и се бори се до нејзиниот пораз. Во август 1949 год. заедно со други припадници на ДАГ преминува во Албанија, а оттаму се префрлува во НР Полска.

Таму, во почетокот работи во земјоделско стопанство, а есента 1950 год. се вработува во ф-ка за машини за рударството, во градот Ваубжих. Овде вонредно завршува среднотехничко училиште, машински отсек, истовремено работел како технолог. Како Македонец, копнеел за родниот крај.

Во Југославија доаѓа во 1956 год. Во Битола се врабоува во Ф-ката за фрижидери "Георги Наумов", каде работи како технолог. Во 1962 год. преминува во "Металец" – Битола и работи како шеф на техничка подготовка и производство. Овде е награден со Орден на трудот со сребрен венец. Во 1971 год. преминува во Струга и работи како шеф на технолошко одделение и производство во Ф-ката за емајлирани производи "Борис Кидрич". Во 1976 год се пензионира.

СЕГАШНОСТ И ИДНИНА ВО СТОПАНСКИОТ РАСТЕЖ НА ПРЕСПА

ПРЕСПАТЕКС

Текстилната фабрика “Преспатекс” своите први чекори ги започна во 1958 година, како мала шивачка работилница, со 18 работници. Ентузијазмот на вработените и желбата да се успее овозможи постојан подем. За десетина години развој и напредок таа прерасна во една од најпознатите текстилни фабрика во Македонија за производство на вештачко крзно со нова технологија на производството. Денеска производниот капацитет на оваа најголема фабрика на подрачјето на Преспа изнесува десет милиони м вештачко крзно и 1.200 тони годишно полипропиленски влакна.

Со модерна технологија и современа организација на производството, како работна организација, во составот на оваа фабрика влегуваат четири ООЗТ и тоа: Крзнара, Конфекција, Хемиски влакна и Работна заедница Заеднички служби.

Во 1982 година, како посебна ООЗТ, кон неа се присоедини Туристичката населба “Отешево”.

По основни организации Преспатекс ги има следните видови производи:

1. Во ООЗТ Крзнара

- поставно крзно за конфекција,
- крзно за чевларска индустрија,
-декоративно крзно за домаќинството,
- крзно за изработка на детски играчки,
- крзно за изработка на машки и женски бунди,
- крзно за изработка на автопреслеки,
- флиз – вата за постава на разни конфекциски производи и за примена на индустријата за мебел.

2. Во ООЗТ Конфекција

- детска конфекција
- женска конфекција,
- автопреслеки,
- ХТЗ-опрема
- болничка опрема,
- работни облеки,
- готвачко-пекарски работни облеки, мантили и друго.

3. Во ООЗТ Хемиски влакна

- ПП-влакна со намена за сите подрачја на текстилната индустрија,
- ПП-рафија,
- амбалажна ПП-ткаенина,
- ПП-вреќи.

4. ООЗТ – Туристичка населба Отешево, располага со хотели од Б-категорија со вкупно 750 легла, а во својот состав и ловен резерват, ски-лифтови и жичница како составен дел на зимскиот туристички центар.

Позната и призната како една од најголемите и квалитетни производители од ваков вид во нашата земја и Европа, РО "Преспатекс" – Ресен своите реномирани производи ги пласира на домашниот пазар и во 17 други држави.

Претставништва на "Преспатекс" се наоѓаат во Скопје, Бања Лука, Љубљана и други места во СФР Југославија.

Развојните планови на "Преспатекс" се насочени кон проширување на постојните капацитети, зголемување на производството, добивање нови видови производи преку усовршување на технологијата врз основа на употребата на научните достигања и во оваа индустриска гранка.

АГРОПЛОД

Пулсот на постојаниот растеж на младата индустрија во општината Ресен најмногу се чувствува низ неколку индурстиски капацитети. Меѓу нив посебно се истакнува

индустрискиот комплекс на Работната организација "АГРОПЛОД", позната по своето производство и преработка на прехранбени производи и промет со увоз и извоз на стоки.

Во составот на оваа општопозната и ширум земјата реномирана работна организација се наоѓаат пет ООЗТ и работна заедница.

1. Во ООЗТ Прехранбена индустрија се инсталирани шест производно-преработувачки линии, кои, секоја за себе, претставуваат посебни фабрика, а тоа се:

- за преработка и пакување на кафе;
- за преработка и пакување на кикиритки, разни зрнести производи и зачини;
- за производство на Ресана-бисквит, со разни вкусови на желе и чоколадирани;
- за производство на снек-производи, чипс, флипс, реско и помфрит;
- линија за миење, лупење, печење, мелење и гранулирање на разни зрнести производи (лешник, бадем, кикиритки и друго).

Годишниот капацитет на оваа ОЗТ изнесува 15.000 тони разни прехранбени производи.

2. ООЗТ Живинарска фарма. – Фармата располага со капацитет од 240.000 носилки со годишно производство од СТА 5.000.000 конзумни јајца.

Во рамките на фармата има погон за тов на курпен добиток ССА 3.000 грла јунци.

Фармата располага и со сопствено стадо на овци од 600 грла.

3. ООЗТ Овошен насад со ладилници. – Оваа ООЗТ располага со 1.000 хектари површина под овоштарници, вишнов насад, лозја и други плодни површини – ниви и пасишта.

Организацијата располага со современ ладилник со нормална и контролирана атмосфера, со капацитет од 1100 вагони.

4. ООЗТ Агроплод-промет. – Оваа ООЗТ, покрај дирекцијата во Ресен, има раширена прометна мрежа на претставништва и стоваришта во Скопје, Белград, Загреб, Сараево и Љубљана. Покрај тоа, врши промет во земјата и во странство.

5. ООЗТ“Преспатурист”, - располага со хотели, ресторани, киосци, кафеани во Ресен и некои населби, нов хотел во Труистичката населба “Претор” и новиот автокамп во с. Крани на источниот брег на Преспанското Езеро.

Производите на “Агроплод” – Ресен се нашироко познати и мошне барани во нашата земја. Тоа, и употребата на современа технологија на производство и организација во работата се најдобрата гаранција за натамошниот растеж на овој перспективен индустриски комплекс, што напоредно претставува и гаранција за подемот и на општината Ресен.

ИПОЗ “ПРЕСПА”

Работната организација Индустрија за преработка на овошје и зеленчук “Преспа” (ИПОЗ “Преспа”) со седиште во Царев Двор, Ресен е помлада индустриска гранка. Со редовно производство за домашниот и странскиот пазар почна да настапува од 1984 година.

Нејзината основна дејност е преработка и конзервирање на овошје и зеленчук, а дополнителна дејност – производство на ракија и сточна храна, како и промет со земјоделски машини, алатки, вештачко ѓубре и друго.

Најзастапена суровина што се преработува е јаболкото, а потоа вишна, праска, кајсија, боровинка и друго. Финалниот производ – концентриран сок од јаболко, застапен е со 70% од вкупното производство. Тој е наменет исклучиво за извоз на конвертибилното подрачје, а останатите бистри и кашести сокови се пласираат на домашен пазар.

Фабриката, во текот на една година, преработува околу седумнаесет илјади тони суровина, од кои петнаесет илјади

тони отпаѓа на јаболка и од тоа се добива околу 4.500 тони концентрат и сок.

ИПОЗ “Преспа” работи на база на најсовремена технологија во производството од оваа индустрија. Благодарение на високиот квалитет на нејзините производи, тие мошне успешно се пласираат на домашниот и странскиот пазар. Нејзиниот физички обем на производство годишно се зголемува за околу 15%.

Во својот развоен план фабриката е свртена кон збогатување асортиманот на производите и зголемување на постојните капацитети за преработка, а со тоа и на производството.

Прочуеното преспанско јаболко, квалитетот на производите и нивната побарувачка на пазарот се најдобрата гаранција за успешниот од на оваа фабрика.

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

1.Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1948 год.), од Ристо Кирјазовски.
2.Време на зреење од Иван Кантарџиев.
3.Егејска Македонија во НОБ 1946 том III – Ристо Кирјазовски, Тодор Симовски.
4.Егејска Македонија во НОБ 1947 год. том IV од Ристо Кирјазовски, Тодор Симовски.
5.Дневник на Стојан Глоговац – комесар на Македонско-Косовска бригада, стр. од 7-12 декември 1943 г. и од 23-25 април 1944 година.
6.Вистината за Егејска Македонија од Ристо Андоновски.
7.Хронологија на Народноослободитлната борба во Егејскиот дел на Македонија 1945-1949 година од Сојузот на борците од НОБ на Македонија, Републички одбор.
8.Битолските народноослободителни одреди од Друштвото за наука и уметност – Битола.
9.Како стигнавме до последните борби, од ген. Кикицас, генерал на ДАГ.
10. Искажување на борци од ЕЛАС и ДАГ: Митре Дупчинов, Томе Боглев, од с. Герман.
11. Искажување на население од Роби: Крстин Секулов, Васил Бечков, Начо Секулов, Трајко Бакушев, Коте Граматников од Рудари, Филип Ангеловски од Попли, Велика Анѓеловска од Попли, родена во селе Аил.
12. Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1948 год.), од Ристо Кирјазовски.
13. Време на зреење од Иван Кантарџиев.
14. Егејска Македонија во НОБ 1946 том III – Ристо Кирјазовски, Тодор Симовски.
15. Егејска Македонија во НОБ 1947 год. том IV од Ристо Кирјазовски, Тодор Симовски.

16. Дневник на Стојан Глоговац – комесар на Македонско-Косовска бригада, стр. од 7-12 декември 1943 г. и од 23-25 април 1944 година.
17. Вистината за Егејска Македонија од Ристо Андоновски.
18. Хронологија на Народноослободитлната борба во Егејскиот дел на Македонија 1945-1949 година од Сојузот на борците од НОБ на Македонија, Републички одбор.
19. Битолските народноослободителни одреди од Друштвото за наука и уметност – Битола.
20. Како стигнавме до последните борби, од ген. Кикицас, генерал на ДАГ.
21. Искажување на борци од ЕЛАС и ДАГ: Митре Дупчинов, Томе Боглев, од с. Герман.
22. Искажување на население од Роби: Крстин Секулов, Васил Бечков, Начо Секулов, Трајко Бакушев, Коте Граматников од Рудари, Филип Ангеловски од Попли, Велика Анѓеловска од Попли, родена во селе Аил.

КРАТЕНКИ

АФЖ АНТИФАШИСТИЧКИ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ
ГШ ГЛАВЕН ШТАБ
ДАГ ДЕМОКРАТСКА АРМИЈА НА ГРАЦИЈА
ЕАМ НАЦИОНАЛЕН ОСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ
ЕДА ГРЧКА ДЕМОКРАТСКА ЛЕВИЦА
ЕЛАС ГРЧКАНАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА АРМИЈА
ПОН НАЦИОНАЛНА СЕГРЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЛАДИТЕ
ПГ ЗЕМЈОДЕЛСКА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА
ИБ ИНФОРМБИРО
ЕППЕ ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ БЕГАЛЦИ ОД ГРЦИЈА
КЗ КРИВИЧЕН ЗАКОН
КОЕМ КОМУНИСТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАКЕ ДОНЦИТЕОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА
КПГ КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА
КПЈ КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА НА ЈУГОСЛАВИЈА
КПМ КОМУНИСТИЧКАПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
МАИ ЕДИНИЦИ ЗА ЗАШТИТА НА ВНАТРЕШНОСТА
НРМ НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НОВ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈСКА
НОД НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ
НОМС НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН МЛАДИНСКИ СОЈУЗ
НОФ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ
ООН ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ
ПБ ПОЛИТБИРО
ПДВ ПРИВРЕМЕНА ДЕМОКРАТСКА ВЛАДА НА ГРЦИЈА ФОРМИРАНА 1947 ГОДИНА НА ГРАМОС, КОЈА НИКОЈ ДРУГ НЕ ПРИЗНАВА ОСВЕН ТАА САМАТА СЕБЕСИ.
ПЕЕА ПОЛИТИЧКИ КОМИТЕТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕ
ПЗ ПРИНУДЕН ЗАКОН
СНОФ СЛАВЈАНОМАКЕДОНСКИНАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ

УДБ	УПРАВА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
ЦК	ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ
ЦС	ЦЕНТРАЛЕН СОВЕТ.